**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# ОДНОСОТ НА ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ КОН ТУРЦИЈА ВО ВРЕМЕТО НА МУСТАФА КЕМАЛ АТАТУРК

- МАГИСТЕРСКИ ТРУД -

Ментор:

Проф. Д-р Маргарита Пешевска

Кандидат:

Аќиф Селман

Скопје, 2011

***"Не добиваме инспирација од небото и непознатото, туку директно од животот" – Мустафа Кемал Ататурк***

# СОДРЖИНА

**Вовед** ..........................................................................................................5-8

**1. Животот и делото на Мустафа Кемал Ататурк** ..........................................9

1.1 Потекло, школување и формирање на личноста ..................................9-17

1.2 Почеток на Младотурската револуција ................................................17-23

1.3 Мустафа Кемал во Младотурската револуција ...................................23-30

1.4 Мустафа Кемал и Јане Сандански во Солун и Цариград ...................30-36

1.5 Сличности помеѓу Мустафа Кемал и Јане Сандански .........................37-38

**2. Учеството на Мустафа Кемал во Балканските војни и Првата светска војна** ..........................................................................................................39

2.1 Турција во времето на Балканските војни и Првата светска војна ..39-42

2.2 Турција во времето на Ататурк по Првата светска војна ..................42-44

2.3 Учество на Мустафа Кемал во Првата светска војна .........................44-49

2.4 Воените операции и битката кај Галиполе ...........................................49-55

2.5 Мировните договори по Првата светска војна ....................................55-56

**3. Развојот на Турција помеѓу двете светски војни** ....................................57

3.1 Турското национално ослободително движење ..................................57-61

3.2 Договорот во Севр ...................................................................................61-62

3.3 Продолжување на преговорите и борбите ...........................................62-63

3.4 Ослободителна војна ...............................................................................63-65

3.5 Прогласување на Републиката ...............................................................65-67

3.6 Лозанската конференција и нејзините одлуки ..........................................67

3.7 Донесување на Одлуките .........................................................................68-71

**4. Владеењето на Мустафа Кемал Ататурк** ..................................................72

4.1 Настаните по договорот во Лозана ........................................................72-76

4.2 Обид за атентат на Ататурк во Измир ..................................................76-77

4.3 Во потрага по ново политичко уредување ............................................77-79

4.4 Турција во политиката на влијателните светски држави помеѓу двете светски војни Франција, Велика Британија, Австро Унгарија и Русија, Италија и Германија (1918-1940) ................................................................80-85

**5. Реформите на Мустафа Кемал Ататурк ..............................................86-87**

5.1 Значењето на отварањето на Големото Турско Народно Собрание ..........................................................................................................................87-92

5.2 Правните реформи, економските реформи и женските права..........92-94

5.3 Реформите во образованието и културата ...........................................94-95

5.4 Забраната на калифатот .........................................................................96-97

**6. Противниците на ататуркистичките реформи ..................................98-103**

6.1 Коментари за ататуркистичките реформи .......................................103-106

6.2 Турција во политиките на влијателните светски држави помеѓу двете светски војни ..................................................................................................107

6.3 Турската надворешна политика на Балканот ..................................108-112

6.4 Турската надворешна политика (1938-1960) ....................................112-115

**7. Значењето и влијанието на Мустафа Кемал Ататурк за современата турска држава ..........................................................................................116**

7.1 Личноста на Ататурк ..........................................................................116-118

7.2 Смртта на Мустафа Кемал Ататурк .........................................................119

7.3 Значењето на Мустафа Кемал Ататурк .............................................120-123

**Заклучок ..................................................................................................124-134**

**Прилог карти ..........................................................................................135-137**

**Користена литература ............................................................................138-141**

# Вовед

Целта на овој труд е да ни ја претстави Турција во времето пред и за време на владеењето на Мустафа Кемал Ататурк, како и за неговото влијание кое што успеал да го наметне со цел да ја направи Турција модерна, европска, демократска, но и секуларна држава.

Мојот интерес за оваа тема произлезе имајќи ја поврзаноста на Република Македонија и Република Турција, како историски, така и блиските односи што ги имаат денес, како и пријателскиот однос на Република Турција кон Република Македонија. Но и затоа што Република Турција, ја има признато Република Македонија под уставното име, и секогаш во меѓународната политика е еден од најголемите поддржувачи на Република Македонија. Се разбира таа поддршка не е само на меѓународно поле и во меѓународната политика и светските институции, туку наоѓа свое место и во економската политика на Република Турција кон Република Македонија. Исто така би сакал да го истакнам и потеклото на големиот Мустафа Кемал Ататурк кој е роден во Македонија, а дел од неговите корени по таткова линија потекнуваат од селото Коџаџик, кој се наоѓа во областа Жупа, дебарскиот крај од каде што потекнувам и јас и моето семејство.

Дел од трудот ќе го опфати животот на Мустафа Кемал, неговото образование како и воената кариера. Највжниот период кој што ќе биде обработуван во трудот ќе биде периодот помеѓу двете светски војни, односно периодот кога се случиле најважните настани за Турција, а кои имаат допирни точки со интересот на нашата тема. Тука ќе бидат опфатени сите реформи кои се обидувал и ги спроведувал Мустафа Кемал Ататурк, потоа сите војни и мировни договори кои имаат сериозно значење и влијание за развој на турската држава во иднина.

Исто така, тука ќе бидат разгледувани прашањата за односот на влијателните држави во светот во однос на надворешната политика и нивниот однос кон Турција, нивните дипломатски игри, нивните интереси и слично. Особено внимание ќе посветиме на односите на Турција со

Велика Британија, Соединетите Американски Држави, Франција, Русија, Италија и Грција.

Посебно внимание ќе посветиме и на односите помеѓу Република Грција и Република Турција, особено за нивниот вооружен конфликт, заедно со сите воени операции и мировни договори и надмудрувања. Особено затоа што дел од овие случувања имале директно влијание на делот на Егејска Македонија, затоа што токму овие воени дејствија допринеле, таму, во Егејска Македонија да се насели население со што дефинитивно ќе го промени етничкиот состав на населението, а тоа понатаму ќе предизвика сериозни последици над македонското население кое што живеело во тоа подрачје.

Од друга страна исто толку важно е и влијанието кое го оставил Мустафа Кемал Ататурк на современата турска држава, имајќи ги во предвид последните случувања во Република Турција и воопшто во арапскиот и муслиманскиот свет за односот на религијата и политиката, и тенденциозното враќање на некои религиски појави против кои Кемал Ататурк толку многу се бореше и сакаше да бидат што подалеку од Турција како држава.

Заклучните согледувања треба да ни дадат одговор на клучните прашања во однос на надворешната политика на странските држави кон Турција, но и за значењето, делото и големината на големиот турски државник, политичар и како што го нарекуваат татко на нацијата, и неговото значење за турската држава.

Во истражувањето и во обработката на предметната материја ќе се применуваат научни методи што наоѓаат секојдневна примена во истражувањата во областа на општествените науки. Со оглед на карактерот на предложената тема за магистерски труд, теоретските истражувања особено преку историскиот, аналитичкиот, компаративниот метод и интердисциплинарниот метод.

Значи предмет на истражување во трудот ќе биде животот и делото на истакнатиот турски генерал, државник Мустафа Кемал Ататурк, за неговото учество во Младотурската револуција, за неговиот ангажман од

Турција да направи модерна држава, држава која нема да биде зависна од странските држави и дипломатии. Се разбира ќе биде дадено и делото на Кемал Ататурк во однос на надворешната политика, како и неговата големина во преговорите кои се одвивале во тој период. Вниманието ќе биде насочено кон одредени поглавја кои ќе бидат третирани во трудот, а ќе имаат за цел подобро согледување на надворешната политика на Турција, како и односот на повлијателните меѓународни држави и нивниот однос кон Турција.

На почетокот ќе биде даден краток преглед за Турција како држава, во времето пред Мустафа да се појави на историската сцена, каде индирекно ќе биде прикажана состојбата во која се наоѓала Османлиската империја, потоа за животот и делото на Мустафа Кемал Ататурк, од неговото доаѓање на историската сцена па се до неговата смрт во 1938 година. Значи ќе биде објаснето за потеклото и школувањето на Мустафа Кемал, како и за неговото учество во Младотурската револуција, Балканските војни како и за Првата светска војна. Прашањата на кои што ќе се обрне вниманиеќе биде конкретно за односите на Турција со моќните европски држави, со Соединетите Американски Држави и со Русија, како и со соседните држави на Турција. Секако сето тоа ќе биде разгледувано во рамките на општествените случувања во периодот во кој што биле употребувани.

Исто така, ќе дадеме и краток осврт на Младотурската револуција, како и за Балканските војни и Првата светска војна, од аспект на учеството на Мустафа Кемал Ататурк во сите тие настани и случувања. Вниманието особено ќе биде насочено кон периодот помеѓу двете светски војни, каде што ќе биде разгледано прашањето за турското национално-ослободително движење, потоа за борбите со странските војски за враќање на изгубените територии од времето на Османлиската Империја, односот на Мустафа Кемал со македонското револуционерно движење, како и неговиот однос со македонскиот револуционер Јане Сандански.

Посебно ќе биде разгледана Турско-грчката војна, како и мировните договори кои се случувале во тој период, а особено внимание

ќе биде посветено на Лозанската конференција и нејзините одлуки. Притоа посебно внимание ќе посветиме и на одредбите од мировните договори, особено оној за преселувањето на грчкото население од Турција (Смирна, Ефес и други градови) во Грција, односно на територијата на Егејска Македонија, и што тоа значело за населението кое веќе живеело на територијата на Македонија. Тука ќе ги поврземе работите со денешниот однос на Република Грција во односите со Република Македонија и какви последици има сето тоа на денешните меѓудржавни односи, помеѓу овие две држави, но и Турција како држава.

Друго прашање кое ќе биде третирано во магистерскиот труд, ќе бидат реформите на Мустафа Кемал Ататурк, кои се тие, при што за секои од нив ќе ги напоменеме сите позитивни и негативни ефекти кои ги направиле за населението кое живеело во Турција во тој период. Ќе дадеме посебен осврт што значело тоа за Турција и за нејзиното место во Европа и на меѓународната сцена. Секако нема да ги заборавиме и противниците на овие реформи и кои биле нивните аргументи зошто според нив државата не оди во вистинскиот правец, или пак зошто сметале дека Мустафа Кемал е всушност диктатор во својата земја.

Последното прашање кое ќе биде третирано во магистерскиот труд, ќе биде за значењето и влијанието кои што го имал и успеал да го наметне градителот на современата турска држава - Мустафа Кемал Ататурк, што тој значел за современите Турци во чие време живеел, но и за влијанието кое успеал да го наметне врз идните генерации на турскиот народ, кои што ги следеле неговите стапки за создавање на модерна, европска, демократска и секуларна турска држава.

Завршниот дел треба да ни даде целосна слика за состојбите во Турската држава, во периодот на големата личност како што е Мустафа Кемал Ататурк, и и за односот помеѓу Република Македонија, која како мала држава на Балканот, може да добие и научи од Турција како држава. Последниот дел треба да даде и одредени насоки кон кои треба да се стремат турско-македонско или македонско-турските односи во иднина.

# 1. Животот и делото на Мустафа Кемал Ататурк

Првото поглавје ќе го третира прашањето за животот и делото на Мустафа Кемал Ататурк[1], за неговото потекло, за неговото образование, за личниот и приватниот живот, за неговата воена па и политичка кариера и слично, како и за неговите напредни идеи за времето во кое што живеел и делувал.[2]

## 1.1 Потекло, школување и формирање на личноста

Мустафа Кемал е роден на 19.05.1881 година во Солун.[3] Се родил во просечно социјално обезбедено семејство во Солун, како прво дете на Ахмед Али Риза Ефенди и Зубејде Ханум. Татко му бил Али Риза Ефенди билірински офицер и трговец со дрводелски производи, а мајка му Зубејде Ханум бил типичен пример за турска жена загрижена за домот и за своите деца.[4] Со оглед на фактот што неговиот татко починал кога

[1] Кога се родил неговиот татко му го дал името Мустафа, подоцна, во Солун, учителот по математика Мустафа-бej во воената прогимназија (Руждие) му го додава второто име Кемал, што буквално значи совршен. Многу години подоцна, во низата од реформи, меѓу кои била и онаа задолжително земање на презиме, а во знак на благодарност, бил наречен Ататурк "татко на Турците". На тој начин конечно го комплетирал полното име Мустафа Кемал Ататурк.

[2] Во музејот во Битола е отворена спомен соба во чест на човекот кој своето детство го поминал во Македонија каде и завршил гимназија. Во негова чест во спомен собата има голем број на фотографии, биста, восочна фигура, облека, признанија и библиотека.

[3] Датумот на кој е роден Мустафа Кемал (19 мај 1881 година во градот Солун) се зема условно, затоа што него многу подоцна го посочил самиот Ататурк, мислејќи на 19 мај 1919 година, кога од Цариград (Истанбул) се префрлил во црноморскиот град Самсун од каде што ја започнал борбата за нова Турција. Со тоа симболично сакал да го претстави своето второ, политичко раѓање. Доаѓањето во Анадолија (Мала Азија) заради организирање на вооруженото движење за ослободување од антантните окупатори.

[4] Али Риза Ефенди, таткото на големиот реформатор, е роден во, денешна општина Центар Жупа, во Република Македонија. Селото Коџаџик се наоѓа во западниот дел на Република Македонија на само 10 километри од Центар Жупа. Според историчарите селото за првпат се споменува во 1385 година, а самото име на селото значи „Големата битка". Се до 1448 година селото било познато под името Светиот град, кога бил освоен од страна на Отоманската империја. Коџаџик е познато во историјата затоа што тука се наоѓала куќата на родителите на Гази Мустафа Кемал Ататурк. На 16.08.2009 година, во селото е поставен камен темелник на спомен куќата на таткото на модерна Турција, Мустафа Кемал Ататурк. Свечениот чин го означи премиерот на Република Македонија - Никола Груевски, во присуство на министерката за култура Елизабета Канческа Милевска и помошник министерот за култура на Република Турција, Нихат Ѓул.

Мустафа имал 12 години, натамошната грижа за Мустафа и за неговата сестра ја презела нивната мајка. Таа била амбицизна жена иако била необразувана, под фереџе и длабоко религиозна, мудра, енергична и темпераментна, витална со руси коси и плави очи кои му ги оставила во наследство на нејзиниот син.

Неговиот дедо Крмизи Хафиз Ахмед се иселил од Коџаџик, село во дебарскиот крај и се населил во Солун, што значи дека самото семејство било по потекло Турци од Македонија и токму затоа бил силно поврзан со Македонија.[5] Не сакал да се школува во религиозно училиште, затоа што сакал да биде подалеку од догмите на религијата, оџите и џамиите кои никогаш не ги почитувал. Неговите родители сакале Ататурк да се запише во трговско училиште, но Кемал без нивно прашање се запишал во основно воено училиште во Солун во 1893 година.

Основно образование завршил кај Хафиз Мехмет и Шемси Ефенди, кога и го добил второто име Кемал, што значи совршен. А со оглед на фактот дека бил доста сериозен и одличен ученик и посебно покажувал афинитет кон предметот математика, неговиот наставник го ангажирал да им држи дополнителна настава на своите ученици. Своето воено образование го започнал во Солун, а го продолжил на воена гимназија во Битола.[6]

На воената гимназија во Битола, Мустафа Кемал, под влијание на Француската Револуција, со помош на писателите, просветители, Жан Жак Русо, Волтер, Виктор Иго и други револуционери и автори што му легнале на душа го изградил својот армиран фундамент на зградата што допрва ќе се вивне како монумент на Турција, Балканот и светот. Во Битола, Мустафа Кемал, дојде до сознание дека човекот, од која и да е вера, во суштина е исто битие, само случајно родено ваму, таму или онаму. Тие длабоко вгнездени сознанија за општите вредности на демократијата и

---

[5] Зборник на трудови, Битола и Кемал Ататурк, Битола, 1998, 214.

[6] Битола е македонски град кој претставува најзначајно воено седиште на Европска Турција (Румелија), исполнето со многу војска и офицерски кадар, а битолското воено училиште се сметало за најдобро од тој ранг во Имеријата.

хуманизмот го трасираат неговото натамошно воено, државичко, реформаторско и дипломатско одење. Целата своја позитивна, творечка енергија, тој ја насочил во правец да бара спас за гнилото отоманско царство пропаднато во калта на корупцијата, поткупливоста и моралната декаденција.

Мустафа Кемал уште од раната младост во битолската Воена Идадија, заедно со своите другари бурсанчанецот Омер Наџи и прилепчанецот Али Фетхи, како духовна храна ги совладувал делата на својот наставник по историја Мехмет Тефик Беј, големите турски поети и мисловни луѓе Намик Кемал, Тефик Фикрет и други.[7] Од соученикот Али Фестхи се насочил кон другите сфери на размислување. Али Фетхи добро го зборувал францускиот јазик и имал афинитети кон апстракни науки и политика. Своите знаења стекнати од делата на француските просветители му ги пренесувал на питомецот Мустафа Кемал и будел кај него интересирање за филозофски и политички теми.

Во училиштето, освен редовната настава, Мустафа Кемал учел и реторика. Во Битола близок другар му бил Омер Наџи. Омер Наџи иако бил воен питомец, бил поет и добар оратор со широки знаења од областа на литературата. Преку него Мустафа Кемал се запознал со делата на турската нова литература, која се појавила кон средината на деветнаесетиот век под влијание на познатите танзиматски реформи, како и со движењето за Устав (Конституција) на новите Османлии во Империјата. Од новата литература Мустафа Кемал можел да научи за опасноста од религиозниот фанатизам и заостанатост, поттикнувале почит кон науката, стремеж кон запознавање на светот и сознанија за постигање на европската цивилизација. Ги усвоил новите поими за тоа што е татковина, нација, патриотизам, слобода и слично кои биле непознати во неговата татковина - Турција.

Во времето додека се школувал во Солун, била основана Македонската револуционерна организација, подоцна попозната под

---

[7] Туфан, Музафер, Јахја Кемал Бејатли и Мустафа Кемал Ататурк, Современост 1998, 192.

името Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација. Со организацијата која што пуштила корени во многу македонски градови и села се запознал со дејноста на организацијата и Мустафа Кемал. Таму брзо се истакнал од другите по својата реалистично и логично расудување, и по својата чесност и храброст. Во 1896 година од Солун заминал за Битола и се запишал на Воената гимназија. Во тоа време е забележан како мошне повлечено момче кое многу чита и се интересира за историјата, филозофијата, литература и политички науки. Уште тогаш ги забележувал аномалиите на државните власти и размислувал за евентуални решенија за иднината на Османлиската држава и за нејзиното место во светот.[8]

Живеејќи во Солун, Мустафа имал прилика да се запознае со многу луѓе кои доаѓале од европските држави, да се запознае со многу јазици и нивните култури. Секако тој во тие прилики ги гледал богатите европски семејства како живеат и тоа го споредувал со обичниот турски народ кој во својата држава живеел во многу лоши економски услови, без образование и современа култура. Увидувал дека Турција станала земја која сите ја гледаат како земја од која црпеле суровини, и станувала предмет на политички игри, односно се повеќе големите сили си поигрувале со таканаречениот *„Болниот од Босфорот"*. Како резултат на многуте војни, Османлиската држава се повеќе економски слабеела, а дел од териториите и биле откинувани. Во тоа време се засилило и ослободителното движење кај многу балкански народи. Согледувајќи го тоа, Мустафа Кемал ги оправдувал овие ослободителни појави и движења и уште тогаш размислувал за промени и реформи во османското царство. Ако не ги извршел тие реформи на царството му престоело откинување на неговите територии од страна на европските капиталистички и држави и соседните балкански монархии.

Токму од паролата на ВМРО кои имале девиза за борба „Македонија на Македонците", слична на Глетсоновата мисла „Балканот

[8] Спомен соба на Гази Мустафа Кемал Ататурк, Музеј Битола. Завод, Музеј и Галерија - Битола, Киро Дандоро - Битола.

на Балканските народи", произлегла Ататурковата парола „Турција на Турците". Додека тој бил на воена гимназија во Битола, тоа е период на востанија кои се случуваат на територијата на Османлиската држава. Во 1878 година Србија ја добива својата независност, а Бугарија својата автономија. Понатаму се појавува желба на малцинските групи во Империјата за самостојни држави и тогаш прв пат се појавила и татковинската идеја меѓу младите турски офицери. Мустафа Кемал зема активно учество во дискусиите за формирање на татковина со конечни и непроменливи граници.





*Мустафа Кемал Ататурк*

Таму кај Мустафа се истакнала љубовта за изучување на историската наука, посебно кон турската национална историја, а ја поттикнал наставникот по историја, офицерот и директорот на академијата Кол Агаси, Мехмед Тефик - бег. Интересно е да се напомене дека освен официјалната историја на исламот, калифатот и изучувањето за турско-османлиските султани и везири, професорот потајно им предавал и теми како на пример за индустриската револуција во Англија и нејзиното влијание, потоа за фрацуската буржоаска револуција и слично. А освен историја се интересирал и за математика, а изучувал и француски јазик како и ги разработувал делата на Волтер, Русо, Монтескје и други.

Изучувањето и познавањето на францускиот јазик било од големо значење, особено во Битола каде можело да се комуницира во областа на дипломатијата, но и со месното граѓанство и интелегенција.

По завршување на воената гимназија во Битола во 1898 година на 17 годишна возраст, Мустафа Кемал заминал на Високата воена академија во Истанбул и таму со самото тоа што бил поблиску до сите значајни настани и личности, уште посериозно се активирал во креирање на судбината на Османлиската држава. Успешно ја завршил академија (1899-1902 година) со одличен успех при што се здобил со чинот поручник. Во 1902 година Мустафа Кемал по академијата стапил во штабното одделение на истата како потпоручник. Во тој период тајно започнал да издава весник, и покрај тоа што постоело строга забрана за политички дискусии во училиштето, преку кој настојува кај учениците да се изгради свест за проблемите со кој се соочува нивната земја. Во Истанбул на 11.01.1905 година го завршил и специјалниот курс по што добил чин капетан.[9]

За време на студирањето и престојот во Цариград, ги согледал политичките состојби во главниот град на Империјата, во кој бил присутен султановиот апсолутизам, верската исламска заблуда и странското присуство и неговото мешање во турските државни внатрешни работи, при што кај Мустафа Кемал се родила желбата да се спротистави на Царството и да воведе реформи во турско-османлиската држава. Така со Али Фуад основале таен кружок „Ватан", (Татковина) и истоимен весник. Весникот излегувал илегално и бил полн со политички статии и написи насочено кон султанот, верската догма и странското присуство во Империјата. Овие илегални брошури и весникот прераснале во организација. Поради тоа Мустафа Кемал и неговите истомисленици биле фрлени во злогласната цариградска Црвена зандана, од која малкумина излегле живи. Сепак од таму бил ослободен со образложение дека се работи за „опасен човек" и бил испратен на исток, иако тој сакал и имал

[9] Таму студирал четири години. На 21 годишна возраст, овој млад енергичен и личен поручник со дипломата во рака оди во родниот град Солун и ја зарадувал мајка си, Зубејде Ханум. Пријателите на семејството, кој го познавале таткото Али Риза Ефенди радосната вест ја дочекале со големо задоволство.

желба да се врати во Македонија, односно во третата армиска област каде имало услови за револуционерна дејност и разгранување на неговата мрежа.[10]

Од 1905 година почнува да организира тајни состаноци, поради кој е оддалечен од Истанбул и на 11 јануари 1905 година бил испратен на служба во петтата армија во Дамаск. Сепак во туѓата средина уште повеќе ќе се посвети и ќе истражува за Империјата.[11] Одлучува своите востанички идеи да ги шири во Македонија, па заминува во Солун, каде што со свои другари го формира друштвото Татковина и Слобода, како еден вид разгранок на организацијата Ватан. Истото друштво се проширило и во арапските земји под османско владеење, но таму организација не можела да се развие поради тоа што Арапите немале интерес да се борат за националните прашања. Затоа сакал своите реформи да ги спроведе токму во Македонија која ја чувствувал како своја земја. Но сепак, мора да напоменеме дека Македонија се наоѓа во Европа и затоа тука продирале прогресивни идеи. Тука во Македонија тој период се спроведувале Мирцштегските реформи а сето ова и зајакнувањето на четничкото

---

[10] Зборник на трудови, Битола и Кемал Ататурк, Битола, 1998, 228.

[11] Ова е дел - извадок од говорот на Мустафа Кемал - паша на своите војници во Дамаск за односите меѓу Турците и Арапите. Сакам да ви кажам: ***"турското движење што денес го гледате во Истанбул и во исламските земји каде што живеат Турци никако не е спротивно на арапската мисла. Многу добро знаете дека до сега во Османлиската империја имаше грчко, бугарско и ерменско движење. Ним денес им се придружи и арапизмот. Турчинот заборави на себе. Дури и се срамеше да си ја изговори националноста. Таков пад на национализмот на крај можеше да има само едно и извесно финале. Плашејќи се од тоа, турската младина се раздвижи и нејзиното будење е за пофалба. Објави национална света војна (милицихад) за да му каже на турчинот дека е Турчин и дека турското движење има бескрајни вредности. Сега ве уверувам дека турското дижење не му е никаков непријател на арапското движење. Брат му е и нераздвоен другар. Турскиот младич сесрдно сака да го види напредокот на Арапот и да знае дека ги има сите свои национални права. Денешните напори на турската младина се вперени кон важни прашања, како што е потребата Турчинот да се подучи, па откако ќе му се разбуди националното чувство, да стане вешт и работлив, да се ослободи од ропството, да му се врати здравјето на Турчинот, да се зголеми турското население, да му се зголеми благосостојбата, накратко, Турчинот да му се претстави на светот како почитуван и даровит човек кој го заслужува правото да живее меѓу народите од дваесеттиот век... О вие врвни претставници на арапската младина, и вие работете за остварување на истиве идеали..."*** Настава по модерната историја на Југоисточна Европа - алтернативни наставни материјали, Историска читанка 2 - Нациите и државите во Југоисточна Европа, Фондација Институт отворено општество Македонија - Скопје и Центар за демократија и помирување во Југоисточна Европа - Солун, Скопје 2007, 54.

движење на ВМРО го загрозувале турско-османскиот опстанок во Македонија.[12]

Покрај должноста во Солунскиот воен штаб, бил определен и за инспектор на железничката пруга Солун - Скопје. Од 13 октомври 1907 година до 23 јули 1908 година, значи до прогласувањето на Хуриетот, животот му поминал во патување на линијата Солун-Скопје, како и во противречни служебни должности во штабот на тајните револуционерни активности во Солун.[13]

А во исто време добива назначување во штабниот одбор на Третата армија во Солун. Во 1907 година станува член на друштвото Ittihad ve Terakki Cemiyeti која има за цел уривање на власта на Падишахот и обновување на армијата. Иако за цело време во друштвото е поттурнуван во втор план од истакнатиот член мајорот Енвер Беј.

Во 1907 и 1908 година, вршејќи ја инспекторската должност на железничката пруга Солун-Скопје често доаѓал во Скопје, каде што често се среќава со своите земјаци и со нив водел долги дискусии. Според еден документ, објавен во книгата "Семејното стебло на Ататурк" од Бурхан Гоксел, чичкото на Мустафа Кемал, Салих Ефдокија, во Скопје долго време бил ќатип (писар) и тука се пензионирал.

Политичката клима и ветровите на 1907 и 1908 година од Истанбул дувале и во Скопје. Меѓу месните муслимани и христијани било можно да

---

[12] Првите отпори против султанскиот режим и тенденциите за реформирање на Османската империја почнале во високообразовните институции во Истанбул каде младите почнале да формираат тајни друштва во кои со текот на времето се вклучиле офицерите и граѓанската интелегенција. Со име „Итихади Османи", прво такво друштво било формирано во мај 1989 година во Истанбул. Друштвото подоцна го променило името во "Османското друштво за слобода", за на крај да стане МП "Единство и напредок". Јусуф, Хамза, Односот на Младотуската партија "Единство и напредок" спрема македонското национално - ослободително движење во развојните фази на Младотурската револуција, Докторска дисертација, Филозофско - историски факултет - Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Скопје јуни 1989, 379.

[13] Туфан, Музафер, Јахја Кемал Бејатли и Мустафа Кемал Ататурк, Современост 1998, 193.

се наиде и на Австријци, Руси, Французи, Англичани и други странци кои биле тука и секој бил во потрага по поделба на Македонија.[14]

## 1.2 Почеток на Младотурската револуција и учеството на Мустафа Кемал во револуцијата

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, многунационалната Османлиска Империја се наоѓала во тешка економска и политичка криза. Системот на капитулации, огромните надворешни долгови, со огромен трговски и буџетски дефицит и со големиот број на странски инвестиции, таа била претворена во колективна полуколонија на развиените европски земји. Таа била претворена во дел на колонијалниот систем на европскиот империјализам, т.е. во капитализам во епохата на господството на финансискиот капитал. Меѓутоа да се модернизира, развива и демократизира, во неа во споменатиот период владеел султанскиот владеачки режим кој го попречувал навлегувањето и развитокот на демократијата. Од тие причини османската држава имала потреба од радикално реформирање и модернизирање, односно европеизирање.[15]

Руската револуција од 1905 година имала огромно влијание во развојот на национално-ослободителните па и демократските движења во цела Азија, а особено тоа се почуствувало во Османлиската империја. Во првата половина на 1908 година, Македонија станала земја каде се појавиле многу социјални и национални противречности типични за овој дел на Османлиската империја од каде изникнале и силни личности на национално-ослободителното движење, уште од периодот на Илинденското востание.[16]

---

[14] Туфан, Музафер, Јахја Кемал Бејатли и Мустафа Кемал Ататурк, Современост 1998, 193.

[15] Јусуф, Хамза, Односот на Младотуската партија "Единство и напредок" спрема македонското национално - ослободително движење во развојните фази на Младотурската револуција, Докторска дисертација, Филозофско - историски факултет - Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Скопје јуни 1989, 379.

[16] А, Ю, Петросян, Младотурецкое движение (вторая половина XIX - начало XX век), Издательство наука, Москва 1971, 216 и 269.

Младотурската револуција започнала на 03.07.1908 година кога мајорот Ахмед Нијази бег се одметнал заедно со аскерот во планините. Притоа, Ахмед Нијази бег наскоро испратил проглас до жителите на Дримкол, за да им ги објасни своите намери и младотурски идеи. Револуцијата имала одглас во охридско, струшко и кичевско. Исто така од султанскиот апсолутизам се одметнал и Енвер бег од солунскиот гарнизон. Султанот испратил војска од Цариград во Солун, која им се приклучила на младотурците. На таков начин во Солун се нашле над 30.000 младотурци-демостранти, кои барале сузпензија на султанскиот деспотски режим, враќање на Уставот од 1876 година и слично. На тој начин, Солун и Македонија станале центар за организирање на отпорот против султанскиот апсолутизам и контрареволуцијата.

На 23 јули 1908 година, со прогласување на Мешрутијетот т.е уставноста, ова друштво ја објавило Младотурската револуција и тогаш се прославил Енвер Бej. Според поборниците, единствена задача на Револуцијата во 1908 година било прогласување на уставотворноста. Раководителите настојувале да го имаат конечниот збор во власта, со што се мешаат поимите армија и политика. А луѓето како Мустафа Кемал, кои биле против нивно мешање, биле незадоволни. Тој бил назначен во Триполис во одбрана на последното упориште на Османлиската Империја во Африка, успевајќи од разединетите војници да формира нова единица.

Во 1909 година Мустафа Кемал се вратил во Солун за да учествува на Вториот конгрес на друштвото Ittihad ve Terakki. Но затоа што тој инсистирал на немешање на армијата во политиката и за одвојување на власта и религијата на него се гледало како на несакана личност од страна на другите членови. По востанието во 1908 година друштвото не успеало да се обнови и било нерешително во своите цели. Во таква владејачка празнина во Империјата во 1910 година на Балканот успеала да востанат Албанците, а во Јемен истото го направиле Арапите.

Доктрината на младотурските раководители Енвер-бег, Талат-бег, Џемаил-бег била по револуцијата и капитулацијата на султановиот деспотизам и воведување на парламентарна демократија во земјата, потоа

Султанот да остане на чело на државата како негов политички и верски субјект, задржувајќи ги конфесионалните привилегии како калиф во исламскиот свет. Исто така тие се залагале за неделивоста на огромното турско-османско царство. За да се задржи тој конгломерат од народносно-конфесионално шаренило на повеќе народи и религии, се застапувале бројните муслиманско-христијански целини да се слеат во единствена отоманска нација.

Но ова за Мустафа Кемал била нереална и изживеана илузија. Според неговите објективни сознанија и искуства, неговото долгогодишно престојување и делување во Македонија, сметал дека поробените народи ќе се застапуваат за добивање на правото за своја национална самостојност. Така биле нерешени, ерменското, курдското, критското, албанското, арапското, македонското и други прашања, и токму затоа сметал дека одделни народи ќе се стремат кон автономија. Од друга страна Мустафа гледал како турско - османската империја станувала полуколонијални и зависна од западно - европските капиталистички држави, и затоа кај него созревала идејата за зачувување на империјата и за една единствена национална програма. Таа своја идеологија сакал да ја реализира по пат на револуција и преобразба на турско - османската империја.

Тие свои начела ги искажал пред избувнување на јулската револуција во империјата. Главната негова замисла во идната реформирана Турција била неговата иницијатива за модернизирање на општествено-политичкиот живот, културата за однесување за решителни реформски зафати во Турција. **Со своите декларативни определби и идеи, Мустафа Кемал се разликувал од официјалната политика и доктрина што ја пропагирале лидерите на младотурските раководители кон поробените муслимански и христијански народи во османската империја.**

Паролите за слобода, рамноправност, правда и братски живот, кои биле исфрлени за време на Младотурската револуција отвориле светли перспективи за создавање на единство помеѓу народите на Османската империја и придонеле за надминување на дотогашните нивни меѓуетнички

и меѓуконфесионални недоразбирања. Сепак во таа револуција не учествувале широките народни маси на турскиот народ, а нетурските народи, во почетокот со резерва ги следеле развојните настани кои следеле за време и по револуцијата. Од друга страна широките народни маси од Македонија и другите делови на Османлиската империја учествувале само во манифестациите организирани по победата на револуцијата, која била дело на младите офицери од III-тата армија, кон која се приклучила и II-тата армија, а останатите армии биле пасивни набљудувачи на револуционерните настани во Македонија.[17]

По султанската контрареволуција на 13 и 14 април 1909 година, султанот го суспендирал Уставот и ги протерал младотуските првенци од Цариград, од кои како што рековме најголем број од нив побегнале во Солун. Младотурците се организирале во Македонија и реагирале мошне брзо и решително. Заедно со нив биле третиот корпус (Солунски) и вториот корпус (Одрински). Во оваа ситуација мошне агилен бил Мустафа Кемал и со своите ораторски способности и генијални погледи тој инсистирал да се формира армија за брзо дејствување, во нејзините борбени акции да не се мешаат никакви други сили и контрареволуцијата да се ограничи само на Цариград со цел да се спречи евентуалното проширување на побуната надвор од главниот град на Империјата.

Во овие акции учествувале и многу војводи и четнички водачи на македонското национално-ослободително движење, а особено се истакнал војводата Јане Сандански. Мустафа Кемал ја предводел резервната дивизија, заземајќи второ командно место во младотурскиот контрареволуционерен потфат кон Цариград, при што изработил и прокламација до војската во Цариград, во која ја објаснил целта и задачите на армијата за брзо ликвидирање на контрареволуцијата. Но по задушување на револуцијата, главните раководни места во турско-османското царство ги приграбиле младотурските лидери, а за Мустафа

---

[17] Јусуф, Хамза, Односот на Младотуската партија "Единство и напредок" спрема македонското национално - ослободително движење во развојните фази на Младотурската револуција, Докторска дисертација, Филозофско - историски факултет - Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Скопје јуни 1989, 383.

Кемал немало раководно место, и тоа токму поради неговите ставови и неговите забелешки кон младотурските раководители, тој бил дистанциран и оставен на страна. Од тие причини се преориентирал кон војничката кариера. Притоа тој ги усовршил воено-тактичките задачи од областа на историјата на војувањето.

Така забележано е неговото учество во маневрите на коњичките единици во Џумајлија-Велешко, а потоа и на воените вежби во француската област Пикардија. Забележана била и неговата дејност како преведувач - уредувач за публикување на две публикации од германски автори. Тој бил и командант на средното воено училиште во Солун и командувал со 37-от пешадиски полк. Во такво својство се залагал за промена на аскерската униформа и внесување на новини во војничкото поздравување и отпоздравување. Арапските фрази за поздравување и отпоздравување ги заменил со чисто турски зборови. Во текот на 1910 година, Мустафа Кемал за последен пат ја посетил Битола. Токму и таа година учествувал во задушувањето на бунтот на албанското востание во Косово. По избувнување на Италијанско-турската војна (1911-1912 година), кон крајот на 1911 година бил испратен во Либија за да го организира арапското население во Бенгази и Триполи, со цел да се спротистави на италијанската империјалистичка окупација и која на некој начин ја претскажувала Првата светска војна.

Во 1911 година младите турски офицери доброволно заминале да ја бранат империјата во Триполис од нападот на Италија. Меѓу нив биле и Мустафа Кемал и Енвер Беј. За покажаната храброст во Триполис Мустафа Кемал на 14 ноември 1911 година бил унапреден во чин мајор. Сепак борбите во Триполис за младите турски офицери не биле ништо повеќе од борба за личен престиж.

Понатаму во 1912 година Мустафа Кемал се наоѓал во Галиполе на функцијата раководител на одделението на силите за акција на Средоземното Море. Иако војната се водела далеку, предизвикала бурни реакции во земјата. Офицерите оделе на фронтовите во Румелија, Јемен и Триполис, но сепак успехот не бил задоволувачки и онаков како што се

очекувало. По петстогодишно владеење Империјата ја изгубила областа Румелија. Во тоа време многу пораснале и несогласувањето помеѓу армијата и народот. Тогаш Црна Гора, Србија, Бугарија и Грција ја започнуваат Првата Балканска Војна. На 23 јануари 1913 година вооружена група на чело со Енвер Беј и Таљат Беј, успеваат да ја присилат власта на оставка.



*Мустафа Кемал Тата□рк*

Заедно со својот пријател Фетхи Беј, Мустафа Кемал ја истакнува излишноста на упадот во Високата Порта, побарал итно превземање акции за враќање на Едрене од бугарска окупација. А лидерите на друштвото Обединување и прогрес (Ittihad ve Terakki) поради незадоволството од идеите на Мустафа Кемал, го повикале во Истанбул Фетхи Беј. По брза акција Едрене сепак било вратено, а авторитетот на друштвото Обединување и прогрес сепак бил доведен во прашање, при што противниците го убиле новиот премиер Махмут Шевкет Паша.

Со започнувањето на Втората Балканска Војна помеѓу Бугарите од една страна, Србите и Грците од друга страна, а која се водела за поделба на Македонија силите на Мустафа Кемал и Енвер Беј го ослободиле Едрене, по што Енвер Беј, по кратко време, станал Паша, додека Мустафа Кемал не добил унапредување. Дополнително друштвото Обединување и прогрес го назначило Фетхи Беј за амбасадор во Софија, а Мустафа Кемал бил назначен за воен аташе во Бугарија со цел да биде оддалечен од

идните настани. Друштвото понатаму настојувало на Енвер Бej да му обезбеди поголема слава, не можејќи да трпи опозиција и поддржувајќи ги националистите.

На 14 октомври 1913 година, Мустафа Кемал стапил на должност во Софија, но се чувствувал понижен и навреден. Ги насетувал опасностите до кои можело да доведе брзото напредување на Енвер Бej. Мустафа Кемал се борел за потполно одвојување на армијата од власта. Оваа негова идеја покасно ќе претставува една од темелните поставки при создавањето на Република Турција.

Друштвото Обединување и прогрес не обрнувало внимание на идеите на Мустафа Кемал и бил постојано критикуван, уште кога ја навестил Балканската војна и кога продолжило повлекувањето на армијата на граничната линија Солун - Битола. Напуштањето на територија е спротивно со верувањето, страстите и воспитувањето на Османлиите. А Мустафа Кемал не успеал да најде истомисленици кои би ја согледале реалноста. Особено во 1913 година со создавањето на екстремното движење Туранство, се застапува идејата за враќање на изгубените територии, кон која идеја покажале симпатии и премиерот и некои од министрите.

Мустафа Кемал, иако имал исклучителна способност, морал да се задоволи со својата дипломатска функција и да живее небаре во прогонство.

### 1.3 Мустафа Кемал во Младотурската револуција

Во времето кога се школувал во Цариград, Мустафа Кемал покрај учењето во Академијата продолжил да чита забранета литература, да се самообразува и да го шири кругот на пријатели во училиштето и надвор од него во либералните опозициски кругови. Во престолнината организирано не успеал да се поврзе со младотурската конспирација, но духовно веќе

бил израснат да и се придужи, зошто интензивно размислувал по кој пат да тргне и што да се направи за спасување на разнишаната држава.[18]

Во литературата се забележани две епизоди поврзани со неговата активност по однос на ова прашање. Во воената академија бил формиран таен кружок на чии состаноци тој говорел и пишувал статии и стихотворби за илегалниот лист преку кој сакале да привлечат нови следбеници. Во нив остро биле напаѓани султанската управа и султанската политика. И покрај тоа што постоела наклонетост од некои професори, кружокот бил откриен, а групата затворена. Мустафа Кемал по јануари 1905 година, кога ја завршил Академијата, неколку месеци бил притворен. Втората епизода се однесува на воената настава. На иницијатива на Мустафа Кемал професорот по воена тактика одржал неколку лекции од доменот на партизанското војување-герилата, при што бил анализиран хипотетичен план за напад на престолнината од партизански одреди од Анадолија кој бил изработен од него. Ваквите интересирања и искуството од тактиката на македонските чети му биле од помош подоцна при формирање и во борбите на новата турска национална армија составена од анадолиски селани, турски патриоти и војници.

Неговите активности во овој период биле забележани од многуте султанови доушници. Па поради тоа бил испратен во Дамаск за да биде подалеку од Македонија, иако школувањето го завршил со одличен успех и очекувал да биде пратен на должност во некој македонски град. Откривањето на кружокот на Мустафа Кемал му донело прогонство во Дамаск, како што гласела наредбата, за да му се одземе лесната возможност да се врати во својот роден крај. Наредбата била основана затоа што во тој период Македонија станала најпривлечна за турските патриоти и станала прва покраина на младотурската илегална активност во Империјата. А доколку капетанот Мустафа Кемал бил пратен во Македонија таму ќе ја зајакнел младотурската конспирација. За него следи период на активна политичка дејност.

---

[18] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 59.

Во Сирија останал скоро две години и таму развил значителна политичка и организациска дејност. Таму и во околните арапски земји султанската војска често била ангажирана во поход да ги задушува локалните буни, при што арапските села биле ограбувани и опожарувани. Мустафа Кемал бил очевидец и неволно учесник во казнетите експедиции. Такво нешто тогаш им се случило на Друзите. Мустафа Кемал избувнал еден ден кога од прозорот на својата канцеларија видел како еден подофицер Турчин претепал војник од арапска националност. Кемал истрчал во штабот и побарал подофицерот да биде казнет за делото. Но никој не се обидел да го заштити арапскиот војник од турскиот. Тој чувствувал срам и вина спрема арапскиот народ чија стара култура многу добро ја познавал.

Мустафа Кемал не мирувал ниту во Сирија. Се запознал со д-р Мустафа-бег (подоцна: Џантекин) бивш студент во воено-медицинската академија, кој бил прогонет од Истанбул заради учество во опозициската конспирација. Во неговата куќа Мустафа Кемал, под заклетва на верност, го формирал тајното друштво Татковина и слобода во кое се вклучиле и други следбеници меѓу офицерите. Подоцна Мустафа Кемал формирал и ограноци на друштвото во Јафа, Бејрут и Ерусалим. Но неговата иницијатива немала услови за масовизирање зашто била откината од Цариград и се зародила во една туѓа средина. Арапите имале други национални интереси и слабо се интересирале за младотурските проекции и за иднината на империјата. А Мустафа Кемал се повеќе имал желба за Македонија, од која повремено го допирале гласини за подобрите можности за развој на револуционерната актвност.

Македонија била многу поповолно подрачје за организирање на антисултанско востание, отколку Сирија. Како резултат на Илинденското востание се спроведувала познатата Мирцштегска програма за реформи на трите македонски вилаети (Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот) под надзор на двајца т.н. цивилни агенти руски и австро-унгарски, и со жандармерски групи од пет европски големи сили. Суверенитетот на Турција бил загрозен. Ова како и продолжувањето на четничката војна,

сериозно ги вознемирило турските патриоти за опстанокот на Османлиската држава во Македонија, што предизвикало се посилно раздвижување среде младите офицери и турската интелегенција. Комитетот на Татковина и слобода одлучил дека треба Мустафа Кемал илегално да замине во Солун, со задача да формира месни ограноци и во Македонија. Во Солун се задржал четири месеци со дозвола добиена од командантот на корпусот под претекст отсуство поради лекување, но сепак постоела благонаклонетост од некој виши официри.

Тој во Солун во 1906 година основал македонска секција на Татковина и слобода во која најпрво влегле пет до седум офицери, а потоа конспиративната мрежа значително се зголемила и со други офицери и солунски интелектуалци. Во исто време во центар во Солун била основана и друга илегална организација под името Османлиско здружение за слобода кое дејствувало надвор од градот меѓу офицерите од Третиот армиски корпус. Но во тој период овие две здруженија не знаеле едно за друго.

Кога поминале овие четири месеци во август 1906 година го напуштил Солун и заминал кон својата единица во Сирија. Во Солун повторно се враќа, на свое барање, како вицемајор во есента 1907 година. Тогаш од штабот на третата армија добил служба на воен инспектор на железичката линија Солун-Скопје. Во таа една година отсуство од Солун многу работи се измениле во однос на младотурското движење во Македонија. Организацијата Татковина и слобода, што тој ја основал, повеќе не постоела. Тој повторно положил заклетва за зачленување незнаејќи дека влегува во нова организација Единство и напредок. Повеќето од нејзините лидери тој лично не ги познавал.

По 1906 година Солун се претворил во најјак внатрешен центар на револуцијата во Турција. Оттогаш влегува во употреба и терминот младотурци со кој главно се идентификувале приврзаниците на Единство и напредок. Мустафа Кемал, во интерес на општото добро, ја прифатил задачата покрај службената работа, да ги инструира и поврзува локалните младотурски секции во македонските градови со централата во Солун.

Очигледно е дека тој бил потиснат во заден план на движењето и тоа во најзначајниот погдотвителен период на Јулската револуција. Така било најмногу поради неговото прогонство во Сирија. А.Ф. Милер забележува: Тој не го нашол своето место во нејзиното раководство, а таа си нашла други лидери, макар што тие стоеле за многу глави пониско од него... Прогонството во Сирија било историска случајност, но тоа имало неповратни последици. Одењето од Македонија во решителниот момент на нејзиното претварање во главен центар на младотурското движење не му дозволило на Кемал ниту да ја зачува својта сопствена организација, ниту да одигра активна улога во создавањето на новото тајно здружение.

**Во погледите на Мустафа Кемал веќе почнала да се појавува идејата за чисто турска национална програма, која во текот на времето се доизградила за да го доведе до крупните потфати за национална преродба на турскиот народ и до републиканизмот, со кои ќе се издели од османизмот како идеолошка подлога на заедницата на муслиманските народи каква што била османлиската империја.**

Но, на крајот на 1907 година и почетокот на 1908 година и тој ја согледал опасноста на турскиот опстанок во Македонија поради засилените европски интервенции, кои завршиле со руско-англиска средба (спогодба) во Ревал во јуни 1908 година. Инаку и Мустафа Кемал сметал дека има света должност да го брани интегритетот на државата и на тоа не можело да му пречи почетното идејно разидување со мнозинството младотурци. Потребно е да се истакне дека токму на таа програмска точка за одбрана и зачувување на територијалната целост на империјата што ќе рече и на Македонија во неа, ќе се сретнат и врз таа основа ќе соработуваат левите демократски и сите македонски патриотски сили што биле предводени од Јане Сандански, заедно со младотурците. Се разбира, македонската револуционерна организација во својата програма ќе покрене уште многу други политички, економски, културни и слични барања, кои првенствено ќе бидат насочени према младотурците како владеачка политичка сила по издвојувањето на победа од 23 јули 1908 година.

Како најголема неопходност и за едните и за другите останало зачувувањето на земјата, додека на внатрешно политичката борба во парламентот и надвор од него се оставале задачите за разрешување на одамна созреаните прашања. Македонската револуционерна организација на Јане Сандански барала разрешување на македонското прашање во рамките на Империјата, зошто надвор од неа на Македонија и се заканувало освојување и заграбување. Разлики се забележани во идентификување на надворешниот непријател. Сандански и неговите соборци непријателот го препознавале во соседните балкански освојувачки политики, додека младотурските лидери опасноста погрешно ја гледале само во европските империјалистички сили, кои што веќе се имале вмешано во внатрешните работи на империјата.

Владеачките младотурски комитети постојано го држеле на дистанца од првите младотурски редови. Причината е во тоа што Мустафа Кемал како турски национален револуционер и демократ, идејно бил поблиску со македонските борци, отколку со младотурските. Но овие негови лични карактеристики во тој период не можеле да дојдат до израз, туку многу покасно, по распадот на империјата.

За разлика од отоманизмот на другите младотурски лидери, национализмот на Ататурк носел прогресивна конотација и се изразувал како здрав турски патриотизам. Тоа најдобро го потврдиле редицата реформи кои покасно ги спроведувал. На Мустафа Кемал му било потребно време за да созреат новите идеи, исто така и да се создадат услови за нивно реализирање. Основна нивна цел била-извојување и обезбедување на национална независност на Турција. Тој сфатил дека на турскиот народ не му треба огромна империја, туку турска Национална држава. Овие негови сфаќања биле причина за неговата оддалеченост од младотурските лидери и тие не го прифаќале како еден од нив. Но истите тие гледишта кон 1911-1912 година ќе го доведат до дефинитивно раскинување со османлизмот.

Таквите негови сфаќања исто така се и причината зошто Мустафа Кемал во периодот на младотурското владеење во Македонија (1908-1012

година) свесно се дистанцирал од политичките активности и се предал само на воено усовршување. И за време на дваесетдневното младотурско востание бил потиснат во сенка на другите лидери.

Сепак во некои моменти доаѓа до израз и Мустафа Кемал. Така на пример: постои податок за средба на Мустафа Кемал со кукушанецот Иван Манолев во Солун 1907 година. Тоа е можеби негов прв контакт со македонските револуционери. На таа средба на Манолев му ги соопштил своите радикални идеи за реформи кои мислел еден ден да ги воведе во Турција. Една од нив е модернизација на општествениот живот преку поголемо свртување кон западната цивилизација. Тој бил одлучен за оружено дејствување. Забележан е и негов исказ во Солун во кој меѓу другото вели: ***Нашаша земја се наоѓа во рацеше на сшранциише. Султаной ужива во своише задоволсшва и раскош, а народош е изложен на иришисоци од аисолушизмош. Во земја во која нема слобода, има само смрш и унишшување. Зашоа ве иовикувам на овој аисолушисшички режим да одговориме со револуција, да го собориме за да ја ослободиме шашковинаша, а народош да го наиравиме господар на својаша судбина.***[19]

Понатаму тој имал непријатности со водечките младотурски лидери. Тој тогаш се изјаснил против замислата за создавање на единствена отоманска нација. Тоа го сметал за фантазија и надживеана формула. Наспроти тоа ја истакнувал потребата да се работи на продлабочување на националната свест кај Турците, а не на отоманизам и слични доктрини.

За да се разберат погледите во однос на националното прашање на Мустафа Кемал Ататурк важно е да се знае дека тој ги согледал индивидуалностите на разните народи особено на оние од кругот на нетурските муслимански народи. За ова придонела и казнетата експедиција на генералот Махмуд Шефкет-паша за задушување на албанскиот бунт на Косово во пролетта во 1910 година. Во походот

---

[19] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 66.

учествувал и Мустафа Кемал, иако тоа историчарите го дефинираат дека било против неговата волја.

### 1.4 Мустафа Кемал и Јане Сандански во Солун и Цариград

Востанието на младотурците во Македонија и воопшто во Османската империјата како што рековме започнува со одметнувањето на Нијази-беј со својата воена единица во планините и по селата околу Ресен. Во наредниот период се вклучиле во востанието и други офицери со своите востанати единици. Во кичевскиот одред на Асан-беј се вклучиле и неколку македонски училители меѓу кои бил и Анастас Митрев кој подоцна станал следбеник на големиот македонски револуционер Јане Сандански. Во Македонија, но и во соседните земји се разгорело револуционерното движење на младотурците. Тоа ја парализирало султанската власт. Се издвоиле два востанички раководни центри, битолски и солунски. Од помалите места и селските реони движењата се поместиле во градските центри. На 22 јули неколку илјади востаници влегле во Битола, ја зеле власта и ги ослободиле сите политички затвореници. После неколку дена истото се случило со затворите во Солун, Скопје и други македонски градови. Во Солун на улица излегле околу 30 000 луѓе, а демонстрациите биле со антисултански карактер. Основно барање било за суспензија на апсолутизмот, враќање на уставот од 1876 година и воведување на парламентарна демократија.

Затоа што султанот немал алтернатива и ја изгубил контролата над овој дел на империјата, ноќта на 23/24 јули го прифатил ултиматумот. На 23 јули 1908 година во Солун бил прогласен уставот. По ова информација се ширеле митинзи, манифестациии и собири на збратимување и славење на уставната победа. Славењата продолжиле и во наредниот период, а Солун станал политички центар на империјата.

Сите поистакнати македонски револуционери се собрале во Солун заради воспоставување на соработка со младотурците, и за продолжување на ослободителната борба со легални средства.

Допирите меѓу македонските и младотурските револуционери во претходниот период биле ретки и случајни. Движењата биле илегални секое посебно. Но по 24 јули 1908 година кога се легализирале и во нивните заемни односи настанал пресврт. Македонските организации и струи пројавиле поголем интерес за соработка, отколку младотурските комитети и организации.

Служувањата околу младотурското востание го затекнале Јане Сандански во Неврокопско. Во Неврокоп од балконот на околиската управна зграда одржал говор пред насобраната маса на граѓани и селани. Имало насобрано околу 15 000 луѓе кои со воодушевување го слушале. Сандански се уште не знаел за одлуката на султанот по однос на ултиматумот на младотурците. Од Неврокоп со своите луѓе и во придружба на неврокопскиот кајмакам, Сандански се спуштил кон југ, кон Драма. Понатаму преку Серес, се префрлил во Солун. По патот биле радосно пречекувани , а во Серес групата била поздравена од офицери, од мутесарифот на Серскиот санџак и многу Турци.

Групата во Солун стасала истиот ден на 28 јули 1908 година. Била свечено дочекана со воен оркестар и насобрана маса луѓе, меѓу кои претставници на градот, на етничко религиозните заедници, офицери. Официјалната делегација за пречек била предводена од Енвер-беј, а во неа, според некои извори, се наоѓал и Мустафа Кемал. Хероите на македонската револуција биле пречекани од хероите на младотурската револуција. Се смета дека дел од делегацијата бил и Тахсин Узер кои бил младотурски припадник и се познавал со Јане Сандански уште од времето на аферата Мис Стон во Банско. Енвер-беј и Јане Сандански од балконот на хотелот Англтер одржале краток говор пред неколку илјадната публика која била насобрана. Тоа му бил прв јавен настан на Јане Сандански во Солун. Во говорот ја осудил султановата тиранија од која долго страдале сите народи во империјата.

Посебно ги повлекол безбројните злосторства поради националните непријателства и одвратните самоистребувачки борби систематски поттикнувани од султанскиот режим според старото правило

раздели за да владееш. Не испуштил да ги осуди европските сили кои со своите политички интервенции и економско ограбување на Турција, го стопирале стопанскиот развиток и ги принудувале луѓето да емигрираат во потрага по подобра живеачка и повеќе слобода. Сандански го нападнал султанот, но и сите крунисани тирани надвор од Империјата, поради што некои конзули неосновано го обвиниле за анархизам.[20]

Јане Сандански својот говор го завршил со тоа дека револуцијата не е завршена и слободата не е обезбедена. Напротив, сега само што започнува заедничката борба за реформирана, демократизирана и стабилна Турција која треба на сите да им обезбеди економски и културен напредок. Пораката ја завршил: ***"Додека не видиме оти слободата е обезбедена, ние не ќе го испуштиме оружјето од своите раце. Бидете сплотени и готови за акција, зашто сешто е возможно".***[21] Овој говор всушност претставува кратко оцртување на програмата на македонската револуционерна левица, посебно на Сандански во неа, за наредните три-четири месеци.

Понатаму во познатиот манифест до сите народности во Османлиската империја од 31 јули 1908 година, Јане Сандански детално ја изложил програмата. Во манифестот во еден дел им се обраќа на сите сонародници односно на Македонците, а во друг на Турците, а сите останати народи ги именува со татковинци, што целосно одговарало со отоманистичката политичка ориентација на младотурците.

На Македонците им дал признание за дадените жртви против тиранијата на султанот. Вели дека сега тие имаат сојузници во борбата и им порачал да не потпаѓаат на агитирањата кои може ќе се спроведуваат од официјалната власт на Бугарија против заедничката борба со турскиот народ и неговата интелегенција која сака слобода. Ова предупредување на

[20] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 73.

[21] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 73-74.

Сандански било целосно оправдано, ако се имаат во предвид претходните искуства.

Се тврди дека манифестот на Сандански, во вид на леток, бил испечатен на бугарски, турски и француски јазик и бил распрснат низ Солун. Јане Сандански почнал со бурен политички живот во Македонија. До средината на август трите окружни организации (серската, струмичката и солунската) имале објавено нова програма и изменето име како Македонско-Одринска револуционерна организација.

Иако недостигаат изворни податоци, се претпоставува дека Мустафа Кемал бил запознаен и имал можност да ги чуе програмските гледишта и погледи на македонскиот револуционер Јане Сандански. Најверојатно и ги одобрувал неговите оценки за блиското минато и за заедничките идни борби на народите во Турција. Самиот Мустафа Кемал идејно бил поблизок со македонските револуционери, отколку со младотурските борци. Нивната средба во Солун била кратка, но не била последна.

Фактите говорат дека Сандански трајно се поставил во конструктивна опозиција наспрема владеачката партија "Единство и напредок", а Мустафа Кемал привремено се повлекол од сцената на политичката борба. По доаѓањето до победата младотурците почнале со поделба на власта. На првите избори во парламентот освоиле превладувачко мнозинство, но Абдул Хамид II по тогашниот устав и натаму имал голема власт како државен суверен и како врховен исламски поглавар, падишах. Но ваквото двовластие не траело долго. Меѓу 13 и 14 април 1909 година воените единици ја превземале контролата на власта во престолнината, биле суспендирани уставот и парламентот и тргнале во прогон на младотурските првенци. Тие затоа се собирале во Солун за да го организираат отпорот, за потоа да можат да тргнат во воен поход во Цариград. За нив Македонија и натаму останала главна потпора, а Солун политички центар на уставните сили. Најважно е тоа што со младотурците останале двата армиски корпуси, на Одрин и на Солун.

Од тој момент, поради настанатиот државен удар, поделбата и конфронтирањето на војската, државата влегла во криза. Бил во опасност натамошниот демократски развој, а бил загрозен и уставниот поредок. Притоа се појавила опасност од инвазија на балканските држави во Македонија и Европска Турција. Била потребна брза и решителна акција за да се спасат уставот и земјата. Мајорот Енвер-беј, Мустафа Кемал и други помлади офицери од комитетот во Солун успеале да го наговорат генералот Махмуд Шевкет-паша да застане на чело на единицата од III-от Солунскиот и II-от Одринскиот корпус, по што се создала т.н. оперативна армија за поход против султанската побуна во престолнината.

Единиците тргнале со возови кон Чаталџа, преку Истанбул. Во нивниот состав се вклучиле и единиците од т.н. реформирана жандармерија во Македонија, студенти од Солун, во кои имало и турски, македонски и албански доброволци со цел да нанесат решавачки удар. Борбите за Цариград траеле три дена, од 22 до 24 април 1909 година, при што побуната била задушена. На 27 април Сенатот и Народното собрание, конституирани во Велико народно собрание, со тајно гласање го детронизирале Абдул Хамид II и на престолот, со посебна резолуција, го поставиле новиот султан Мехмед Решад V.

Јане Сандански и другите македонски револуционери добиле голема морална сатисфакција за многугодишната борба и страдање против **"крвавиот султан".** И Мустафа Кемал уште од самиот почеток бил вклучен во походот и неговото подготвување. Тој се истакнал со своите организациски активности. Тогаш бил началник на штабот на радивската девизија во Солун и по пристигнувањето на информацијата веднаш истакнал дека е потребно брзо и ефикасно делување, стапил во контакт со командантот од III-от корпус се со цел да се спречи проширување на побуната во другите делови од државата. Дал предлог да се формира армија за брза дејствување и државниот удар да се ограничи на Истанбул. Бил одржан состанок во Воениот клуб во Солун, на кој Мустафа Кемал инсистирал во нејзините борбени задачи да не се мешаат никакви други сили, а пред се мислел на силите од здружението "Единство и напредок".

За командат бил назначен Хусеин Хусни-паша, а за началник на штабот Мустафа Кемал. Мустафа Кемал токму во тие денови бил сменет од неговиот вечен ривал Енвер-беј, факт кој говори дека младотурската партија, односно политиката, се мешала во работата на војската. Оваа смена не го намалила неговото значење во задушувањето на државниот удар, во одбрана на уставот и политичката стабилизација на државата, и на Македонија во неа.

Откако пристигнала веста за државниот удар на младотурскиот комитет, централниот во Солун и подрачните во Македонија побарале политичка поддршка, но и вооружена поддршка. Претставници во Солун се сретнале со Јане Сандански, во Скопје со Петар Поп Арсов и социјалистот Алексо Мартулков, во Драма со Тодор Паница, во Струмица со Христо Чернопеев. Со цел за да ангажираат доброволни одреди составени од македонски војводи. Централното биро на народната федерална партија во Солун, кое било раководено од Димитар Влахов и Христо Јанков, упатило повик за приклучување на доброволци и за формирање на македонски револуционерни одреди. Собирни места за доброволците биле турските воени касарни во Македонија. Таму им биле поделени оружје и муниција. Тоа е прв пат Македонците и Турците да имаат заедничка цел, и прв пат во македонско-турските односи, Македонците да добијат оружје од страна на Турците.

Доброволци се пријавиле од Серскиот револуционерен округ, од солунскиот, струмичкиот и скопскиот револуционерен округ. Повеќемина македонски, француски, руски и бугарски современици оставиле кратки сведоштва за големината и за борбениот придонес на македонските доброволни одреди во борбата за турската престолнина. Се споменува бројка од 1200 македонски доброволци, кои пред Цариград дошле предводени од своите војводи Јане Сандански, Тодор Паница и Христо Чернопеев. Тука, изгледа, се здружиле со единствената доброволна единица под заедничка команда на Јане Сандански и Тодор Паница.[22]

---

[22] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 77.

Македонското учество во походот и борбата за превземање на Цариград е потврдено и од некои турски современици и автори од тоа време. Се споменува дека Јане Сандански на една средба со Енвер-беј пристигнал со одред од 400 борци. Самиот Тахсин Узер тврди дека во борбата за освојување на султанскиот двор учествувал заедно со Јане Сандански.

По неколку дена од издвојување на победата македонските борци се вратиле во Солун со брод. Нивниот пречек во македонскиот главен град бил многу свечено дочекан и организиран. Понатаму доброволците си се разотишле во своите родни градови низ Македонија, каде што исто така биле свечено пречекани. Но постои податок дека Јане Сандански и Тодор Паница интервенирале во Министерството за верски прашања да одреди место за закоп на оние македонски доброволци кои загинале во борбата и кои со војнички почести биле погребани во дворот на бугарската болница при Егзархијата во квартот Шишли, не споменувајќи го нивниот број. Затоа што и тие на некој начин го дале својот живот за слободата на Македонија.

Мустафа Кемал вложил голем придонес во борбата. Негова била и самата идеја за формирање на оперативна армија составена од единици кои им биле предани на младотурците. На почетокот тој бил началник на нејзиниот штаб т.е. имал второ командно место. Нема податоци за повторна лична средба меѓу Мустафа Кемал со револуционерите Сандански и Паница. Но исклучена е претпоставката дека до таа средба не дошло затоа што началникот на штабот Мустафа Кемал и командантот на македонските доброволни единици Јане Сандански морале барем еднаш да се состанат за да ги договорат престојните оперативни задачи пред да тргнат во напад. Но важно е тоа што македонскиот револуционер Јане Сандански и турскиот револуционер Мустафа Кемал се нашле на еден ист фронт на одбрана на револуционерните придобивки и на татковината потесна и пошироко.

## 1.5 Сличности помеѓу Мустафа Кемал и Јане Сандански

Кај Јане Сандански пак се среќаваме со слична идејна еволуција во однос на македонската национална индивидуалност. Исто и тој своите основни гледишта ги извлекувал од историската реалност во која се наоѓал македонскиот народ и ослободителното движење. И кај него решавачка била свеста за изделеноста и посебноста на интересите на македонскиот народ кои биле сосема спротивни од интересите на балканските хегемонизми. Постојаното мешање на бугарската политика го оценувал како разорно за македонското ослободително движење. Јане Сандански бил непоколеблив поборник на самостојноста на македонското движење, во чија средина се наоѓала Внатрешно-македонската револуционерна организација, и од тие позиции одлучувал за пријателите и непријателите на Македонија.

Пред илинденското востание, а посебно по востанието се зацврстиле убедувањата дека само внатрешно сплотена, масовна и зајакната политичка организација ќе биде во состојба да и гарантира политичка стабилност на Македонија и во нејзиното ослободително движење. Затоа Јане Сандански на цела една и пол деценија водел сметка за односите на политичките сили и струи во самата Внатрешно-македонската револуционерна организација според тој однос ја определувал тактиката и правците на борба. Така се раководел во секоја фаза на македонската ослободителна револуција.

Може да се каже дека историската големина и на Мустафа Кемал Ататурк и на Јане Сандански се гледа во нивното визионерство со кое ја согледувале иднината и се залагале со неа да им обезбедат услови на своите народи за постојан развиток.

Бугарија своето влијание во Македонија го правела преку егзархијата и преку школството. Во некои делови Јане Сандански има исти мисли како Мустафа Кемал за дејствување, а кое било поврзано со осознавање на турскиот народ во империјата. Нивните сфаќања и погледи во таа насока се логички и се природна реакција на бавното, но реално

распаѓање на империјата, а не сакале да ги видат потиснати своите народи, македонскиот народ за Сандански и турскиот народ за Кемал. Самата ситуација двајцата ги насочила кон интересите и кон иднината на сопствениот народ, едниот отфрлајќи го отоманизмот, а другиот панбугаризмот.

Очигледно е дека ниту турскиот, ниту македонскиот народ во империјата не биле национално деконструирани. И двајцата добро ги насетиле процесите на нивно национално индивидуализирање, заложувајќи се тие процеси да се продлабочат, но и да се забрзаат.

Уште една сличност помеѓу овие двајца е тоа што, како што му било тешко на Мустафа Кемал идејно да го издвои турскиот народ од останатиот исламски свет во империјата, така и на Сандански не му било лесно да ја прекине присутната илузија за македонската припадност кон бугарштината. Таа илузија се зародила врз традициите од заедничките антифанариотски борби на македонскиот и бугарскиот народ во минатото и се одржувала со помош на бројните егзархиски органи и луѓе во Македонија.

# 2. Учеството на Мустафа Кемал во Балканските војни и Првата светска војна

## 2.1 Турција во времето на Балканските војни и Првата светска војна

Учеството на Мустафа Кемал Ататурк во Балканските војни и во Првата светска војна ќе бидат предмет на интерес во ова поглавје на трудот. Во овој дел од трудот ќе биде анализирано што тоа значело за Турција како држава, и какви се последиците по сите овие војни за развојот на настаните во подоцнежниот период.

Првата балканска војна Мустафа Кемал Ататурк ја дочекал на боиштето во Либија, како командант на дел од војската и на арапското месно население кои се спротиставувале на италијанската експанзија. За покажаната храброст на бојното поле во таа земја, бил унапреден во чин мајор. Но успехот на Балканските сојузници за време на Првата Балканска војна, шокантно делувало на турската влада која видливо го запоставила либиското боиште, за да склучи мир со Италија и сите свои расположливи сили ги сконцентрирала на балканското боиште. Токму од тие причини, преку Франција, Австро-Унгарија и Романија на почетокот на декември 1912 година, Мустафа Кемал се вратил во Цариград. За време на Првата Балканска војна, Турција доживеала тежок пораз од Балканските сојузници. Губејќи ја речиси цела Македонија која сојузниците ја поделиле и окупирале, Турција своите преостанати сили ги сконцентрирала да одбрани тоа што можело да се одбрани, зошто бугарските војски веќе го опколиле Одрин и продирале пред водите на Мраморното Море, Галиполе и би се рекло дошле пред Цариград.

Во вакви новонастанати услови, министерството за војската на Турција, го наименувала Мустафа Кемал за командант на штабот на една единица која ја бранела утврдената линија пред Булаир на самиот почеток на Галиполскиот Полуостров, со цел да се одбрани линијата од Галиполе и Чаталџа. Доколку таа линија ја поминале бугарските војски, патот кон Дарданелите и воопшто Цариград би бил ширум отворен. Турската влада и лично младотурскиот лидер Енвер, барале турска војска со брод да се

истовари северно од Булаир кај Шах Кај и да дејствува во две насоки, удирајќи бочно на бугарската војска во правец на Одрин. Иако Мустафа Кемал се спротиставил на овој според него неповолен план, кој реално му изгледал неостварлив, сепак ја прифатил командата и на 8 февруари 1913 година, турската војска нападнала во близина на Шах Кај и Булаир. Но, наскоро била тешко поразена, оставајќи над 6000 жртви. Дел од разбиената војска Мустафа Кемал успеал да ја спаси од сигурна пропаст. По тоа Бугарите го освоиле Одрин и поголемиот дел од Тракија.

Првата балканска војна и брзата промена на малите држави Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора ја промениле политичката карта на Балканот и биле воспоставени нови односи на оваа територија. На тој начин повеќевековното владеење на Османлиското царство било укинато. Во ноември 1912 година турската влада побарала помош од големите сили со цел да посредуваат во односите меѓу земјите на Балканот. Токму од тие причини, Големите сили, за да ја смират ситуацијата на Балканот, ја свикале Лондонската конференција во декември 1912 година, на која од една страна стоеле претставниците на балканските држави и Турција, а од друга страна претставниците, односно амбасадорите од Франција, Велика Британија, Австро Унгарија, Италија и Германија.

На конференцијата во Лондон бил изработен концепт на договор за мир, со кој било одлучено Албанија била прогласена за самостојна држава. Остатокот од европска Турција, според договорот на Лондонската конференција, бил разделен меѓу Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора. На Турција и останал само Цариград и околината, тесниот појас долж Мраморно Море, до линијата Енос-Мидија.[23]

Веднаш потоа започнала Втората Балканска војна. За време на Втората Балканска војна Бугарија за да ја освои цела Македонија, започнала војна со довчерашните сојузници (Србија, Грција и Црна Гора), но во војната била поразена на сите фронтови. Турција во Втората Балканска војна се приклучува кон Србија, Грција и Романија против

[23] Маргарита Пешевска, Турција од Првата светска војна до денес, Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995, 174.

Бугарија. Оваа нова ситуација како шанса ја искористила Турција, која со нападот на полубранетиот Одрин лесно го окупирала градот и околината. Со турските војски лично управувал Енвер-бег. Заедно со него бил и мајорот Мустафа Кемал, кој по победата го добил чинот потполковник. Иако за време на италијанско-турската војна, како и за време на балканските војни, Мустафа покажал голема пожртвуваност и војничка подготвеност сепак тоа не помогнало Турција да врати некои територии, кои порано ги имала освоено и ги поседувала. По победата на турската војска кај Едрене, Турција си го повратила овој значаен град, а Бугарија со Букурешкиот мир морала на Турција да и ги отстапи делот на Источна Тракија и Едрене.

Во новонастанатата ситуација, во владата на новиот младотурски триумфират: Енвер, Талат и Џемал немало место за перспективниот потполковник Мустафа Кемал, кој според нив бил обичен штабски офицер и затоа на него не му се давале доверливи државно-политички должности. Несомнено дека младотурскиот владеачки круг се плашел од овој опасен човек и конкурент кој бил постојано незадоволен од нивниот однос кон него, но секогаш бил смел и храбар и постојано приговарал на нивните грешки. Особено во ова време, го налутило Енверовото зближување на Турција со Германија и воопшто со Централните сили.

Со цел отстранување на Мустафа Кемал од политичките случувања во Цариград, младотурскиот владеачки триумвират му наметнал ангажман да замине во Софија како воен аташе. На тој начин оваа нова должност му давала многу малку можности да се екпонира на професионален и политички план. Додека престојувал во Софија, имал можност одблизу да ја следи бугарската официјална политика и нејзините подготовки за влегување во Првата светска војна, иако на почетокот таа привидно се изјаснувала за неутрална земја. Самиот престој во Бугарија го искористил за следење на бугарскиот парламентарен и политички живот. Притоа се запознал со Ковачев и Савов, а токму со Савов претходно спротиставено војувале еден спроти друг пред Булаир на Галиполе за време на Првата Балканска војна. Освен тоа ги следел бугарските воени вежби, маневри и тајните подготовки за војната и информирал за тоа.

Исто така треба да напоменеме дека во Софија тој стапил во врска со претставниците на македонското национално-ослободително движење, а според Јусуф Хамза и со левицата на ВМРО предводена од Јане Сандански и воопшто санданистите. Во моментот кога Мустафа ја напушил Софија и се вратил во Цариград, Бугарија веќе се подготвувала да застане на страната на Централните сили, кои пак и ветиле дека ќе и ја дадат цела Македонија по победата во Првата светска војна. Но и Турција која била предводена од Енвер-бег, и неговите младотурски истомисленици, се определиле да застанат на страната на Централните сили. Токму затоа во Цариград и воопшто во околината на Мореузите веќе започнало да се сконцентрира германска војска и флота, а со турската армија управувал германскиот генерал Лиман фон Сандерс, на што за ваквиот потег остро реагирал Мустафа Кемал.

## 2.2 Турција во времето на Ататурк по Првата светска војна

Мустафа Кемал се вратил во Цариград на покана на везирот Изет-паша, а притоа го напуштил Сирискиот фронт, но бил потребен на новиот падишах. Кога Мустафа пристигнал во Цариград го затекнал градот поделен и окупиран од антантините сили. Иако мора да се напомене дека во него формално падишахот се уште седел на својот султански престол, управувајќи со одделни државно-политички ингеренции, се разбира прилично ограничени од страна на победниците во светската војна. Сепак Турција била окупирана и распарчена од британските, француските, италијанските, грчките, ерменските, курдските и други сили, а сето тоа всушност значело дека турско-османската империја се распаднала. Само делот на Централна Анадолија била слободна каде што биле и стационирани турските националисти.

Во меѓувреме младотурскиот комитет „Единство и напредок", престанал да функционира, односно дел од неговите раководители се криеле во земјата а дел и ја напуштиле. Единствено, најценетиот турски генерал, кој го предизвикал повлекувањето на Британците на Галиполе, и се спротиставил на нивното навлегување во Александрета, личност кој најупорно и константно реагирал на грешките на младотурските лидери и

на германското присуство во Турција за време на Првата светска војна, учесникот и победникот на многу фронтови, Мустафа Кемал се наоѓал во престолнината.[24]

Присуството на Мустафа Кемал во Цариград претставувало опасност за неговиот живот, бидејќи постоело можност Британците да го ликвидираат. Мустава Кемал побарал од падишахот да биде назначен за министер на војната со силна влада. Но, новиот султан не го сторил тоа. Кога на сојузничката конференција во Париз се одлучиле да испратат трупи во западна Турција, со цел да ја окупираат, грчките војски со помош на британската дипломатија навлегле на 15 мај 1919 година во Измир и околината на Анадолија, и поради тоа се појавило четничко движење и буни против новите освојувачи. Токму поради тоа Британците го засилиле притисокот врз султанот со цел да преземе мерки состојбата да не се прошири и во останатите делови на земјата особено не во правец на Цариград. На тој начин Мустафа Кемал бил наименуван за главен инспектор на северните области и гувернер на источните вилаети, како султански претставник во тие турски провинции.

Меѓутоа Британците насетиле дека за оваа задача бил поставен опасен човек и затоа интервенирале кај султанот и турската влада, да го исфрли Мустафа Кемал од оваа функција и затоа побрзале да се пресретнат пред да го напушти Цариград. Но Кемал успешно побегнал од Цариград, така што на 16 мај 1919 година тргнал за Солун и Битола. Тој и неговите истомисленици имале идеја земјата да ја спасат од неспособниот падишах и странската инвазија и окупација. Така, тој всушност подоцна од Анадолија ја започнал војната за национално ослободување на Турција. За таа цел најпрво во Сивас, на Големото народно собрание била формирана привремена влада на нова, модерна Турција на чело со Мустафа Кемал. Се започнало со мобилизирање и создавање на нова турска армија од редовите на народот.

Меѓутоа во тоа време Турција се наоѓала во мошне критична положба, бидејќи била окупирана од британски, француски и италијански

[24] Зборник на трудови, Битола и Кемал Ататурк, Битола, 1998, 246-249.

војски. А со помош на британската дипломатија Грција поминала во офанзива, затоа што амбициозниот Венизелос се носел со идејата за реставрација на некогашната Византиска империја, и тоа со Цариград за главен град. На исток Британците ја основале Ерменската република и ги подигнале Курдите да се борат против Турците. Во меѓувреме како што напоменавме на притисок на Британците, султанот му го одзел мандатот на Мустафа Кемал за негов наместник во Анадолија, како и чинот генерал.

Во тие критични моменти за Турција, Мустафа Кемал останал доследен на својата татковина. Тој за цело време на започнатата национално-ослободително движење, се потпирал врз народот, војската и дел од турската интелегенција. Откако со своите истомисленици и соработници ја обучувале турската армија, регрутирана од редовите на народот, најпрво ги задушиле побуните на Ерменците, Курдите, италијанските единици кај Коња, францускиот гарнизон кај Мараш, британскиот гарнизон во Ески Шехир.

**2.3 Учество на Мустафа Кемал во Првата светска војна**

Со започнување на Првата светска војна, на 24 јули-04 август 1914 година, Мустафа Кемал стравувал дека Османлиската Империја ќе застане на страната на Германија. Тој бил свесен за негативните последици на војната врз Империјата. Гледал со недоверба на Енвер Паша, кој во текот на 1909-1913 година се наоѓал како воен аташе и бил силен приврзаник на Германија. Во јануари 1914 година, Енвер Паша, како министер за војна, на чело на Генералштабот поставил германски офицер. Мустафа Кемал, на 07 јули 1914 година на Фетхи Беј во Софија му го кажал своето мислење дека Германија ќе ја загуби војната и дека најдобро е Османлиската држава да остане неутрална. Тој чекал прилика да се врати во Истанбул. Со посредство на Фетхи Беј постојано испраќал телеграми до Генералштабот.

Стапувањето на Османлиската Империја во војна било поради нејзината експанзионистичка политика која ја имала кон Исток. Главни творци на оваа политика, која се протегала до Авганистан и Египет, биле

Енвер Паша министерот за надворешни работи Таљат Паша. При анализа на тогашната состојба се гледа дека тогашната влада не ја изгубила својата борбеност, иако била немоќна.

Кога војната во Европа започнала, Високата порта се уште немала дефиниран став. За да стапи Турција во војна придонеле и тогашниот германски амбасадор во Истанбул Fon Vangenhajm и германските офицери Fon Sanders и Bronsarg, кои имале големо вллијание врз Енвер Паша. На 02 август премиерот Халим Паша на францускиот амбасадор му ја потврдил решителноста на Османлиите да останат неутрални. Дури и по решителноста за соработка со Германците, премиерот му јавил на британскиот амбасадор дека присуството на германските војници нема никакво политичко значење. Притоа, додека Саит Паша дава повод да се мисли дека постои наклонетост спрема Тројниот Пакт, дотогаш министерот за поморски сили на Османлиите од Франција бара поактивна политика, па дури и извесни концесии спрема притисоците на Тројниот Пакт. Како резултат на тоа на 30 август по долги дискусии тројката на османлиската влада, пашата Саит Халим, Енвер и Таљат одлучили да потпишат спогодба со Германците.

На 25 август Амбасадорот Бомпард во својот историски извештај ги објаснил причините односно интересите за потпишување на оваа спогодба: сомневање на Турците во Русите, очекување на брза победа на Германците, покачување на царските давачки, обезбедување на економска слобода и слично. Посебно ги истакнал различните ставови на владата по истото прашање. Ставањето под контрола на сите бродови било природен резултат на директниот однос помеѓу германскиот Генералштаб и Енвер Паша. Кризата околу двата германски крстосувачи Goeben и Breslau ги потврдиле овие вести. Двата германски брода под команда на адмиралот Souchon ги бомбардирале двете француски пристаништа во Алжир, Philippeville и Bone. Проследувани од британската флота на 10 август Goeben и Breslau се засолниле во мореузите, а на 11 август Османлиската влада соопштила дека истите ги има купено. Наспроти предупредувањата на сојузниците, овој настан бил изненадување. Османлиската влада ја нарушила својата неутралност, негирајќи го договорот од Хаг, потпишан

во 1907 година според кој, во мирнодопски услови со одобрение од султанот бродови можат да минуваат низ мореузите, а тоа се забранува во воено време.

Тврдењата на американскиот амбасадор Morgenthau дека решението за поминување на германските бродови на десетти август низ мореузот го донел лично Енвер Паша, во своите мемоари го потврдува и германскиот офицер Kannen Gresser. Притоа османлиската влада, купувањето на германските крстосувачи се обидел да го оправда со заробувањето на два турски брода, кои се нашле во британско бродоградилиште. И по овој настан истанбулскиот печат, имајќи ја германската поддршка, почнал кампања против англичаните.

Понатаму на 11 август крстосувачот Goeben вршел притисок на британските бродови, уништувајќи им ги радио апаратите. А следниот ден премиерот сета вина ја префрлил на Енвер Паша, давајќи гаранција дека Турците ќе останат неутрални. Во своите извештаи британскиот амбасадор Беаумонт вели дека зад сите провокации стои Енвер Паша.[25] На 12 август британската влада се обидела да го смири својот амбасадор уште повеќе истакнувајќи дека германскиот персонал на крстосувачите се заминати за Германија. Исто така и османлискиот премиер на 14 август на сојузниците им дал смирувачки уверувања. Но провокациите середеле, при што за командување со турските единици во Едрене биле назначени германски офицери.

На 17 август Саит Халим Паша ги искажал своето задоволство поради тоа што Франција, Англија и Русија го гарантирале територијалниот интегритет на Османлиската Држава. Понатаму на 20 август Џемал Беј на надлежните при британската амбасада во Истанбул им укажал на потребата од формирање нова сила како одговор на ветувањата на Германија. Всушност настаните се движат во спротивен правец. А официјалната наредба на Саит Халим Паша за минување на британските бродови низ мореузите не бил применет и премиерот останал

[25] Во својот извештај од 12 август го навел следново “Во овој миг министерот за војна изгледа е моќен и го сметам како одговорен за турското приближување кон Германија”.

без власт. Тој испратил и извинување до амбасадорите поради неможноста бродовите да поминуваат. Германските офицери на Weber Паша биле ангажирани да поставуваат мини и да спремаат одбрана на мореузите. Од другата страна пак бедуините поддржани од Енвер Паша и Германија на Синај минале во напад. Па и покрај смирувачките изјави на премиерот и пашите Џемал и Таљат, ваквиот развој на настаните не останал незабележителен од амбасадорите на сојузниците.

Вистинската цел на Германија била по победата над Франција, која ја предвиделе за септември, крстосувачите Бреслау и Гоебен да испловат во Црното Море и да ја присилат Русија на војна. Германците со помош на двата крстосувачи ги реализирале своите планови, без да обѕираат на Саит Халим Паша, Енвер Паша и Џемал Беј.

На 30 август дипломатските претставници на Сојузниците се уште биле уверени дека Османлиската држава застапува неутралност, иако тогаш таа веќе била склона да учествува во војната. На 16 август во еден британски извештај стои дека Таљат Паша ќе стане против странската доминација, користејќи се со војната која е веќе почната во Европа, но верува дека таа ќе донесе лоши резултати за Турција. Биле присутни околу четири или пет илјади војници и морнари Германци во Истанбул, а германската влада вршела постојан притисок. Последователно на тоа Енвер Паша успеал да издејствува на 20 септември крстосувачот Бреслау да исплови од Црното Море. Веднаш потоа на 27 септември мореузите биле затворени за трговски бродови.

И покрај сите обиди на неутралците, Турција не се откажала од војната. Додека од една страна неуспесите на Германците на реката Марна и Галиција создале страв кај застапниците за војна, од друга страна Саит Халим Паша на германскиот амбасадор му јавувал дека постојат финансисти потешкотии. Тогаш Германија почнала да ја користи мамката наречена злато. За возврат на 4 милиони британски лири (сто милиони француски франци) пашите Енвер Таљат и Џемал пред германските амбасадори потпишале договор за пристапување во војната. Со исплатата на германските златници во Истанбул се засилиле воените подготовки

против Египет. Посебно за излегување на флотата на Црно Море била обезбедена концесија. Со цел неутралците да ги смират настаните, на 27 октомври, претседателот на Народното собрание Халил Беј го пратиле во Виена и Берлин. Францускиот амбасадор во својот извештај истакнува дека Германците ќе се обидат да го убедат и Таљат Паша, а и премиерот ќе мора да се одлучи за стапување на германска страна или за оставка, додека пристигнувањето во Истанбул на вестите за победа на Русија во Варшава за последен пат создало застој во разидувањето.[26]

Крај на нерешителноста ставила Германија со пуштање на флотата во Црно море на 27 октомври. Понатаму на 29 октомври крстосувачите Гоебен, Бреслау и Хамидиѕе заедно со 4 минофрлачи и 2 носачи на мини ги бомбардирале руските пристаништа Одеса и Севастопол, на Црното Море, сето тоа благодарејќи на соработката со Енвер Паша.

**Двете најважни и основни причини за стапување на Турција во војна биле германските притисоци од една страна и влијанието кое го имал Енвер Паша, а кој сакал да соработува со Германија. Тој бил поддржан од Таљат Паша, кој бил против колонијалното владеење. Политиката која што ја водела Османлиската држава во последните години ја водел Енвер Паша и имала за цел со поддршка на германците, повторно да завладее барем со поранешните територии на Исток.**

Постоело несогласување помеѓу Енвер Паша, кој сметал дека излез за продолжување на Османлиската држава е освојување на нови територии и Мустафа Кемал, кој од друга страна излезот го барал во воведувањето на ново уредување. Но тогаш веќе Османлиите биле дел од Првата Светска Војна и турските офицери немале друг избор освен борба.

Во текот на зимата во 1914 година Енвер Паша имал надеж дека ќе го окупира Кавказ, со давањето на наредби за борба против Русите кај месноста Сарикамиш во источна Анадолија. А во исто време Мустафа Кемал бил повикан во Истанбул и бил ставен на чело на еден полк кој се наоѓал на Арибурну и Анафарталар на полуостровот Галиполе.

[26] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 21.

Предвидувањата на потполковникот Мустафа Кемал за текот на Првата Светска Војна, почнувајќи од зимата 1914 година, во тие моменти се исполнувале.

Со битките против Англија и Франција, во 1915 година, Мустафа Кемал, со своите способности успеал да ги задржи сојузничките сили при што ги добил сите овластувања за самостојно командување на фронтот кај Анафарталар, од Фон Сандерс. По поразот од Балканските војни и на Сарикамиш, успешниот отпор на Чанаккале го свртело целото внимание кон овој млад офицер на Османлиската војска. Затоа што се испоставило дека има потреба од него, раководството на 05 мај 1915 година го унапредило во чин полковник. По победата на Чанаккале, Мустафа Кемал се надевал дека ќе биде послушан од раководството во Истанбул и дека грешките ќе може да бидат исправени. Тој имал нови планови. Доколку сојузничките сили не биле запрени на Чанаккале, тие ќе навлегле во Истанбул и ќе излезеле на стратешки важното Црно Море.

Вистинската цел на сојузничките сили била да се најде прикладен пример за помош на Русија. Мустафа Кемал ги расипал сметките на сојузничките држави и придонел да се забрза руската револуција во 1917 година. Писмото на тогашниот командант на Галиполе германскиот генерал Лиман Фон Сандерс, со кое овој го повикува Енвер Паша на фронтот, го содржи неговото признание за тоа дека не ја познава доволно турската армија, оти не може да се има доверба во германските офицери и дека, покрај се, тој на чувствата на единство и доверба им оддава признание.[27]

## 2.4 Воените операции и битката кај Галиполе

На почетокот на 1915 година опасноста на османската империја по нејзиното прогерманско подредување станувала сериозна. Од север на Цариград и воопшто на Турција притискале Русите, а од југ Британците. Во почетокот на 1915 година се очекувал британски десант на

---

[2727] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 22.

Дарданелите. Затоа Фон Сандерс од сите офицерски кадри, единствено имал доверба во Мустафа Кемал, иако од него доживеал тешка оптужба и навреда за германското присуство во Турција. Но без разлика на тоа, генералот му ја доверил на Мустафа Кемал дотогаш најодговорната задача да ги брани моерузите од очекуваната инванзија од Антантата.

За таа цел му била доверена командата на 19-тата дивизија што била во резерва во Маидос, односно се работела за војска која допрва требало да се мобилизира. Се разбира на таа задача целосно се посветил Мустафа Кемал. Тој турскиот аскер од 60.000 војници го поделил на три групи од по 20.000 војници, а војската ја распоредил на крајбрежјето на линијата на Галиполскиот Полуостров во должина од 52 километри. На источниот дел од малоазиското копно се наоѓале германски војски под команда на генералот Фон Сандерс. Во такви услови се очекувал нападот од силите на Антантата, а значењето било јасно: **морало да се зачуваат Дарданелите, а доколку тие паднат ќе паднел и Цариград, а со самото тоа и Турција.**





*Мустафа Кемал Ататурк со османлиските воени офицери во битката кај Галиполе во 1915 година*

Со цел да се спречи експанзија на силите на Антантата, Мустафа Кемал ја распоредил војската подалеку од морската широчина на

ритчињата на Галиполскиот Полуостров. Со тактика и вкопување во ровови (кое траело околу 40 дена) се подготвувале за одбрана на Цариград. Според него, во близина на местото Булаир кај гребенот на Чанак Баир требало да се истоварат антантините сили и да се одигра решавачката битка. Тоа стратегиско место било клучот за влез во Дарданелите и Цариград.[28]

Токму тука на 25 април 1915 година на ден недела, се истовариле силите на Антантата при што се одиграла неколкудневна решавачка и исцрпувачка битка. Со првите борбени редови управувал токму Мустафа Кемал, уфрлувајќи ги во битката сите расположливи сили, дури и резервата, и токму на тој начин битката била добиена. Британците биле одбиени, а Цариград и Галиполе биле спасени.

Во Цариград, Мустафа Кемал се вратил како победник ***"Спасител на Дарданелите и на престолнината, и воопшто на Турција".*** Но неговите младотурски соперници не му искажале благодарност, а во ова особено се истакнал Енвер-бег. Затоа во 1916 година бил испратен за командант на турските војски во Кавказскиот регион. Источниот кавкаски фронт Мустафа Кемал го нашол во многу лоша состојба, но особено му помогнало фактот што во Русија започнала Октомвриската револуција. Сето тоа придонело руската армија постепено да се разбива на помали воени единици, а со тоа да ослабнува и да се распаѓа. Дури и организираните локални христијански, ермenски и грузиски воени единици сепак не успеале да ги одбранат градовите Ван, Битлис, Муш, па дури и Батум кој се наоѓал на дофат на Турците. Потоа, Мустафа Кемал бил назначен за командант на 40-от корпус на Источна Анадолија, со штабно место во Дијарбакр, каде што и ја добил веста за неговото поставување во чин на генерал. Сепак, во Анадолија наишол на наполно деморализирана и дезорганизирана турска армија, слабо нахранета и облечена, со корупциски постапки од дотогашниот офицерски кадар. Во таква ситуација, новоимениуваниот генерал Мустафа Кемал се ангажирал работите да ги доведе во потребното војничко ниво.

[28] Зборник на трудови, Битола и Кемал Ататурк, Битола, 1998, 242.

Но сепак и покрај сите успеси што ги постигнал во редовите на османлиското раководство не се појавил човек кој би му посветил внимание на неговите погледи и размислувања. Од Енвер Паша, Мустафа Кемал бил назначен за командант на 16 корпус стациониран во Источна Анадолија, но тоа и не било нешто значајно за Мустафа, иако како што рековме на 01 август 1916 година бил унапреден со чин генерал, т.е паша. Мустафа Кемал пред да замине на новата должност сакал да се сретне со Енвер Паша, со цел да го предупреди за погрешнта политика која ја води османлиската власт и дека Германците со сигурност ќе ја загубат војната. Но немал можност да го направи тоа, и заминал со разочарување. Ова мислење го изнел на средбата во 1917 година кога Енвер Паша го повикал да се сретнат во врска со планот за започнување на походот Хиџаз на Арапскиот полуостров. Тогаш Мустафа Кемал кажал дека Хиџаз треба во потполност да се напушти и да се посвети внимание на одбраната на Анадолија. При тоа дошло до недоразбирање помеѓу него и германските офицери кои биле вистинските команданти во овие краишта. Мустафа Кемал не се сложувал за напад против англичаните на Синај, при што во писмото до премиерот Таљат Паша, ја изнел катастрофата кој би се случила ако на фронтот командуваат странски офицери.

Во 1917 година, Британците планирале нова офанзива во Палестина и Сирија во правец на Турција. Тие веќе го зазеле Багдад и напредувале кон градот Мосул. Токму од тие причини Мустафа Кемал бил наименуван за командант на 6-тата армија на Палестинскиот фронт. Состојбите на овој фронт биле исто така тешки. Турско-германската команда на чело со генералите Енвер и Фон Фалкенштајн предлагале да организираат светкавична армија (јилдирим-молња) со цел да го повратат назад Багдад, а потоа и Египет, Сирија и Палестина од Британците. Реално согледувајќи дека тој зафат нема никаква шанса за успех, Мустафа Кемал им се спротиставил на споменатите генерали. Затоа, Енвер го вратил Мустафа Кемал на старото командно место во Дијабекир. Но Мустафа одбил да се врати таму. За да не биде дискредитиран до крај, Мустафа добил од Енвер *"неограничено отсуство поради болест"*, со што му се овозможило да се врати во Цариград.

Пролетта 1918 година, заедно со престонаследникот на султанскиот трон Вахдеттин, турска државна делегација на највисоко ниво заминала во Германија. Во делегација бил вклучен и Мустафа Кемал, кој ја искористил таа можност на престолонаследникот да му ги изнесе своите политички гледишта и ставови. Откако ја согледал тамошната фронтовска состојба, тој на членовите на германскиот генералштаб им дал до знаење дека за него Германија ја губи војната. Од оваа државна посета доаѓа зближувањето со престонаследникот Вахдеттин, кој по смртта на својот брат, ќе биде назначен за последен турски султан.

Откако се вратил во Истанбул, во август 1918 година, бил назначен за командант на 7-та армија во Палестина, односно на сирискиот фронт. Седмата армија која ја држела средината на турската линија се состоела од 2 армиски корпуси, вкопани во ровови, или аскер окован на земја, деморализиран, со видлив опаднат морал и желба за војување. Затоа дезертерството на војниците, па и на офицерите било постојано присутно. Таа неповолна состојба требало да ја негира генералот Мустафа Кемал. Тој иако болен (од бубрезите), се обидел да направи ред на фронтот. Но британската војска била побројна, подобро наоружана, нахранета, облечена и потпомогната од арапските единици на познатиот Томас Едвард Лоренс. Затоа на 19 септември 1918 година тие започнале офанзива. Во таква ситуација Мустафа Кемал бил принуден да отстапува, со цел да спаси дел од турската армија. За него Сирија, Арабија, Палестина, Египет, Јордан одамна биле изгубени. Сега тој се интересирал како да ја одбрани Турција, со нејзината престолнина.

Со учеството на Турција во Првата светска војна на страната на Централните сили, Турција доживеала тешки порази. Мустафа согледувајќи ја реалната ситуација, сепак давал некаков поорганизиран отпор. Во таа смисла, дури и еднаш се спротиставил на Британците, одречувајќи им го правото без отпор да им го предаде градот Александрија, на што му се лутеле и султанот и турската влада.

Меѓутоа кога го привлекол вниманието на Османлиската власт со своите погледи за штетноста на договорот за прекин на огнот потпишан

на 30 октомври 1918 година во Мондрос, тој се вратил во Истанбул. Според одредбата од договорот за прекин на огнот во Мондрос, почнува окупирањето на одделни области во Анадолија од страна на сојузничките војски, при што за опасноста од овој чекор по земјата, Мустафа Кемал го предупредувал новиот премиер Изет Паша. Во исто време им давал наредби на силите под своја команда, и протестирал против окупацијата на Искендерун од страна на Англичаните. Во истиот период ја напуштил командата на таканаречените Молневити Армии. Неговите отворени и остри критики предизвикувале вознемиреност кај истанбулската влада. Се сметал за офицер кој внесува збрка и го спречува мирот. Додека тој барал спас за земјата, владата тоа го негирала. Затоа тој уште повеќе се разочарал, се откажал и од мислата да стане министер за војна и да им се спротистави на окупаторските сили.

Малцинствата, кои 600 години биле рамноправни заедно со Турците, се ставиле на страна на окупаторот, и против девет милиони Турци во Анадолија. Така соработката на Ерменците од Јужна и Источна Анадолија со окупаторот, како и учеството на грчкото малцинство во злосторствата против Турците, а заедно со окупаторите било причина за раѓање на национална свест и солидарност кај Турците. Турскиот народ, кој живеел во духот на традиционалната исламска култура, не можел да ги трпи нападите врз честа. Како резултат на отпорот на народот во Анадолија се формирале индивидуални чети кои прераснале во легален отпор против окупаторот. Поединечниот отпор кој се појавил, кај турските офицери создал уверување дека ослободувањето на земјата е можно само преку општонародно-ослободително движење, кое може да се оствари со претварање на индивидуалниот во организиран народен отпор. Прв кој ја согледал оваа реалност и целиот свој труд го вложил во нејзино остварување бил Мустафа Кемал.

А, по поразот на Германија за време на Првата светска војна, генералот Фон Сандерс му ја предал на Мустафа Кемал целата команда на фронтовите на Блискиот Исток. Токму Мустафа Кемал бил лидер кој настаните и општествените услови ги оценувал преку својата визија за иднината и одиграл историска улога во усмерување на турскиот народен

отпор. Одиграл исклучително важна одлука и на бојното поле, но и во утврдувањето на судбината на својот народ, реалните согледувања веднаш применувајќи ги во практиката. Сето тоа било така затоа што Мустафа Кемал имал голема верба во народот.

### 2.5 Мировните договори по Првата светска војна

Версајската конференција ги потврдила одлуките од состанокот во Мондрос од 30 октомври 1918 година со кој Грција имала право да го откупи градот Смирна. На 15 мај 1919 година грчката војска се истоварила во градот Смирна. Големите сили ја подржале Грција во нејзината намера. Во исто време во акција стапиле и Италија и нејзината војска која се истоварила во Анадолија. Велика Британија и Франција се спротиставиле на оваа интервенција. Но Италија ја смирувала ситуацијата истакнувајќи дека Грција ќе и ги признае Смирна и Додеканезите, доколку добие одврзани раце во Анадолија и Албанија. Во Версај било одлучено Источна Тракија да и припадне на Велика Британија, Франција ја добила Јужна Тракија и југозападниот дел на Мала Азија, додека пак, во Цариград требало да останат сојузничките трупи.

Турција од Првата светкса војна излегла опустошена. Во текот на војната загинале повеќе од 325 000 војници, а околу 40 000 војници биле ранети. Преку еден милион луѓе исчезнале, а стопанството било упропастено, особено земјоделството.

Големите сили, победнички во војната, расправале за статусот на Турција на конференцијата во Сан Ремо, одржана од 19 до 26 април 1920 година. Биле донесени нови одредби за неутрализирање на протоците (Босфорот и Дарданелите). На конференцијата била формирана комисија која која се состоела од претставници на Велика Британија, Франција, Италија, Јапонија, Грција, Романија, Русија, Бугарија и Турција која требала да го разгледа ова прашање. Било решено во Источна Анадолија да се формира независна држава Ерменија, а Курдистан да добие автономија. Бил потврден мандатот на Велика Британија во Месопотамија и Палестина, а Франција ја окупирала Сирија. Исто така, бил потпишан

посебен договор за нафтата со кој Велика Британија го задржала Мосул, но се обврзала 25 % од профитот да и го префрла на Франција.

Одредбите од конференцијата во Сан Ремо влегле во одредбите на мировниот договор во Севр од 10 август 1920 година потпишан од победничките сили со турската влада. Според овој договор територијата на Турција била смалена за четири пати. Таа требала да ја предаде на Франција и Велика Британија целата флота, која се состоела од 7 едреници и 6 торпедни чамци. Турција немала право да дава концесии на странските држави без одобрување од сојузниците. Војската требала да брои 50 000 војници, а полицијата 35 000 полицајци. Во редовите на полицијата требало да влезат полицајци дојдени од странските држави. Турција требала да ги сруши сите утврдувања околу протоците. Комисијата формирана за да го регулира прашањето за протоците дејствувала самостојно и имала свое знаме и своја полиција.

Паралелно со овој договор во Севр, Турција склучила посебни договори со одделни земји, како што се Франција, Велика Британија и Италија за поделба на интересни сфери во Анадолија. Овие земји добиле право да ги експлатираат железничките пруги во Турција, а биле добиени и многу други привилегии.

# 3. Развојот на Турција помеѓу двете светски војни

Во рамките на третата глава, која всушност ќе ни претставува една од најважните глави ќе биде разгледувано прашањето на развојот на Турција помеѓу двете светски војни, со сите настани и случувања кои се случиле во тој период. Тука ќе биде разгледувано за односот на соседните држави со Турција, и особено односот на моќните држави на меѓународен план и нивниот однос кон Турција.

## 3.1 Турското национално ослободително движење

Политиката на големите сили околу разделбата на османлиските територии била причина за појава на силно национално-ослободително движење на Турција, на чело со Кемал Мустафа паша. Како што рековме тој во минатото бил активно вклучен во младотурското движење и учествувал во младотурската револуција. Мустафа Кемал паша отворено истапувал со барање Турција да порасне во јака европска држава и се залагал државата да ја оттргне од странските влијанија. Тој се поврзал и со високи функционери на министерството за војска, меѓу кои биле Февзи паша и Исмет бег.

Оваа група успеала да се избори Мустафа паша да биде избран за началник на армиската инспекција. Во мај 1919 година Мустафа паша ја добил командата на турската војска во североисточна Анадолија за борба со грчката војска, кои претходно ја окупирале Смирна. Таму Мустафа Кемал го организирал национално-ослободителното движење и застанал на негово чело. Тој се залагал да се свика Национално собрание, кое требало да донесе одлука за сместување на владата во Цариград. По иницијатива на Мустафа паша, во Ерзурум бил свикан конгрес на кој се критикувале странските капиталистички држави кои сакале Турција да ја претворат во колонија. Било одлучено Турција да ги употреби сите средства за да ја сочува независноста на државата. Сите групи и организации требало да се обединат во едно ново друштво за одбрана на Анадолија.

По конгресот Мустафа Кемал паша на Цариградската влада и предал барања од конгресот во Ерзурум во три точки:

- Да не превзема мерки против национално-ослободителното движење;
- Да ги штити националните интереси;
- Да свика народно собрание на кое ќе се разгледаат барањата на народот.

Цариградската влада ги одбила барањата на конгресот, а особено се спротиставила на создавањето сојуз со национало-ослободително движење против влијанието на странските капиталисти во Турција. Под притисок на Велика Британија, султанот Мехмет Вахдеттин VI го ставил Кемал Мустафа надвор од законот. Но во тоа време авторитетот на султанот бил многу мал и одлуката не можела да му наштети на Мустафа Кемал паша. По негова иницијатива во септември 1919 година бил свикан Сетурски конгрес во Сивас, на кој била донесена одлука да се формира влада на Анкара, а иако не била потврдена, таа имала широки овластувања.

Било свикано народно собрание на кое бил отфрлен договорот од Севр и се донела одлука за симнување на султанот Мехмет Вахдеттин VI од власт. Народното собрание ја објавило својата понуда, во која се барало да им се објави војна на странските држави кој ја поделиле Турција. Исто така се барала независност, интегритет на националната територија, укинување на капитулациите, свикување на конференција на црноморските држави (за решавање на прашањето за протоците) како и признавање на правата на националните малцинства според правата на малцинствата во европските држави кои имаат најлиберални власти.

Кемал Мустафа паша не добил поддршка од капиталистичките држави, кои ја поддржале владата во Цариград. Затоа, тој побарал помош од Советска Русија. Бил испратен пратеник во Москва кој на Советската влада и пренел порака дека новата турска влада е на страна на советската влада, и дека рамо до рамо со неа ќе се бори за истерување на странските капиталисти од подрачјето. Турската влада од Анкара побарала

материјална помош од Москва, а потоа бил и воспоставени и дипломатски односи меѓу двете влади.

Преговорите на турската влада од Анкара со советската влада ги вознемириле големите сили. Франција прва реагирала и сакала да го растури пријателството меѓу двете влади и да го придобие Мустафа Кемал паша на страна на Франција во нејзиното соперништво со Велика Британија. Француското печат ја обвинил дипломатијата која ја пуштила Турција во прегратките на Советска Русија. Се барало Франција да ја придобие владата во Анкара и таа да и послужи како бедем против болшевизмот и неговото ширење во Европа.[29] Командантот на сојузничките војски во Цариград де Бургон, предлагал на Кемал Мустафа паша да му се дадат Смирна и Тракија, со што би се привлекла новата турска влада на страната на Франција.

Мустафа Кемал паша и неговите приврзаници успеале да го убедат султанот да го свика парламентот. Тогаш била формирана нова влада од страна на Али Риза паша. Во јануари 1920 година новата влада распишала избори, на кои што победиле националистите и добиле мнозинство во парламентот. Парламентот ги усвоил одлуките на конгресот во Ерзурум и Сивас. На седницата се расправало за безбедноста на Цариград и Мраморно море. Се барало турските граници да се протегаат до таму до каде што турското население е мнозинство. Исто така, парламентот се залагал да се укине режимот на капитулации со кој странските капиталисти го контролирале стопанството во земјата. Иако парламентот не истапил отворено против султанот, тој сепак со помош на странските земји успеал да го растури. Потоа, Велика Британија испратила помош во Цариград, Пратениците избегале во Анкара и таму почнало со работа Народното собрание. Кемал Мустафа паша бил избран за претседател на собранието.

Владата во Анкара водела борба и против феудалците, кои биле против промената на државата. Тие имале многу приврзаници во

[29] Маргарита Пешевска, Турција од Првата светска војна до денес, Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995, 181.

централниот дел на Мала Азија. Големото народно собрание донело закон, со кој многу остро требало да се постапи со непријателите на државата. Кемал Мустафа успеал брзо да се пресмета со феудалните реакции. Народното собрание ги поништило сите договори кои цариградската влада ги склучили по растурањето на парламентот.

Во исто време биле вршени внатрешни промени во Турција. Во јануари 1921 година бил донесен нов устав со кој големото народно собрание добило законодавна и извршна власт. Кемал Мустафа Паша на 16 март 1921 година склучил договор со Советска Русија со кој биле поништени сите договори кои биле претходно склучени со кралска Русија. Советот на народните комесари, преку советско-турскиот договор за пријателство и братсво, ја признал независноста на Турција. Исто така, во него се содржани одредбите со кои двете страни се согласни да се укине режимот на капитулации и контролата од странските земји. Прашањето за протоците требало да се реши на конференција на црноморските земји кои биле директно заинтересирани за ова прашање.

Успехот кој го постигнала турската војска кај Инени придонел на Лондонската конференција, одржана во февруари - март 1921 година големите сили да поканат делегација на владата од Анкара раководена од Бекир Сами бег, и делегација на владата од Цариград

Двете делегации на 25 февруари 1921 година, поднеле заедничка декларација во која се барало:

- Да се востанови Турција од 1913 година;
- Грчките трупи да се евакуираат од Смирна и таа да и се врати на Турција;
- Да се обезбеди безбедност и сувереност на Турција и слободна пловидба по протоците;
- Да се укине режимот на капитулациите;
- На Турција да и се даде право на поморски сили, кои и се потребни за одбрана на нејзината територија.

Големите сили учеснички на Лондонската конференција различно ги оцениле овие предлози. Италија се залагала за предлогот со кој се барала ревизија на договорот во Севр. Поодмерен став имала Франција, но нејзиниот делегат Брајан се обидел тајно да преговара со турските делегати на владата на Анкара и му дал до знаење дека Франција ги прифаќа предлозите на турската делегација. Претставникот на Велика Британија Лојд Џорџ, исто така, се обидел тајно да преговара со Бекир Сами бег и сакал владата од Анкара да ја насочи против советската власт. Тој предложил турската војска да се упати кон Баку и Турција да ги земе под протекторат богатите области на Закавказјето.

### 3.2 Договорот во Севр

Окупаторските држави успеале да ја присилат Османлиската влада, на 10 август 1920 година, да го потпише договорот во Севр, иако владата во Истанбул не постоела во вистинска правна смисла. Условите што ги содржел овој договор биле:

- Османлиската Империја ќе се состои од внатрешноста на Анадолија и околината на Истанбул;
- Егејскиот дел на Анадолија и Источна Тракија им се препуштаат на Грците;
- Ирак, Арабија и Сирија ќе им припаднат на Англичаните и Французите;
- Јужна Анадолија и Југоисточна Анадолија ќе ги делат Италијанците и Французите;
- Мореузите му се отстапуваат на окупаторските сили;
- Османлиската воена сила е сосема ограничена, капитулациите во најширок обем се применуваат, додека малцинските права се доведуваат во привилегирана положба.

Големото турско собрание не го признавало договорот во Севр, и истиот бил причина односите помеѓу ататуркистите и Османлиската власт дефинитивно да се заострат при што Собранието се оддалечило од

верските притисоци на Османлиската влада. Странските окупаторски сили од една страна имале за цел целосно уништување на Османлиската Империја, а од друга страна гушење на револуцијата на Анадолија.

### 3.3 Продолжување на преговорите и борбите

Турција не била задоволна од одлуките на Лондонската конференција. Затоа веднаш по конференцијата владата во Анкара, склучила договор со советската влада и во исто време ги продолжила борбите со Грција за Смирна.

Грчката војска успеала да издвојува победа во пооделни битки ки значеле нејзино напредување. По победите патот кон Анкара им бил слободен. Народното собрание во Анкара му дало големи права на Ататурк во борбата против Грција. Под негова команда турската војска во 1921 година ги победил грчките војски во Сакарија, со што Турција ја сочувала Анадолија.

Победата на турската војска имала влијание на француско-турските односи. Франција во Анкара го испратила Франклен Бујон, кој бил член на сенатската комисија за надворешни работи. На 20 октомври 1920 година бил потпишан француско-турскиот договор со кој Франција ја признала владата во Анкара. Франција добила концесии за користење на железничките пруги во Турција, но според договорот француската војска требала да се повлече од Киликија. Анкарскиот договор предизвикал револт кај Велика Британија, кој ги обвинила Французите дека ги довела во прашање сите претходни договори. Франција сакала да ја смири британскта влада со што сметала дека овој договор регулирал некои односи меѓу двете земји.

Грција и покрај неуспесите, ја продолжила војната со Турција, бидејќи Смирна се уште била во нивни раце. Турција откако претходно се обезбедила дека нема да биде нападната од зад грб од страна на Советска Русија, почнала да се подготвува за превземање на против офанзива кон Грција. Против офанзивата била подготвена во тајност лично од Мустафа Кемал. Трупите тајно се приближиле кон Смирна, без да бидат

забележани од грчката војска. Против офанзивата почнала на 26 август 1922 година и турската војска успеала до 31 август да ги разбие главните грчки сили кај местото Афјон-Кара Хисар. Бил заробен и командантот на грчката војска Трикупис. Грчката војска била потисната кон морето и одвај се спасиле со бегство во своите бродови. Поразот на грчката војска било причина за паѓање на кралот Костантин. Претседателот на владата Гурарис и некои министри биле убиени и била воспоставена воена хунта. Грција побарала помош од некои европски држави, но тие не и излегле во пресрет.

Турската војска од Смирна се упатил кон Цариград. Мустафа Кемал-паша пред Цариград побарал странската војска да се повлече од градот, а на Турција да и се предадат териториите на Источна Тракија до реката Марица.

Големите сили побарале од Ататурк да почнат преговори, а додека траат преговорите да престане операцијата кон Цариград. Тие и ветиле на Турција дека по преговорите ќе и ги дадат областите Источна Тракија и Едрене, ќе и овозможат прием во Друштвото на народите и ќе ги повлечат своите војски од Цариград. Тие предложиле да се свика конференција за решавање на воените прашања во Мудања. Конференцијата почнала на 3 октомври и траела до 11 октомври 1922 година. Било одлучено грчките војски да се повлечат од Источна Тракија, а Турција се обврзала да не испраќа војска додека траат преговорите. Територијата околу протоците била прогласена за неутрална зона. Во почетокот на ноември 1922 година турската војска влегла во Цариград и од власт бил симнат султанот Мехмет Вахдеттин VI.

### 3.4 Ослободителна борба

Мустафа Кемал Паша во тие моменти сметал дека немало време за губење. Морало да примени тотална војна, до тогаш невидена во Османлиската империја, во која би биле мобилизирани сите сили на турскиот народ, вклучувајќи ги и жените и децата. Мустафа Кемал за ова имал овластување од собранието. Притоа, жените носеле ѓулиња или биле

во борбените редови, а децата во коли носеле муниција и оделе на фронт, а сето тоа бидејќи било борба за опстанок на турскиот народ. Сето ова резултирало и со јакнење на националната свест. Исто така ваквата мобилизација допринела за создавање на национално единство и реализирање на националниот принцип на Ататуркизмот.

Битката кај Сакарија започнала на 23 август 1921 година и се водела цели 22 дена. Главниот командант го користи изразот ***"целата родина е фронт"***, по поимот нација, го користи поимот родина. По победата на Сакарија, Мустафа Кемал Паша добил маршалско звање и веќе бил вистински народен херој. И за разлика од пред две години кога му бил одземен военоит чин и во борбата стапил како обичен граѓанин, сега народот веќе го гледал и му се обраќал со херој (газија) со што ја искажувал својата љубов и почит спрема водачот. Откако со победата на Сакарија Гази Мустафа Паша ја сменил судбината на турскиот народ, држејќи ги во свои раце армијата и политиката се свртел кон странската политика.

По потпишувањето на Карскиот договор за пријателство со Советските републики Ерменија, Азербејџан и Грузија, на 13 октомври 1921 година, голем успех бил и потпишувањето на Анкарската спогодба со Франција на 20 октомври 1921 година. Со оваа средба прв пат една држава од запад индиректно го признала Големото турско народно собрание. Француската јавност, поттикната од некои интелектуалци, ја поддржала борбата на Гази Мустафа Кемал за независност. Професорот Jacques Thobie на следниот начин ги опишал тогашните економски тешкотии на Франција: ***"Земјата повеќе немаше ниту пари, ниту војска за продолжување на војната и против Турците и против Сиријците. Затоа, Франција, преку договор со Мустафа Кемал ја претпочитале заштитата на своите значајни интереси во Турција".***[30]

Француската влада испратила свој претставник да преговара со националните револуционери во Анадолија. Договорот бил потпишан на

---

[30] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 47.

20 октомври 1921 година во Анкара. Со договорот и со повлекувањето на француската армија од Турција, била призната целовитоста на Анадолија на воен, економски и политички план, како и независноста на ататуркистите. Со овие договори била зголемена силата на големото турско собрание во можниот успех во борбата против Грците.

Ататуркистите откако ги унапредиле своите односи со Русија и Франција, своето внимание го насочиле кон борбата против грчката (според нив) окупаторска армија, Но Грција, поради воените порази од ататуркистите, побарала помош од Антантата, посебно од Англија. Земјите од Антантата побарале од Турција и Грција да постигнат договор за прекин на борбата. Но ататуркистите го одбиле потпишувањето на договорот за прекин на огнот се додека сите окупаторски сили не ја напуштат Анадолија, плашејќи се дека тоа значи нов обид за распарчување на земјата. Овој услов западните сили го одбиле и ататуркистите се спремале за голем напад против грчката окупаторска војска. Големата офанзива била командувана од Гази Мустафа Кемал, започнала на 26 август 1922 година и успеала да ги протера силите на окупаторот од Анадолија. На тој начин ататуркистичкото движење ослободителната борба ја крунисало со успех.

### 3.5 Прогласување на Републиката

По преговорите за мир, кои биле започнати во Мудања, ататуркистите со Закон го изгласале Собранието на 01 ноември 1922 година и со тоа му ставиле крај на Османлиското владеење. Преостанувала уште само ликвидацијата на Калифатот, Гази Мустафа Кемал, кој имал значајна улога во уривањето на Османлискиот монархистички режим, во својот Голем говор, не се стеснувал од употреба и на сила со цел да ги убеди се уште преданите народни пратеници на Султанот.[31]

---

[31] Еве како го објаснил овој настан, "Ефендии, никој нема право во името на каква и да е наука да го постави на дискусија прашањето за хегемонија. Таа се воспоставува со сила. Османлиите со сила ја воспоставија хегемонијата на турскиот народ. Таа траеше 600 години. Сега турскиот народ на сите им рече доста и ја зема власта во свои раце. Се работи за свршен чин, а не за тоа дали треба или не власта да му ја отстапиме на народот.

Последниот Султан, Вахдеттин, кој бил засолнет кај Англичаните, на 17 ноември 1922 година со грчки брод избегал од земјата. Во ваква положба, Собранието, последниот Калиф го одредил со избор. Притоа Собранието останало единствена законодавна институција, а една делегација, на чело со Исмет Паша, инаку именуван за министер за надворешни работи, официјално отпатувала на преговори во Лозана. Ататуркистите на преговорите во Лозана успеале да ги наметнат националните граници со што успешно го завршиле националното дело. Benoist-Mechin вака го окарактеризирал Лозанскиот договор: **"Голема победа на Турција".** Исмет Паша на меѓународен план успеал да ја докаже исправноста на четиригодишната борба на Мустафа Кемал и неговите другари.

Лозанскиот договор бил потпишан на 24 јули 1923, после преговорите кои траеле со месеци и кои често биле прекинувани. Како значајни одредби во истиот се сметаат оние според кои им се ставило крај на преостанатите Османлиски капитулации и се почнал да се применува метод за отплата на Османлиските долгови. Една од отстапките кои биле направени од страна на Турција било интерактивното отстапување на петролејските извори во Мосул на Велика Британија. Втората отстапка се однесувала на статусот на мореузите и чистењето на Источна Тракија од военото присуство. Третата отстапка била барањето пред 1927 година да не се менува Османлискиот режим. И ќе била направена од ататуркистите да се очекува тие уште тогаш да го предвидат претворањето на областа Мосул во жариште на курдските активности, кое преку честата курдска пропаганда сериозно ја загрозувала турската национална политика. Наспроти тоа, напуштањето на Истанбул од страна на британските сили се сметало за значаен политички и дипломатски успех на ататуркистите.

Како резултат на се, собраниската Влада, формирана од ататуркистите успеала да обезбеди национално единство, потполно ја

---

Прашањето се состои само во тоа еден остварен настан да се потврди со закон. Што и да биде, ова мора да се стори. Ако собраните овде, во Собранието, прашањето го сфатат нормално чинам оти ќе биде добро. Во спротивно, стварноста ќе се утврди според својот метод: но можеби ќе летаат и глави." Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот,Чалакли, 1999, 48.

ослободила земјата од странските окупаторски сили, а што е можеби најзначајно му ставила крај на Османлиското владеење.

### 3.6 Лозанската конференција и нејзините одлуки

Лозанската конференција била свикана со цел да се постигне мир со Турција. Конференцијата почнала со работа на 20 ноември 1922 година и неа зеле учество претставници на Велика Британија, Франција, Италија, Јапонија, Турција, Романија, Југославија и Грција. Советска Русија требало да биде повремено повикана кога се решавало прашањето околу Протоците, а Бугарија исто така требало да биде повикувана кога ќе се решавало прашањето за Тракија. Против ова истапила Советска Русија и барала нејзините делегати рамноправно да учествуваат на конференцијата, што не било прифатено. Соединетите американски држави на конференцијата учествувале како посматрачи, а во Лозана присуствувал американскиот амбасадор во Италија, Чајлд. Во времето кога се разгледувало прашањето околу Мосул, во Лозана дошол и сенаторот Хамилтон Леви кој ги штител интересите на американските петролејски трустови, пред се на трустот Стандард ојл.

На Конференцијата се развиле жестоки дискусии за повеќе прашања, но најинтересно било кога се отвориле прашањата како што се:

- Пловењето преку протоците;
- Режимот на капитулациите;
- Суверенитетот на Мосул, и слично.

Во дискусиите околу протоците во декември дошла советска делегација на чело со Чечерин. Таа поднела предлог протоците да се отворат за сите трговски бродови, а да се затворат за воените бродови на сите држави, а суверена власт на протоците да има Турција. На овој предлог остро се спротиставил претставникот на Велика Британија и барал тие да се отворат за сите трговски и воени бродови, бидејќи во спротивно Советска Русија со еден таков потег, би станала хегемон на Црното Море.

### 3.7 Донесување на Одлуките

На конференцијата Турција водела борба за укинување на режимот на капитулациите. Големите сили се обидувале да сочуваат барем дел од привилегиите што ги имале во Турција во минатото. Британските претставници на конференцијата лордот Керзон предложил Турција да се откаже од градот Мосул, што довело до криза на Конференцијата, која за извесно време била прекината. Таа започнала повторно да работи во април 1923 година. Наредниот ден бил потпишан договор со Турција со кој на Турција и останала целата нејзина национална територија. Но таа требала да се откаже од Саудиска Арабија, Египет, Судан, Триполис, Месопотамија, Палестина, Сирија и некои острови во Егејското Море. Границите со Тракија оделе по должината на реката Марица.

Прашањето за Мосул требало да се реши со преговори меѓу Турција и Велика Британија во рок од 9 месеци. Била донесена одлука за укинување на капитулациите. Лозанскиот договор претставувал слободна пловидба по протоците на сите трговски и воени бродови. Турција се задолжила за укинување на сите утврдувања околу протоците и била формирана меѓународна комисија за протоците. Посебно одредби на договорот се однесувале на размена на национални малцинства односно иселување на населението меѓу Турција и Грција. Според принципот усвоен на конференцијата сите турски граѓани од нетурско потекло требало да се протераат од страна на Турција, а се предвидувало сите граѓани од негрчко потекло и со муслиманска црковна припадност да се иселат од Грција. Посредничка улога во ова размена имал Нансен, високиот комесар на друштвото на народите.

При оваа размена требало да се иселат и Грците од Цариград. Со оваа размена најмногу настрадало македонското малцинство во Грција. Грчкиот премиер Венизелос знаел дека ќе постои македонското национално прашање се додека постои македонско население во Егејска

Македонија. Со Лозанскиот договор македонскиот народ паднал како жртва и бил обесправен во своите национални и територијални права.[32]

Лозанскиот договор се смета за најзначаен договор што ататуркистичка Турција го потпишала. Бил потпишан на 24 јули 1923 година и со него Турција се здобила со потполна независност.

Според договорот сите странски окупаторски сили пред 2 октомври 1923 година морале да ги напуштат турските територии. Со него Турција се ослободила од османлиските долгови и капитулации, притоа во два случаи Турција била присилена на концесии: индиректно препуштање на Мосул под британска управа и прогласување на мореузите и Западна Тракија за демилитизирани зони. Велика Британија, за овие концесии, на разговорите во Лозана одиграла главна улога.

Преговорите во Лозана кои започнале на 20 ноември 1922 година од страна на Големото турско собрание биле постојано критикувани. Во земјата постоела несигурна политичка клима. Не постоел претседател на државата, туку собрание и собраниска влада. Ататуркистите чекале да завршат преговорите во Лозана и да формираат република. Постоеле и различни ставови во врска со преговорите помеѓу премиерот Рауф Орбај и министерот за надворешни работи Инени, па настанало групирањена ататуркистичките лидери. Во ваква состојба ататуркистите не можеле да дадат поголем отпор во однос на прашањето за Мосул и биле присилени да преговараат со Англија. Ќазим Карабекир нерешавањето на Мосулското прашање во Лозана го сметал за грешка. Но освен ова прашање за Мосул, во целина земено Турција во Лозана излегла како победничка.

Договорот во Лозана претставувал најзначаен писмен документ за Турција од 1923 година. На 25 јули 1923 година во весникот Ле Фигаро било напишано:"***Договорот во Лозана во светската историја на виделина изнесе еден значаен настан. Турција се прифати како западна сила, иако вистинската цел на војната беше нејзино потполно***

[32] Маргарита, Пешевска, Турција од Првата светска војна до денес, Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995, 196.

***исклучување од Европа. Сега се случи токму спротивното и Турција се Европеизира".***[33]

За водач на турската страна во преговорите во Лозана бил именуван Инени од страна на Ататурк, кој за него бил убеден дека нема да излезе надвор од неговите инструкции. На 24 јули 1923 година западните земји го прифатиле договорот поради следниве причини:

Тие не биле свесни дека турската нација ќе се обедини и ќе поведе тотална борба за национална независност. Тие исто така, не очекувале дека може да дојде до создавање на нова држава. Западните сојузници не можеле да претпостават дека потполно уништената османлиска армија може да ја обедини кој и да е водач и дека ќе излезе како победник од војната.

Втора причина е тоа што ататуркистите во Лозана заминале со логичка карта од 1919 година, која во себе не ги содржела териториите на Балканот и Истокот од времето на Османлиската империја. Ататуркистите воспоставиле блиски односи со Советскиот Сојуз. Од тие причини, западните сили биле загрижени поради ваквиот развој на настаните. Се плашеле дека Советскиот Сојуз ќе излезе на најпрво на Мореузите, а потоа и на Средоземното Море. А тоа било стратегиско прашање присутно во свеста на Русите уште од времето на Царска Русија.

Јавноста на запад со симпатии гледала на борбата на ататуркистите за независност, а особено на Ататурк, што се косело со политиката на нивните земји. Ататуркистите со отфрлање на грчката војска од Анадолија издвојувале победа. Овој пат Англија и Франција, било заради јавното мислење на своите земји, или пак поради неизвесноста околу евентуалното продолжување на војната, исто така поради економски и општествени потешкотии, биле принудени да попуштат.

Во текот на распарчувањето на Османлиската империја кое започнало по потпишувањето на Сан Стефанската спогодба во 1878

---

[33] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 97.

година, Англија се здобила со стратешки важната точка како што бил Кипар и на преговорите во Лозана своето внимание го насочила кон градот Мосул. По добивањето на Мосул, Англија инсистирала и врз другите членови од договорот.

**Токму со тој чин, била призната независноста на Турција, како и промените кои настанале со сменувањето на султанот. Лозанската конференција претпоставува голем успех на Мустафа Кемал-паша. По конференцијата повеќе не се вршел надворешен притисок над Турција, а значајно се намалило и влијанието на странските држави во земјата.**

# 4. Владеењето на Мустафа Кемал Ататурк

## 4.1 Настаните по договорот во Лозана

По договорот во Лозана, постоела поделеност меѓу лидерите на ататуркистите во однос на идното уредување на новата држава. Дел од нив не гледале добро во напуштањето на полутеократското уредување. Од друга страна постоел страв дека Мустафа Кемал Паша е диктатор, или уште полошо дека набрзо тоа ќе постане. По ослободувањето на Анадолија, во големото турско собрание продолжиле долгите расправии за државното уредување. Понатаму тука бил Рауф Беј, еден од истакнатите членови на ататуркизмот кој не ја криел својата склоност према Султанот.

Но уште од почетокот на ататуркистичкото движење постоеле различни размислувања по однос на некои прашање меѓу Рауф Беј и Гази Мустафа Кемал. Рауф Беј се обидел, преку контакти со групи кои биле против Мустафа Кемал, да создаде демократска средина во собранието. Рауф Беј, ја потенцирал улогата на Ќазим Карабекир Паша, Али Фуат и Рефет Паша за време на борбата и сакал да го спречи претворањето на Гази Мустафа Кемал во положба на единствен човек и диктатор. Тој се борел против препуштањето на сите надлежности во рацете на Мустафа Кемал. Кога пашите Ќазим Карабекир Паша, Али Фуат и Рефет Паша застанале на страната на Рауф Беј се појавиле првите посериозни разидувања во редовите на ататуркистичкотоо движење.

Гази Мустафа Кемал меѓу ататуркистите бил единствениот кој се застапувал за Република и за осовременување на целокупното општество. Преминот од османлиско уредување и полутеократска монархија кон републиканско уредување, односно менување на шествековна традиција наеднаш, претставувало голема революција. Доколку Гази Мустафа Кемал тогаш не бил избран за претседател на Републиката од страна на собранието постоела опасност за враќање назад и непродолжување на веќе започнатите реформи. Но сето ова било навреме спречено.

Под притисок на лидерите, пред прогласувањето на републиката, ататуркистите спречиле во собранието да се оди на нови избори, и спречиле можна нова политичка структура да ги стави во опасност предвидените реформи. Мустафа Кемал Паша, поддржан од турскиот народ и армијата, како во собранието, така и меѓу ататуркистите успел да ги надмине недоразбирањата. Што значи освен војнички и политички способности, тој имал и способности за успешно посредување и дипломатија.

На денот на прогласувањето на републиката и Кемал Мустафа Паша, едногласно од страна на членовите на собранието, бил избран за нејзин прв претседател. За втор човек бил назначен Исмет Паша, кој на прговорите во Лозана се покажал како мошне добар дипломат. Се очекувало офицерите кои го составувале ататуркистичкото движење, при формирањето на републиката, да добијат одговорни и министерски функции. Спротивно од тоа Гази Мустафа Кемал цело време се залагал за немешање на офицерите во политиката и при формирањето на првата влада водел сметка за овој принцип. Тоа претставувало историска пресвртница во турската демократија. Најпосле меѓу 12 лица избрани во владата само Исмет Паша, Февзи Паша и Ќазим Паша добиле функции.

Ататуркистичкото движење по организирањето на општонародната револуција во Анадолија, успеало да ја урне шествековната монархија и покрај сите препреки да прогласи Република. Во 1923 година Република Турција со своето 12 милионско население се нашла пред социјални, политички и економски проблеми, за чие решавање биле потребни нови реформи. Вековното османлиско наследство создало големи разлики меѓу западните држави и Турција. Со формирањето на државата Република Турција ататуркистите оствариле политичка револуција. Од тогаш Турција стапува во процес на револуционерни реформи на политички, економски, социјален и културен план. Ататуркизмот за остварување на вистинската обнова, ја претставил идејата која се залагала за револуција која тече.

Новата власт започнала борба против верското мешање во политичкиот живот. Исто така, требало да се укинат верските судови и верските училишта и на нивно место да се воспостават соодветни световни институции, кои пак својата работа ќе ја засноваат научните закони.[34]

Овие реформи наишле на отпор во редовите на реакцијата. Била создадена Прогресивна републиканска партија, која отпочнала нова борба против Републиката. Власта преземала остри мерки за да се пресмета со реакцијата, која помогната од Велика Британија се обидела да ги придобие масите. Во 1925 година, Прогресивна републиканска партија организирала востание во Курдистан, кое се проширило во Југоисточна Турција. Власта успеала успешно да го угуши востанието и ја забранила работата на Прогресивна републиканска партија. Реакцијата во 1926 година повторно организирала востание во Курдистан и се обидела да заврши неуспешен атентат врз Кемал Мустафа-паша. Ова го искористила Владата за нови пресметки со реакцијата.

Турската република имала големи тешкотии однадвор. Британските војски на неколку пати интервенирале по прашањето за Мосул. Велика Британија ги поддржувала Грција и Италија во нивните пресметки со Турција. Под притисок на меѓународниот фактор, Турција се согласила градот Мосул да му биде отстапен на Ирак.

По зацврстувањето на власт, Мустафа Кемал Ататурк, почнал да донесува низа закони со кои сакал Турција да ја претвори во модерна европска држава. Биле спроведени низа економски и политички реформи. Во 1925 година било забрането носењето на фес и зар, а бил донесен и закон против многубоштвото. Тогаш биле ликвидирани разни верски секти, дервишки редови и манастири. Црквата била одвоена од државата, бил воведен меѓународен календар и европско сметање на времето. Во 1928 година арапската азбука била заменета со латиница.

---

[34] Маргарита Пешевска, Турција од Првата светска војна до денес, Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995, 187.

Енергичната политика на Кемал Ататурк наскоро ги дала резултатите и дошло до брза обнова на земјата, која била опустошена од долгогодишната борба. Мерките довеле до зајакнување на турската буржуазија, која успеала да надвладее над феудалната реакција.

Турција многу активно се вклучила и на меѓународен план. Биле склучени ред трговски и политички договори со странските земји, а со нив во Турција продрел странскиот капитал. Тоа овозможило Турција индустриски да зајакне. Исто така биле потпишани и некои договори кои имале за цел да се зачува мирот во регионот и светот. Во 1925 Турција склучила пакт со СССР за ненапаѓање.

Во 1926 година економските, трговските, културните и политичките односи на Република Турција со балканските земји влегле во посебна фаза. Истата година на сила стапува Договорот за пријателство и спогодбата со Бугарија. Таа година Турција има и вообичаени и пријателски односи и со Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, со Албанија и Романија.[35]

Турција исто така е потписник и на Балканскиот пакт кој го потпишале заедно со Романија, Грција и Кралството Југославија. На конференциијата во Монтре таа се изборила за укинување на одредбите на договорот во Севр, со кој се забранувало изградба на утврдување на протоците. Во 1935 година бил склучен т.н. Џентлменски договор меѓу Турција и Велика Британија за пружање на заемна помош во случај на напад на Италија.

Во 1938 година по смртта на Мустафа Кемал Ататурк, за нов претседател бил избран неговиот близок соработник Исмет Инени. Уште додека бил жив Ататурк, претседател на владата бил Џелал Бајар кои бил под влијание на фашизмот. Тој се застапувал за воведување на реакционерни закони. Се залагал за враќање на реакционерите кои биле истерани од државата, донесување на закон за печат и забрана на

---

[35] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 103.

работнички здруженија. Бајар се поврзал со Германија и почнал да дава ред привилегии во Турција. Турската влада ги отфрлила санкциите на друштвото на народите против Италија, а поврзани со агресијата во Абисинија.

Во 1937 година дошло до средба меѓу Исмет Инени и Ружди Арас во Белград во духот на балканската ориентација кон фашизмот. Фашистичката ориентација на Турција ги влошила односите со Франција, посебно околу прашањето на санџакот Александрија. Судирот бил решен така што Франција и дозволила на Турција да има ист број војници во санџакот колку што имала Франција. Исто така во 1939 година дозволила Александрија, која до тогаш била во состав на Сирија, да и припадне на Турција. Турција склучила пакт за заемна помош со Франција и Велика Британија, а за тоа добила заем од 43, 5 милиони фунти стерлинзи.[36]

## 4.2 Обид за атентат на Ататурк во Измир

Според Рауф Орбај, собирањето на сите надлежности на власт во рацете на една единствена личност било проблем во процесот на реализација на демократијата. Ататурк, опозицијата ја оквалификувал како обид за негово ликвидирање. Пашите опозиционери биле обвинети дека соработуваат со курдското востание во 1925 година и со осомничените за обидот за атентат во Измир. Врз основа на странски известувања на 16 јуни 1926 година било обелоденето за обидот за атентат врз Ататурк во Измир. Помеѓу затворените обвинети за обид за атентат биле и некои членови на републиканско-патриотската партија. Како што може да се заклучи по анализата на разменетите телеграми помеѓу Ататурк и Инени, Ататурк обидот за атентат го искористил за обвинување и затворање на пратениците од опозиционата патија и лидерите на опозицијата. Тука мора да напомeнеме дека одредена група на луѓе постојано нагласувала дека Мустафа Кемал Ататурк имал премногу власт и влијание во себе, и дека постанува еден вид на диктатор.

---

[36] Маргарита Пешевска, Турција од Првата светска војна до денес, Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995, 188-189.

На состанокот на 11 јули 1926 година во Чешме кој се однесувал на обидот за атентат, присуствувале Ататурк, Исмет Инени и Февзи Чакмак. Пашите од опозиционата партија биле пуштени на слобода. Но ова покажува дека Ататурк, при укажана потреба, можел да го елиминира секое спротиставување.

### 4.3 Во потрага по ново политичко уредување

Со воспоставувањето на Република Турција, напорите за модернизација на земјата започнале. Институциите и уставите на западните држави како Франција, Шведска, Италија, Швајцарија требале да се анализираат и да се прилагодуваат според потребите и карактеристиките на турската нација. Недостатокот на информираност на поголемиот дел од турската јавност побудила негативни неосновани реакции од типот на: ***„Ние се враќаме во деновиш̄е на ӣрвиош̄ калифаш̄".*** Со цел да се воспостават реформите, Мустафа Кемал ги поставил Февзи Чакмак, Казим Озалп и Исмет Инени на значајни политички позиции. Мустафа Кемал профитирал на сметка на неговата репутација и важел како ефикасен воен водач и ги поминал следните години, се до неговата смрт во 1938 година, воспоставувајќи широки и прогресивни политички, економски и социјални реформи. Притоа, тој го трансформирал турското општество во модерна, демократска и секуларна нација.

Во текот на 1930 година на еден начин спласнал замавот и верата на Ататурк и неговите приврзаници во реформите. Поради тоа Ататурк во 1931 година отишол во посета на Анадолија. Тамо забележал дека тие се имаат оддалечено од народот. Така кај него се појавила потребата за потрага по ново политичко уредување. Почнувајќи од 1931 година ататуркистите формирале 6 принципи: народништво, нација, лаицизам, државништво, републиканство и револуционерност во вид на идеологија, очекувајќи народот поактивно да се вклучи во реформите. Постоела и опасност прикриените противници на реформите во погоден момент повторно да се појават.

Ататурк оставил слободно да делува владата на Инени и покрај тоа што нејзината практика не се поклопувала со неговите очекувања. Тоа го

направил по неуспехот на демократските обиди и откажувајќи се од либералната економија. Ататурк бил многу потресен од неуспехот на демократските опити и од обвинувањата дека тој е диктатор. Неговото разочарување во спроведувањето на реформите може да се образложи на следниов начин:

- Ататуркистите, реформите ги спроведувале за народот и во негова полза. Притоа опозицискиот лидер во Измир бил дочекан како херој и спасител. Народот покажал голем отпор према владејачката партија. Ататуркистите не се надевале на ваков голем отпор;
- Се претпоставувало дека ќе продолжи молчењето на народот, како во времетто на авторитарниот режим. Ататуркистите не очекувале дека народот нема да ги прифати реформите и дека ќе биде против нив;
- Настанот од верски фанатици во Менемен го ставил во опасност лаицизмот. После него ататуркистите сфатиле дека не може брзо да ги реализираат реформите, затоа што тоа би довело до раздор со народот;
- Ататуркистите за прв пат свесно побарале формирање на опозициона партија, но тоа завршило со целосен неуспех;
- На почетокот ататуркистите сметале дека за неколку години ќе бидат решени меѓуетничките и меѓуверските проблеми кои се таложеле со векови. Но за кратко време сфатиле дека е рано за премин кон демократско уредување. Развојот на историските настани не дозволиле да се напушти применливиот авторитарен метод.

Ататурк во 1930 година изјавил дека е подготвен за премин кон демократско уредување "***Власта е во рацете на народот, односно на од него избраните народни пратеници. Не се мешам во власта онолку колку што си замислувате. Подготвен сум да се повлечам не само од***

***функцијата претседател, шуку и главен командант"***[37] Навистина почнал да се оддалечува од проблемите на власта, со исклучок на надворешната политика. Шевкет Сureја Ајдемир пишува дека Ататурк по инфрактите во 1925 и 1927 година бил потресен, а од 1936 година се чувствувал доста уморен и болен.

Поради сите овие причини почнувајќи од 1930 година ататуркистите ги замрзнале иницијативите за воведување на демократија. Ататурк во еден говор во 1932 година изјавил ***"Народот место со политика нека се занимава со трговија, земјоделие и индустрија. Неопходно е уште 10-15 години да управувам со земјата. Дури потоа ќе видиме дали народот ќе биде способен да биде оставен самиот со себе"***[38] Шест години покасно тој умира, а 14 години потоа во 1946 година, народот за прв пат формира опозициона партија и излегол на општи слободни избори.

На 25 октомври 1937 година Инени на барање на Ататурк функцијата премиер му ја препуштил на Џелал Бајар. Инени бил против директното мешање на Ататурк во некои владини проблеми и затоа меѓу нив постоеле различни гледишта. Во тоа време здравствената состојба на Ататурк била влошена и тој бил под силно влијание на луѓето околу него. Инени чувствувал незадоволство од луѓето кои го опкружувале Ататурк.

Сепак по смртта на Ататурк во 1938 година Инени бил избран за претседател на Републиката, додека Шукру Каја и Реџеп Пекер останале надвор од владата. Во 1939 година Шукру Каја и Килич Али веќе не биле ниту на листата ниту на народни пратеници.

---

[37] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 115.

[38] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 115.

**4.4 Турција во политиката на влијателните светски држави помеѓу двете светски војни Франција, Велика Британија, Австро Унгарија и Русија, Италија и Германија (1918-1940)**

Во однос на надворешната политика ататуркистите функционирале во насока на фаќање чекор со европските земји и модернизирање на Турција. А најзначајна карактеристика на политиката која ја водела Турција во однос на другите светски држави бил принципот на независност на земјата.

Во однос на Грција настојувала да развие најдобри односи во контекст на своите мироључбиви цели, оддалечувајќи се од сите негативни траги од минатото, особено затоа што со Грција ја имала последната и можеби најзначајната војна во својата понова историја. Таквиот курс на мироључбива политика Турција ја задржала и во однос на другите држави од Балканот.

На крајот на Првата Светска Војна Турција настојувала да развие добри соседски односи истакнувајќи го слоганот на Ататурк "Мир во земјата, мир во светот". Со ова Турција сакала да стави до знаење дека е против империјалистичката експанзија, и дека нема експанзионистички претензии. Ататурк турската надворешна политика ја објаснува на слениов начин ***„Новиот турски пат и точката до која сака да стаса турскиот човек е извишување на културен план, напредување на човечки план и во граници на своите можности служење на мирот и човештвото. Чекорејќи кон овие свети устреми, наша вистинска цел е создавање мир и спокојство во земјата и мир и спокојство во светот. На ова основа сакам Турција да создаде општество кое во себе ќе ги собере сите високи и чисти идеали на цивилизацијата и ќе ги сподели со другите високоразвиени народ".***

Големиот командант и државник Мустафа Кемал Ататурк кој успешно ја водел Турција уште во времето на борбата за независност ја имал зацртано политиката на мир и пријателство како основен принцип. Овој принцип е конкретизиран со потпишувањето на Лозанскиот договор. Во 1924 година, пак, биле воспоставени контакти со Грција, а со

потпишување на разни договори со САД, Полска, Австрија, Унгарија, Германија и други држави дојде до израз пријателството на Република Турција кон тие држави и обратно на народите на тие држави кон турскиот народ.[39]

Сакајќи да чекори по овој пат Турција всушност не прави ништо друго, туку ја обновува својата голема улога од својата мошне стара цивилизациска историја".[40] Турција која својот капацитет и внимание ги насочила кон остварување на ататуркистичките реформи во надворешната политика го следела принципот на заедничка безбедност и мир негувајќи исклучително достоинствен став во тој поглед. Така и со Велика Британија и покрај тоа што имале затегнати односи поради прашањето за Мосул Турција ја прифатила одлуката на Друштвото на народите. Ататуркистите биле свесни за ризикот од нова војна со силна западна земја чиј крај тешко може да се предвиди, што би претставувало застој и во спроведувањето на реформите. Застанувањето на Друштвото на народите на страна на Англија по прашањето на Мосул, ја присилило Турција да бара сојузници надвор од западните земји. Така во 1925 година, во Париз, Турција и Советскиот сојуз потпишале договор за ненапаѓање и неутралност. А Советскиот Сојуз во рамките на добрите односи се застапувал за вклучување на Турција во организацијата на Друштвото на народите. Но Турција подучена од минатото, кога често војувале двете земји, сепак одлучила да подготви армија против евентуален напад од својот северен сосед.

Во меѓувреме, без посеризни последици, иако можеби се очекувале, се остварила и размената помеѓу грчкото односно турското малцинство, кое било предмет на договор на преговорите во Лозана, и притоа во текот на 1926 година оваа обврска од договорот била остварена.

---

[39] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 103.

[40] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999,117.

Италија, во очите на ататуркистите, претставувала агресивна земја спрема која морале да бидат внимателни. Поради можноста од италијански напад на Анадолија, Турција во 1928 година, со Италија потпишала договор за неутралност и разбирање. Покрај тоа, ататуркистите политиката на проширување на Италија, со балканските земји го потпишале Балканскиот пакт. На 9 февруари 1934 година во Атина, овој Пакт бил потпишан од страна на Југославија, Грција, Романија и Турција, додека Бугарија одбила да учествува во него. Во 1933 година Турција и Бугарија потпишале договор за неутралност. Така Турција со балканските земји имала период на таканаречен договорен мир.

Турција била внимателна во однос на својата национална политика спрема независноста на соседните земји. Во тоа време турското малцинство во соседните земји живеело под притисок. Но ваквата положба на турското малцинство кај соседите на Турција може да се каже дека и одело во прилог. Затоа што селидбата кон Турција било во корист на зголемување на бројот на населението и силата на турската држава. Бројот на жителите на Турција брзо растел, така што од 13,5 милиони жители во 1927 година, тој број во 1934 година пораснал на дури 16 милиони жители.

Покрај Русија, на исток Турција ги подобрила своите односи и со Иран и Авганистан. Подобрувањето на односите со овие држави создало можност за создавање на Туранска конференција, а за ова прашање и одлука на Ататурк во однос на Советскиот сојуз изјавил: **“Еден ден светот ќе биде збунет кога ќе ги следи будењето и покренувањето на оваа империја од нејзиниот длабок сон и незабележливост во азиските длабочини”.**[41] Ататурк верувал дека еден ден Турција и републиките од турско потекло, Азербејџан, Туркистан, ќе се издвојат од своите соседи Русите, Индијците и Кинезите и ќе бидат независни, а Турција доволно ќе се развие и ќе игра активна улога во насочувањето на ова движење на независност. Со Советскиот сојуз во 1933 година дошле до заеднички став околу мореузите. Турција се здобила со потполна власт над мореузите.

[41] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999,118.

Во 1926 година, кога Франција го започнала процесот за независност на Сирија, Турција осетила потреба за побрзо решавање на проблемот со санџакот Хатај, кој на 27 ноември 1919 година бил затечен во вертикална форма на управување од страна на окупаторот. Според пописот од 1924 година 37% од населението на Хатај биле Турци, 28% биле Алевии, 21% Шиити и 11% Арапи, при што турските Сунити кои ги штителе правата на Алевиите претставувале најдобро малцинство. Со спогодбата од 21 октомври 1921 година помеѓу ататуркистите и Франција во Анкара, на областа Хатај и бил обезбеден специјален статус. Но со формирањето на Сирија као посебна држава постоењето на Хатај било доведено во опасност. Франција по однос на ова прашање била за изнаоѓање на компромисно решение. Но компромисното решение повеќе се потпирало на политичка присила, додека ататуркистите биле за независен Хатај кој покасно би бил приклучен кон Турција. Па со ова цел Турција, почнувајќи од 1934 година, најдирекно ги поддржувала приврзаниците на ататуркистите. По наредба на Ататурк комитетот за суверенитет на Хатај ги бојкотирал изборите во Сирија, одржани на 30 ноември 1936 година. Тогаш Франција се нашла помеѓу заштитата на своите интереси на Средниот Исток од една страна и одржувањето на добри односи со Турција од друга страна, поради што проблемот со Хатај го оставиле за решавање пред Друштвото на народите. Со договорот од 29 мај 1937 година Друштвото на народите на Хатај му признало еден вид на автономија. Најпосле собранието на Хатај, по изборите, на 13 август 1938 година прогласило република.

Развојот на настаните завршил со наметнати преговори. Активна политика воделе министерот за надворешни работи Сарачоглу и генералниот секретар Менеменџиоглу, за разлика од нив Французите биле поделени. Францускиот комесар за Средниот исток Gabriel Puaux се залагал за компромис, а францускиот комесар во Анкара Rene Massigli сметал дека најсоодветно решение е Хатај да остане во француски интересни сфери. Но во Франција со најостри критики биле дочекани сите решенија за компромис. Од една страна француската сила на Хатај слабеела, као што истакнал Massigli, додека од друга страна Франција и

Велика Британија имајќи ја предвид безбедноста на Средоземното море, имале потреба од соработка со Турција.

Токму од тие причини, била потпишана спогодба за трговска размена во јануари 1939 година помеѓу Турција и Германија. На ова и на значајната техничка и економска помош на Германија, Франција не реагирала. Најпосле на 23 јуни 1939 година Франција го потпишала соопштението за Хатај, што било нејзина единствена концесија спрема Турција на штета на сопствените интереси.

Како резултат на успешната политика што ја водел Ататурк во минатото, односите со Советскиот Сојуз и Германија се развиваат и на 23 јуни 1939 година тие успеале потполно да го одвојат Хатај од Франција. На 19 октомври ататурксистите не сакале да се мешаат во европските судири, освен што потпишале договор за сојузништво со Франција и Англија без никакво влијание.

По смртта на Ататурк на 10 ноември 1938 година се појавиле различни коментари во странските земји. Се поставувало прашањето дали Турција и без Ататурк ќе го продолжи започнатиот развој? Во кој правец ќе се одвиваат ататуркистичките реформи во иднина? Дали Турција ќе успее да ја продолжи надворешната политика? И најважното прашање кое се поставало било дали Турција без Ататурк ќе успее да го сочува наднационалното единство и својата независност, а пред се лаицизмот?

Во 1938 година Турција потпишала различни договори со соседите кои имале различна сила една од друга создавајќи мировен појас околу себе. Земјите како Грција, Бугарија, Југославија, Иран и Ирак кои на крајот од Османлиската империја кревале востанија и биле во војна со Турција, сега и биле пријатели. Ататуркистите се здобиле со доверба кај другите земји. Дури и Велика Британија која и создавала проблем на Турција за Мосул и во востанието на шеихот Саит, најпосле ја прифатила независноста и неутралната надворешна политика на ататуркистите. Претставникот на британскиот крал Sir William Birdwood, со својата накитена униформа, со бела триаглеста шапка со бело перје и маршалското жезло во раце, заедно со 150 британски војници дојде да

искаже почит на херојот од кого беше поразен во војната на Чанаккале во 1915 година. Ова значајно учество претставувало симболичен доказ на британската почит и спрема трезвената политика на ататуркистите по настаните околу Мосул, која ги избегнувал сите можни судири.[42]

Основните постулати на надворешната политика на Република Турција зацртана уште за време на Национално ослободителната војна на Турција, се дооформени со Националната спогодба и наведените зборови на Ататурк. Националната спогодба значи и спасување на окупираната Анадолска земја и ослободување на Румелиската земја претежно населена со Турци како оцртување на една граница во која би влегле регионите каде што претежно живеат Турци или пак поточно речено каде што Турците се мнозинство.

Ататурк и неговите соборци, се заколнале дека ќе ја продолжат борбата до овие граници и ги утврдиле и основните цели на ова борба во конгресите што ги одржале еден по друг во многу кус период. Принципите на надворешната политика по достигнувањето на овие граници биле утврдени уште за време на водењето на борбата. Според тоа, стратегијата на Турција е повеќе да не војува, да се живее во мир, непроменливост на овие граници. Овие граници кои се утвдени со Лозанската спогодба, беше возможно да се оцртаат дефинитивно дури во 1938 година, кога и Ататурк почина. 80 годишната надворешна политика на Националната спогодба се темелеше на територијална целовитост, независност и сувереност на Турција.

[42] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999,121.

## 5. Реформите на Мустафа Кемал Ататурк

Петтото поглавје ќе ги третира реформите кои се преземени од страна на Мустафа Кемал Ататурк, како за економските и воените реформи, така и за односот кон религијата, потоа реформите во образованието и одредени права на одредени категории на население, како и реформи во внатрешната и надворешната политика и слично.

**Прогласувањето на Република Турција како резултат на Анадолиската револуција претставува најголема револуција во турската историја, која ја следат реформи и во областа на правото, образованието, стопанството и општествените дејности.**

Мустафа Кемал ја развива идејата за национална преродба на сите полиња. Националната свест добива општествен третман и приоритет. Османлиската свест ги гушела националните и патриотските чувства, стремежи и размислувања. Ататурк како војсководец и голем државник ги согледал корените на заостанатост на општеството, силното влијание на религијата на државата. Тој напредокот на земјата го гледа во обезбедување на мир, стабилност на земјата, обезбедување на сигурност и самодоверба на човекот, во прифаќање на секуларистичкиот принцип со што го трга мешањето на верата од државните работи. Толеранција, еластичност спремност за дијалог и разбирање со различните ентитети, верски заедници и јазични групи го потврдуваат историското значајно место на Ататурк. Само неговата цврста вера дека мирот отвара широки хоризонти за просперитет на народите, а не војната придонесува Република Турција да не се инволвира во Втората светска војна и да остане неутрална земја.

Тој водел широки реформи од социјален, културен и економски аспект. Како резултат на новата Република, ´рбетот на овие реформи била законодавната, судската и економската структура на државата. Мустафа Кемал создал банер за да ги одбележи промени меѓу старото и новото владеење на Турција - отоманскиот период и републиканскиот период. Секоја промена била симболизирана со стрела во овој банер. Новите граѓани на републиката, го носеле овој банер за да ги потсети на главните

концепти на оваа нова ера. Оваа нова идеологија за дефинирање на Република Турција е именувана како „шест стрели" или кемализам. Кемалистичката идеологија се засновала на идејата на Мустафа Кемал за реализам и прагматизам. Во основите на национализмот, популизмот и етатизмот сите биле дефинирани со шест стрели. Овие основи не биле нови во светската политика или меѓу елитата на Турција. Тоа што ги прави уникатни е меѓусебно поврзаните основи за формулирање на конкретните потреби на Турција. Еден добар пример за тоа е дефинирањето и спроведувањето на секуларизмот. Секуларната држава значително се разликувала од претежно христијански држави.

Така, основната задача на Кемал Ататурк била целосна независност на модерна Турција. За тоа тој изјавил: ***"Со целосна независност, ние секако подразбираме целосна економска, финансиска, правна, воена, културна независноста и слобода на сите прашања. Да се биде лишен од независноста во било која од овие е еквивалентно на нацијата и државата да биде лишена од сета нејзина независност".***[43]

### 5.1 Значењето на отворањето на Големото Турско Народно Собрание

Тргнувајќи од гледиште на целовитоста на земјата и како последица на волјата на народот обезбедување на национална независност на 23 април 1920 година националните претставници го свикале Големото Турско Народно Собрание. По распуштањето на истанбулското собрание, под мотивација за ослободување на Калифот-Падишах, народните претставници биле повикани во Анкара.

Ататурк во говорот во Големото Народно Собрание на Турција на 1 ноември 1928 годнина осврнувајќи се на надворешната политика на земјата рекол: „**Во нашите постапки се раководиме од принципиелноста во надворешната политика, вниманието што се предвидува на безбедноста и развојот на татковината. Бидејќи оваа држава која изврши темелни реформи и е во фаза на развој го посакува мирот како во своите граници така и во регионот, мошне лесно може да се објасни нејзината состојба.**

[43] http://wikipedia.org

**Надворешната политика која се инспирира од ваквата искреност во прв план ја има одбраната на безбедноста на татковината и на права на сите граѓани. Владата на Републиката посебно се залага за создавање на доверба меѓу народите.**[44]

Своите активности за сочување на мирот во земјата и светот Ататурк вака ги образложува во својот говор во Големото Народно Собрание на Турција на 1 ноември 1928 годнина: ***„Нашата политика на искреност и отвореност кон светот посебно се заснова на идеите за мир. Ориентацијата, било кој меѓународен проблем да го решиме по мирен пат, е во наш интерес и во интерес на нашите сфаќања. За да не скршнеме од овој пат најголемо внимание посветивме на принципот на доверба. Република Турција ќе превземе се што е во нејзина моќ за зачувување на меѓународниот мир".***[45]

Основачкото Собрание за свои најопипливи особености ги имало обезбедување законитост, извршна власт и судство. Претседателот на собранието во исто време требал да ја извршува и премиерската функција. Во собранието биле застапени претставници од сите политички групации. Првата цел на ататуркистите им била продолжување на Анадолската револуција и создавање верба и потреба за обединување околу нив. Така создавајќи национален државен авторитет во Анадолија со што би се обезбедила политичката власт. Преку собранието ататуркистичкото движење успеало да ги обедини сите поединечни сили во Анадолија, со што се создала значајна политичка сила на национално ниво.

---

[44] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 104.

[45] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 104.



Dinimizde REFORM KEMALİZM



***Реформите на Ататурк*** ***Ататурк ја покажува новата латинска азбука***

Мустафа Кемал паша реформите ги спроведувал токму преку Народното собрание. Тој притоа ја искористил буржоазијата против феудалците кои сакале да го вратат стариот режим во Турција. За ваквиот став на феудалците зависела големата поддршка која тие ја имале од странските земји. Мустафа Кемал Паша, кој од страна на Османлиската власт бил осуден на смрт како отпадник, формирајќи го националното движење, покажал дека Анадолиската револуција не се потпирала на поединци и групи, туку единствено на национална волја.

Странските окупаторски сили сфакајќи ги последиците од формирањето на собранието почнале да бараат нови патишта за ликвидирање на Анадолското национално движење. Собранието за брзо време создало активно раководство и го зајакнало својот политички авторитет кај народот. Истанбулската влада со верски притисоци се обидела да ги натера верските кругови, кои биле врзани за Калифот-Падишах, да дигнат востание против ататуркистите. Калифот се обидел да го стави под своја контрола муслиманското население во борбата против националното собрание во Анкара.

Од друга страна била издејствувана верска смртна пресуда (фетва) за Мустафа Кемал Паша. Притоа странските окупатори ги поттикнувале

христијанските малцинства, Ерменците во источна Анадолија и Грците во Трабзон да стапат во борба против ататуркистите, ветувајќи им создавање на национални држави. Францускиот генерал P.J. Andre, кој се борел на страната на окупаторската војска во Јужна Анадолија, пишува дека 1919-1920, францускиот премиер Клеменсо лично се залагал за формирање на "Голема Ерменија" поради што полковникот Бремонд бил испратен во Киликија, но дека новиот француски премиер De Briand, под влијание на активната политика Мустафа Кемал Паша, се откажал од оваа намера. И Јевакхоф потврдил дека Велика Британија премногу се интересирала за формирањето на "Курдска Независна Држава".[46] Од друга страна пак заради наклонетоста на Англичаните за формирање на "Курдска Држава" во Анадолија растел бројот на востанијата.

Кон средината на 1920 година, Анадолија ја давала следнава слика: Големото Турско Собрание поведе борба против силите на назадните верски кругови што ги формира падишахот, како и против Ерменците и грчките напади. Всушност, собранието, против напредувањето на Русите и Ерменците во Јужна Анадолија, не располагаше со ниедна друга организирана сила освен со 15-от Корпус кој успеа да го задржи непријателот. Сепак ни со претварањето на Собранието во политичка сила на ататуркистичката револуција, не престанале тешкотиите.[47]

Во 1923 година била формирана Народната партија, која во својата програма си поставила за цел да ја ликвидира реакцијата и на своја страна да привлече поголем дел од населението. Програмата на партијата предвидувала суверенитет на нацијата, одбрана и независност, закони за заштита на правата на народите, смалување на воената обврска, давање на социјална помош на инвалидите, вдовиците и останатото сиромашно

[46] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 42.

[47] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 42.

население. Притоа, партијата во своето работење и со својата програма успеала да привлече поголем дел од населението.[48]

Современите закони го замениле шеријатското право (кој се водело по Коранот), а во судовите започнале да се спроведуваат закони по примерот на швајцарското граѓанско право, италијанското кривично право и романското јавно право. Од друга страна жените добиле право да се образуваат, да учествуваат во политичкиот живот, односно да бираат и да бидат бирани, и слично. На 24.11.1934 година, Собранието донело закон за додавање на прекарот Ататурк, на Гази Мустафа Кемал, што во превод значи татко на Турците.

Со реформите Ататурк го насочил екстремниот национализам во конструктивен патриотизам и ја трансформирал една средновековна држава во модерна република. Токму од тие причини тој презема низа реформи познати под името ***„Револуција на Ататурк"***. Имено, Гази Мустафа Кемал Ататурк со Одлука на Големото Народно Собрание пред основањето на Републиката на 01.11.1922 година, го укинал Султанатот а потоа го укинал и Калифатот на 03.03.1924 година. На тој начин започнуваат да се затвораат текињата и турбињата, се укинале отоманските титули, на сметката на медресите започнале да се отвараат нови училишта, како и научни институти за проучување на турскиот јазик и турската историја. Започнал да се менува и стилот на облекување, а жените се повеќе личеле на западно-европските жени.

Бил воведен грегоријанскиот календар, интернационален броен систем, време како и закон за мерки. Една од позначајните мерки е воведувањето на латиницата во образованието и јавниот живот, и секако одделување на религијата од државните работи, чекор кој се случил во 1926 година.[49]

---

[48] Маргарита Пешевска, Турција од Првата светска војна до денес, Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995, 186-187.

[49] Спомен соба на Гази Мустафа Кемал Ататурк, Музеј Битола. Завод, Музеј и Галерија - Битола, Киро Дандаро - Битола.





***Отварањето на Големото Народно Собрание и говорот***

## 5.2 Правните реформи, економските реформи и женските права

Ататуркистите во реализирањето на правните реформи биле многу успешни. Тие им ги признале политичките и општествените права на жените. Со законот кој бил донесен 1930 година жените добиле право да бираат и да бидат бирани на локалните избори. Понатаму со друг закон кој бил донесен во 1934 година истите права им биле признати и за општите избори. Признавањето на правата на жените добило на израз по Руската револуција во 1917 година. На конгресот од исламските советски републики, кој бил одржан во Казан, во 1917 година, било побарано исти права за жените и мажите, при што била забранета полигамијата. Така Азербејџан станала прва исламска земја која ги признала правата на жените. Па ататуркстите не можеле да останат надвор од овие влијанија. Тие први започнале со одбулувањето и симнување на фереџето, а Турчинките добиле исти права и пред исламот имале отворено лице.

Jean Melia по тој повод дала свој коментар, при што рекла дека калуѓерките во првиот период од Христијанството, потоа жените чии што мажи починале и жените во времето на Катерина Медичи, во знак на жалост, исто така се покривале, додека жените муслиманки пред исламот тоа не морале да го прават. Melia, во врска со 31-от ајет од 24-та Суре од Коранот вели дека на некои зборови им било поместено значењето: “Ќерката на Хазрети Али, Шукејна била позната со своето исклучително знаење и чесност. Таа во својот дом ги примала поетите и научниците на своето време. Во тоа време во Багдад, Кордоба и Толедо муслиманките се

здобивале со посолидно образование од мажите, оделе со откриено лице, им се предавале на мажите, па дури го предавале и предметот морално образование. Така, Турчинките користејќи се од традиционалниот развој, се ослободиле од покривањето.[50]

Турската жена се појавува на сцената на животот прв пат во 1923 година, а уште 1924 година таа можела да патува со откриено лице во возови и транвај. На својот конгрес во 1927 година, Друштвото на турските жени истакнува дека тие се борат за исти права со мажите во сите сфери од животот.




***Говорот - Мустафа Кемал Ататурк - 1927 година***

Мустафа Кемал поттикнал економски политики, не само за развој на мали и големи бизниси, но исто така, да се создадат социјални слоеви, кои практично не постоеле за време на Отоманската империја. Визијата на Мустафа Кемал во врска со почетокот на турската економска политика е очигледна во текот на економски конгрес во Измир во 1923 година, која била основана пред потпишувањето на Договорот во Лозана. Првичните избори на Мустафа Кемал за економските политики биле одраз на реалноста на неговиот период. По Првата светска војна, поради недостиг на какви било вистински потенцијалните инвеститори за да се отворат

[50] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 82-83.

фабриките за приватниот сектор и развивање на индустриското производство, Кемал активностите во однос на економијата биле вклучени во создавање на многу државни фабрики за земјоделство, машини, и текстилната индустрија.[51]

### 5.3 Реформите во образованието и културата

Во областа на образованието било ставено крај на верската настава. Уште на крајот на 19 век некои интелектуалци во Османлиската империја барале замена на арапското писмо. Но не можеле да издејствуваат промена во тој поглед во општеството затоа што образованието се потпирале на религијата, а арапското писмо се сметало за свето писмо. Во тоа време покрај турскиот јазик, во официјална употреба бил и османлискиот јазик врз кој, покрај турскиот, особено влијание имале и арапскиот и персискиот јазик. Но сепак треба да се напомене дека официјалната коресподенција помеѓу Истанбул и османлиските амбасади се одвивала на француски јазик. Турскиот јазик бил во употреба само меѓу обичниот народ во империјата, кој тешко го разбирал официјалниот јазик што го употребувала истанбулската администрација. Ататуркистите по 600 годишна употреба на арапското писмо, на 1 октомври 1920 година ја вовела латиницата.

Се до формирањето на Републиката во Османлиското општество не се изучувала турската историја од Средна Азија. Ататуркистите, со основање на Институтот за турска историја во 1931 година, тежиштето на истражувањето го впериле кон турската национална историја.

Турскиот јазик станал официјален на местото на османлискиот јазик кој се употребувал во државните надлештва и арапскиот кој се употребувал медресите. Така исчезнал јазот помеѓу народот и интелектуалците. Значаен чекор претставува и отварањето на Институтот за турски јазик во 1932 година. Преку јазичната реформа, турската држава се здобила со свој културен идентитет. Понатаму била отворена и ликовна академија и државен конзерваториум, а биле направени и значајни чекори

---

[51] http://wikipedia.org

и во областа на сликарството, кое инаку било под стегите на религијата и било запоставено. Бил направен и значаен чекор и во областа на филмот и на театарот. Како што рековме со донесувањето на законот за презимињата во 1934 година собранието донело одлука Гази Мустафа Кемал Паша бил наречен Ататурк, што значи татко на Турците.

Целта на ататуркистичките реформи била просветлување и фаќање чекор со современата цивилизација ататуркистите од корен го промениле влијанието на исламската култура. Календарот, мерите, празнувањето на петок и другите исламски правила се смениле, а место нив се вовеле вредностите на западната цивилизација. Полутеократската империја се претворила во модерно општество преку овие реформи. Името на ова сила, која се кренала против старите традиционално настроености на турскиот народ, било ататуркизам.

Јазикот и историјата имале централно место во политиката на Ататурк, кој всушност го негувал турскиот национализам. Токму затоа Мустафа Кемал во 1930 година свикал конгрес на историчари во Анкара со цел да ја зајакне националната свест на нацијата, а во 1932 година свикал лингвистички конгрес, исто така од истите причини.[52]

[52] Според еден противник на политиката на Ататурк кои што запишал во својот приватен дневник се вели “Мустафа Кемал свикал конгрес на историчари во Анкара при што зборуваат глупости и целиот свет го турчат. Веќе осум години го прават Мустафа Кемал гениј на војничката мисла, гениј во политиката, гениј во земјоделството и слично. На човекот сега му текнало да се стори историчар, при што со неговите теории и откривањето на непознати работи во историјата станува голем историчар-гениј на историјата. Во книгата што ја објави дури ги обележал со стрелки земјите што ги освоиле Турците, нема место кај што не стасале.” Авторот на овој приватен дневник вели дали да плачам, дали да се смеам, дали да си умирам. Јас сум тој што се срами тука во Париз кога ги читам измислициве на човеков. А што се однесува на јазичното прашање човекот сега е и филолог. Со интервенциите во историјата и филологијата всушност прави фалсификат, а неговата турска историја полна со измислици нареди да се учат во училиштата, штета за времето и умовите на турските деца. Овој дел е Извадок од приватен дневник од 1932 година. Настава по модерната историја на Југоисточна Европа - алтернативни наставни материјали, Историска читанка 2 - Нациите и државите во Југоисточна Европа, Фондација Институт отворено општество Македонија - Скопје и Центар за демократија и помирување во Југоисточна Европа - Солун, Скопје 2007, 95.

### 5.4 Забраната на калифатот

Потпаѓањето на религиската под политичката власт ја родило идејата за Танзиматските реформи, најпрво во 1876 година, а потоа идејата за мешрутијетот во 1908 година. Мешрутијетот за мнозина Муслимани, претставувал удар врз исламот, при што иако ататуркистичкиот лаицизам во тој поглед бил во понапредна фаза на Мешрутијетот не бил прифатен како удар врз исламските принципи нанесени од страна на ататуркистите. Според ататуркистите сржтта на секое уредување се регулира од страна на општеството. Следствено на тоа, за спречување на можното враќање кон шеријатското уредување, повеќе од кадрите било потребно да се менува погледот на народот.

Меѓутоа ваквото толкување на Калифатот, било мошне далеку од мислењето на повеќето исламски мислители кои застанале против укинувањето на Калифатот. Уште при воведувањето на поимот лаицизам дошло до поларизирање меѓу интелектуалците и политичарите при што народот воопшто не реагирал. Но сепак овој антиататуркистички отпор не успеал да го запре ширењето на славата на Мустафа Кемал, а во 1927 година, во Египет еден весник за Мустафа Кемал напишал дека тој е најголем жив патриот.

Укинувањето на калифатот било значајна за остварување на реформите на Мустафа Кемал поврзани со политичкиот систем и националните реформи. Калифатот бил јадрото на политичкиот концепт на сунитскиот ислам. Укинувањето на султанството било полесно бидејќи опстанокот на калифат ги задоволувал таканаречените партизани. Ова произвело двостран систем во републиката, од една страна калифатот од друга страна републиката. Кемал и Инени загрижени дека „суверeноста ќе се врати под маската на калифот", калифот Абдул Меџит II, бил избран после укинувањето на султанството во 1922.

Калифот имал свое богатство и свој личен и државен персонал. Мустафа Кемал рекол дека нема „религиозно" или „политичко" оправдување за ова. Тој верувал дека калифот Абдул Меџит II ги следел чекорите на султанот во домашните и надворешните работи, како:

прифаќање на странски претставници и резервни офицери, воглавно за време на свечености. Ататурк сепак сакал да се интегрираат овластувањата на калифатот со овластувањата на Собранието. Неговите почетни активности започнале на 1 јануари 1924 година. Тој се здоби со согласност од Инени, Чакмак и Озалп пред укинувањето на калифат и калифот изјавил дека нема да се меша во политички прашања.

На 3 март 1924 година, калифатот официјално бил укинат и неговите овластувања во рамките на Турција биле предадени во рацете на Собранието. Дебата од другите муслимански држави била одржана за веродостојноста на едностраното укинување на калифатот. Конференцијата се одржала во Каиро во мај 1926 година и била донесена резолуција за прогласување на калифат како „неопходност во исламот", но не успеала да се спроведе оваа одлука. Две други исламски конференции биле одржани во Мека во 1926 година и Ерусалим во 1931 година, но повторно не успеале да постигнат консензус . Турција во никој случај не ги прифаќала одлуките на конференциите.[53]

[53] http://wikipedia.org

## 6. Противниците на ататуркистичките реформи

На почетокот во Турција изгледало како да не постоела организирана форма или пак широка реакција против менувањето на исламската култура и цивилизација со западната култура и цивилизација. Посебно реформите во областа на образованието и правото успешно биле реализирани за неколку години. Во текот на Османлиската империја живееле во 18 најразлични етнички групи и создавајќи ги корените на турската нација, под водството на ататуркистите, во периодот на Република брзо создале хармоничен однос со реформите. Коренот на ова хармонија пак може да се побара во историските, општествените, стопанските и политичките особености на турскиот народ.

Но ататуркистичките реформи имале и свои противници. Првенствено Курдите од Југоисточна Анадолија, кој повеќе од сите имале блиски контакти со Курдите од Ирак и Иран. Тие биле вознемирени поради оддалечувањето од исламските прописи. Со спогодбата во Севр, на 10 август 1920 година, потпишана од Исмет Паша било предвидено формирање на курдска држава во Источна Анадолија. Но оваа спогодба никогаш не била призната од ататуркистите. Во тој период Егејскиот регион се наоѓал под Грција, а Истанбул под англиска окупација. Англичаните се потпирале на вековната пракса раздели и владеј и затоа се одлучили да ги поттикнат Курдите против ататуркистите.

Курдите под заштита на Англичаните го формирале друштвото “Курдистан Теали”. Во тој момент ататуркистите поради ослободителната борба немале време да се занимаваат со политиката што ја водела Британија во однос на Курдите. Ниту пак за спогодбата во Серт која и онака не ја признавала. Како резултат на воените успеси ататуркистите по формирањето на Република Турција, спрема Курдите го применија

слоганот на Ататурк “Блазе си му на оној кој вели дека е Турчин” и во рамките на вековната традиција ги сметаа за свои сограѓани.[54]

Во 1891 година султанот Абдулхамид, против востанатите Ерменци во Источна Анадолија ги употребил Курдските т.н. Хамидије сили. Притоа еден од курдските шејхови кој се прославил во потиснувањето на ерменското востание бил пречекан како херој. Понатаму во склад со договорот што во текот на Првата светска војна, а по поразот на Османлиската Империја во 1916 година го потпишале Англија, Франција, Италија и Русија во Sykes-Picot, Источна Анадолија да и се отстапи на Русија. Меѓутоа новиот комунистички режим кој настанал по револуцијата во 1917 година, се откажал од османлиските територии. По ова Англичаните и Американците сметале дека е можно во Источна Анадолија да се формираат држави на Ерменците и на Курдите.

Со потпишувањето на Лозанската спогодба во 1923 година, освен размената на турското, односно грчкото малцинство, на останатите малцинства не им била дадена никаква привилегија. Спогодбата во Севр станала неважечка и сите малцинства биле третирани како турски граѓани. Причина за подоцнежното востание на Курдите е самата поддршка од Англичаните, која Курдите ја добиле за време на турско-англискиот спор околу Мосул.

За време на траењето на Лозанската конференција англискиот министер за надворешни работи, истакнувајќи дека не може добро да се контролираат југоисточните граници и пределите каде што Курдите се мнозинство, и поддржан од Англија побарал локална автономија за Курдите. Ататуркистите не предвиделе проширување на востанието на шејхот Саит. Дури откако се проширило и во Југоисточна Анадолија била прогласена опсадна состојба. Кога и овие мерки не помогнале, турската армија применила делумна мобилизација и се подготвувала за судир со Курдите.

---

[54] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 85.

Ататуркистите востанието на шејхот Саит го сметале за востание против турските реформи. А всушност курдското друштво Теали имале за цел формирање на независна курдска држава. Со формирањето на Република Турција, место ова друштво се формирал курдски комитет кој работел за независност и имал поддршка од Англија. Лордот Curzon, во својот говор на Лозанската конференција, истакнал дека турската влада никогаш немала влијаније во источна Анадолија, а и Курдите никогаш не ги исполнувале наредбите од Истанбул. Па според тоа Курдите не им помагале на Турците во ослободителната борба. А на барањето на Курдите да добијат поддршка од Англичаните за остварување на своја независност и автономја, Англичаните му даваат поддршка на лордот Curzon. Вистинските цели на Курдите биле основање на независна курдска држава, а не противење на реформите кои се спроведувале во турското општество. Исмет Инени се залагал за поостра пресметка со Курдите. Во Дијарбекир биле формирани судови на независност, со што востанието било загушено.

При истражувањата зошто реформите на ататуркистите не биле спроведени во југоисточна Анадолија, каде што Курдите биле мнозинство не може вината да се бара само во ататуркистите. Не било возможно и не можело да се очекува промена на цивилни закони во место каде што курдското население 900 години живеело во племенски сојузи. Курдите биле поврзани за верската традиција, заради што не било возможно само за неколку години да ги прифатат правните, социјалните и општествените реформи во Анадолија. Притоа и некои странски земји ги поттикнувале на востание.

Понатаму меѓу градовите и ридските места постоеле големи културни разлики. Luis Bazin за ова ќе рече "Во градовите на Османлиската Империја воедно со движењето за модернизација се чувствуваше и културен развој во вистинска смисла на зборот. Раководната класа се модернизираше. Притоа во прегустото населените брдски места, не се менуваше традиционалната култура, која беше под влијание на Исламот. Но и покрај тоа Мустафа Кемал Ататурк и неговите

соработници, беа решителни од Турција да создадат лаицистичка и модерна држава која ќе се усмери спрема запад".[55]

Принципот на Лаицизмот во Турција, кој бил пример за исламскиот свет, не бил следен од другите исламски земји. Но принципот револуционерност создаден од ататуркистите, бил земен за пример, посебно од земјите кои се бореле за независност. А примерот на Турција бил следен и поради брзото темпо на развој насочен кон достигнување на модерно цивилизациско ниво. Сепак најзначајна придобивка од овој принцип на револуционерност на ататуркистите била восхитувањето на народот при менување од корен на сите национални институции. Овој восхит на ататуркистите бил присутен кај целиот турски народ, само не кај Курдите, кои се држеле до својот религиозен идентитет од времето на Османлиското владеење.

Benoist- Mechin со следниве зборови ја окарактеризирал состојбата во која се наоѓаа Курдите тоа време"Турција истакнуваше дека Курдите се од турско потекло и оти треба да останат во рамките на новата турска држава. Откако Турците се откажаа од областа Мосул, Курдите останаа поделени во 3 држави Ирак, Иран и Турција".[56] Курдите со векови живееле во патријахат и останале во рамките на верскиот фанатизам, и меѓу 1921 и 1926 година се кренале против воведувањето на лаицизмот. Ататуркистичкиот режим, затоа што се застапувал за единствена држава, се испречил пред милион Курди, кои биле против овој принцип. Ваквите несогласувања довеле до вооружени судири. Англија пак ги поддржувала Курдите да станат против ататуркистите. Им помагале и со давање на оружје и муниција на курдските востаници.

Во 1925 година избувнало востанието во Југоисточна Анадолија кое претставувало закана за ататуркистичките реформи. Милиони турски лири турската држава морала да одвои за загушување на востанието, наместо на сопствениот стопански развој. Ататуркистичкото движење

[55] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 87.

[56] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 87.

дури по отстранувањето на опасноста од курдското востание, со цел обезбедување на погодно тло во правец на прогласување на човековите права и слободи, се усмерила према законската регулатива.

Еден од најважните елементи кои биле донесени при револуционерниот принцип за турскиот народ било озаконувањето на човековите права и слободи. Единствена гаранција на правата и слободите дадени со Ферманот од Ѓулхане во 1839 година се врзувала за султанот. Ататуркистите имале желба за осовременување и затоа донеле систем на лаицизам и современо право, за обезбедување на човековите права и слободите кои ги создаваат основите на демократијата.

Францускиот етнолог Питард револуционерната возбуда на народот при мобилизацијата околу примената на латиничното писмо ја опишал како "Целосно предавање на еден народ во една наизглед присилна борба". Додека Ататурк истата мобилизација ја претстави со решителните зборови: ***"За успех на овој потфат јас и моите другари, ако затреба, ќе ги жртвуваме и своите животи"***. Овие зборови ја покажуваат сета цврстина и решителност на ататуркистите во однос на реализацијата на реформите, како и значењето што му го посветуваат на турското писмо. Всушност латиницата во рамките на турската азбука прв пат најде примена во 1863 година во Азербејџан.[57]

Со воведувањето на турското писмо, а напуштањето на османлиското и арапското писмо ататуркистите сакале да го напуштат шеријатското влијание. Затоа што во борбата за создавање на нација за турскиот јазик било потребно писмо преку кое би се воспоставила хармонија со европските норми. Решителноста на ататуркистите за ова прашање била голема, тие одлучилие да ги казнуваат управниците на затворите кои во рок од 6 месеци нема да ги научат затворениците да читаат и пишуваат латиница. Оваа одлука на ататуркистите, да го заменат арапскиот, персискиот и османлискиот јазик со турскиот јазик и турското

---

[57] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 88.

писмо не може да се спореди ниту со сличните реформи во Англија, Франција или пак Русија.

Мнозинството на историчари сметаат при анализирање на ататуркистичките реформи дека сета заслуга му припаѓа лично на Мустафа Кемал Ататурк. Неговата улога во реформата се однесува на тоа што тој не ја сменил само економската структура на земјата, туку од корен ја сменил најличната особеност кај секој Турчин, како што е неговото презиме, неговите навики, начин на живеење, изговорот и општествените вредности што ја опфаќаат неговата мисла.

Реформите на ататуркистите немале претходно подготвена планска програма. Ататурк како и за сите значајни нешта прво давал наредба за одредена реформа, при што ататуркистите подготвувале услови за нејзино реализирање. Републиканско-народната партија немала доктрина или идеолошка програма. Дури на 20 мај 1931 година на својот Втор Голем Конгрес, ататуркистичките принципи ги собрале на едно место преку симболот 6 стрели создавајќи партиска програма. Ататуркистите, откако биле изложени сите реформи и во текот на нивната реализација се обиделе да создадат ататуркистичка идеологија. Ова дошло затоа што ататуркистите почнувајќи од 1919 година доживеале брзи промени и немале време за подготовка на својата идеологија. Во 1930 година Ататурк на Gabriel Hanotaux му изјавил: ***"Турците се решени за неколку години да го надоместат се она што нивните предци го губеа со векови".***

### 6.1 Коментари за ататуркистичките реформи

Ататуркистичките реформи се оценуваат како политичка и општествена револуција. Тие предност им дале на инфраструктурните реформи и имале за цел реализирање на слободата и независноста како основни принципи. Од вкупно 54 претставници на конгресот во Сивас 7 биле офицери, 24 службеници, 17 земјоделци и трговци, а само 6 верски службеници. Единствена измена на ататуркистите била промената на кадровската структура, при што се зачувал принципот на офицерското и службеничкото мнозинство.

Значајна забележана промена бил преминот од османлиска кон национална држава, од полутеократско кон републиканско уредување и од средновековна во современа капиталистичка економија. Последователно на тоа се родила турската нација и се создала земја со определен национални граници. За условите во 1920-тите години секоја од овие реформи значело револуција. Преку формирање на републиката турскиот народ повел борба за независност, против окупаторските сили. Ататуркистите, како и во секоја револуција, во својство на народни претставници, ги продолжиле реформате во општествена, управна, стопанска, политичка и културна сфера. Но овие реформи немале за цел темелни промени во економската состојба на народот. Затоа, со исклучок на востанието на шејхот Саит, тие и не наишле на некои реакции од поширок и поорганизиран вид.

Во врска со ова Сабахатин Селек вели ***"Притоа промените во општествената надградба не беа во склад со промените во инфраструктурата, без сомнение, не можеше да се очекува ататуркистичките реформи за кусо време да најдат примена во сите сфери на општеството. Исто така, во тоа време евентуално да се спроведеше референдум, народот немаше да ги прифати латиничното писмо, ниту швајцарскиот тип на закон за граѓанско општество. Дури и печатницата во Османлиската империја дојде 250 години подоцна".*** [58]

Ататуркистичките реформи вистина е дека се спроведени против волјата на народот. Преку воени судови воспоставени во сите места на Анадолија и законот за ред и мир, користејќи секаква сила се реализирале реформите. Ататуркистите ги користеле сите можни начини и средства за да ги остварат реформите. Всушност и не постоел друг начин за реализација на реформите над мнозинството народ. Иако Џафер Тајар вели дека многу е погрешно да се мисли дека турската цивилизација е реализирана со присила.

---

[58] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 90-91.

Вонредните судови имале овластување од собранието и пресудувале веднаш, додека судовите за ред и мир, заедно со вонредните судови не дозволувале каков и да е отпор против реформите. Покрај тоа и методата на еден единствен човек обезбедила реализација на ататуркистичките реформи. Во условите кои владееле тогаш во 1920-тите не можело да се примени подемократски метод или некој вид на референдум. За успешност на реформите влијаело тоа што Ататурк знаел да го одбере правото време за нивна примена. Народот немал друг излез освен да ги прифати методите на државата и сите нејзини институции, спремни да го убедат дека се работи во интерес на неговата иднина.

Каков бил ставот на вонредните судови према противниците на реформите се гледа преку обидот за атентат на Мустафа Кемал Ататурк во 1925 година, обвинувањата против највидните ататуркисти, Ќазим Карабекир Паша, Али Фуат Паша, Рауф Беј и Рефет Паша и нивното ослободување од вината. Понатаму и некои интелектуалци од движењето Обединување и прогрес биле обвинети за колаборација на реформите. А како и во случајот на обидот за атентат на Ататурк, ататуркистите не се стеснувале да ги елиминираат сите луѓе со спротивни погледи.

За претходници на ататуркистичките реформи се сметаат Младосманците (1870-1908) и подоцна Младотурците. Овие корени нашле практична примена преку долготрајната и енергична заложба на активните ататуркисти. Пример уште во 1922 година, претставникот на Соединетите Американски Држави, по средбата со високи службеници и интелектуалци, во својот извештај го констатирал постоењето на лаицистичката мисла во Турција. Според мислењето на Озбудун и Казанџигил ова е последица на еден историски процес меѓу запад и Османлиите. Сметаат дека умереноста кон современите текови и лаицизмот и покрај сите спротиставувањата постоеле уште пред ататуркистичките реформи. Но реформите сепак не биле само усвоени странски модели, туку резултат на заемни историски допири помеѓу западниот свет и османлиската империја кои траеле со години пред тоа.

Професорот Ероглу пак, одвојувајќи ги сосем ататуркистичките реформи од Младотурското движење, заслугите ги препишува само на Ататурк и ататуркистите, и не прифаќа дека тие претставуваат продолжение на реформите на Младотурците. Но Казаџигил е поконкретен велејќи “Младотурските идеолози посакуваа забрана на многуженството, замена на фесот, права за жените и право и лаицистичко образование”. Мустафа Кемал овие желби ги спроведе во живот. Уште најактивниот член меѓу младотурците, Зија Ѓокалп бараше религијата да се оддели од државата. Пред и за време на Првата светска војна владата на движењето Обединување и прогрес го почна лаицизмот во правната свера, барајќи права на жените и измени во врска со поседување на земјата.[59]

Треба да се има во предвид и дека Ататурк, Инени, Али Фуат Џебесој, Ќазим Карабекир, Рауф Орбеј и Фетхи Окјар, биле излезени од османлиски официрски училишта, на извесен начин претставуваат последни претставници на Младотурците. Всушност и Младотурците заедно со интелектуалците Османлии веќе во погодно време и услови можеа да дискутираат за лаицизмот, нацијата, народништвото и републиката.

Подоцна ататуркистите остварувањето на сите овие реформистички идеи си го поставиле како своја основна задача. Тие создале погодни услови за прифаќање на овие реформи од народот во правец на обезбедување склад во турското општество, иако останува и вистината дека притоа ататуркистите применувале и сила во текот на спроведувањето на реформите и промените на постојните институции.

[59] Ментер Шахинлер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот, Чалакли, 1999, 92.

## 6.2 Турција во политиките на влијателните светски држави помеѓу двете светски војни

За Мустафа Кемал Ататурк потребно е да се знае дека големиот командант и државник имал максимално чувство за комуникативност и иницијативност за воспоставување на рамнотежа и дијалог во регионот. Борејќи се против непријателските сили на својата територија, ги одржувал дипломатските односи со Советската влада од каде добивал воена и материјална помош и поддршка. Победата во 1922 година го забрзува тој процес и обезбедува потпишување на договорот меѓу Турција и Советскиот Сојуз. Првата официјална делегација на Турција отпатувала во Москва. Со тоа Ататурк не сакал земјата, се уште непризнаена, да биде меѓународно изолирана што индирекно го посакуваат западно европските сили.[60]

По оформувањето на Републиката, Ататурк водел брилијантна политика со соседните земји. Тој успеал да воспостави пријателски односи со оние со кои претходно војувал. Во однос на надворешната политика, Ататурк се водел по принципот: ***„Целото човештво треба да биде едно тело, а нациите треба да бидат негови органи".***



*Мустафа Кемал Ататурк со Кралот Едвард VII во Британија*

[60] Емин, Салих, Ататурковата борба за афирмација на националната свест и интереси и некои карактеристики од развојот на односите и соработка меѓу Р. Македонија и Р. Турција, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 189.

### 6.3 Турската надворешна политика на Балканот

Ататурковата внатрешна и надворешна политика, политика на мир и добрососедство добила особено признание од целиот свет по посетата на грчкиот премиер Е. Венизелос на Анкара на 10 јуни 1930 година. Во говорот на Големото народно турско собрание од 1 ноември 1930 година Ататурк вака ги оценил позитивните резултати на надворешната политика на замјата таа година: „***Мирот и желбата за добри односи искрено се следат во нашата надворешна политика. Верувам дека нашите залагања и свест кои се во насока на создавање пријателство во меѓународните односи стануваат се поразбирливи во светот..“.*** Посебно ме радуваат официјалните посети на премиерот и министерот за надворешни работи на нам соседната пријателска земја Грција, на Анкара. Турција и Грција во рамките на своите интереси имаат односи кои не се спротивни едни на други. Пријателството меѓу овие две држави ќе придонесе за меѓусебна доверба и зацврстување на добрите односи.[61]

Ататурковата политика за Балканот и балканските народи најдобро може да се согледа од неговиот говор во Големото народно турско собрание при одржувањето на Втората балканска конференција на 25 октомври 1931 година. Ататурк тогаш, обраќајќи се на над двеста учесници го рекол следното: Балканските народи во Албанија, Бугарија, Романија, Грција, Југославија и Турција денес имаат статус на посебни народи. Народите на овие земји со векови живееле заедно. Денешните балкански држави вклучувајќи ја и Република Турција се резултат на распаѓањето на Османлиската империја. Затоа балканските народи имаат заедничка историја. Ако ова историја има жалосни спомени тие припаѓаат подеднакво на сите Балканци. Верувајте во тоа, дека, делот на Турција нималку не е порадосен. Драги претставници на балканските народи, верувам дека надминувајќи ги спомените од историјата ќе создадете длабоки братски односи и ќе отворите широки хоризонти на единство.

---

[61] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 104.

Со тоа ќе ги извадите на виделина запоставените и заборавените големи висини.[62]

Ататурк во 1933 година развил политика на мир и пријателство која на Балканот мошне се ценела и се земала за пример. Во својот говор на 1 ноември 1933 година во Големото народно турско собрание осврнувајќи се на политиката Ататурк вели: Нашите односи на Балканот достигнаа голем развој. При посетата на грчкиот премиер на срдечен начин потпишавме Договор за пријателство. Овој договор како главна одредба го има гарантирањето на заедничките граници е резултат на растечко пријателство и доверба меѓу Република Турција и Република Грција. Договорот е израз на природната потреба на заедничките интереси на двете земји на море и на копно. Договорот ќе стане моќен фактор на мирот и општата благосостојба на Балканот.[63]

За заслугата во подобрувањето на грчко-турските односи, извонредниот придонес за светскиот мир и пријателство грчкиот премиер Венизелос кој на 12 јануари 1934 година го предложил Ататурк за кандидат на Нобелова Награда за Мир.[64]

Како резултат на иницијативата на Република Турција и Ататурк за зближување на балканските земји во 1933 година во Солун се одржала Четвртата конференција на балканските земји. На конференцијата било одлучено да се дејствува во насока на создавање на Балкански пакт или Балканска антанта. Меѓутоа меѓу некои од земјите учеснички се појавиле нови недоразбирања. Но со потпишувањето на турско-грчката спогодба за пријателство на 30 октомври 1933 година во Анкара биле удрени темелите

---

[62] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 104-105.

[63] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 105.

[64] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 106.

на Балканскиот пакт. Во 1933 година со превземањето на власта од страна на Хитлер во Германија се влошиле односите меѓу европските земји и ова претставувало опасност по мирот.

Бидејќи преговорите за разоружување не биле успешни започнала нова трка за вооружување меѓу европските, посебно меѓу големите држави. Адолф Хитлер се заканувал со сила, а Франција, Англија, Република Турција и некои други европски земји со цел да го зачуваат мирот превземале превентивни мерки. Ататурк ја повторувал својата порака Мир во земјата-мир во светот, како човек што најдобро знае што претставува војната тој порачува: „Мораме да го почитуваме овој принцип, бидејќи светот е една целина, а ние сме неразделен дел од целината. Успесите на сите европски народи треба да ги цениме како свои. Република Турција под негово раководство имала голем развој, но не била се уште целосно соземена од долготрајните војни. Сепак не можела да остане надвор од овие случувања. Ататурк и Република Турција вложуваат големи напори за мирољубиво решавање на проблемите во Европа, посебно на Балканот".

Сепак за секој случај Ататурк ја спремал државата за евентуална војна. Тој најмногу бил преокупиран со потпишување на Балканскиот пакт. По негова иницијатива министрите за надворешни работи на Турција, Грција, Југославија и Романија на почетокот на февруари 1934 година во Белград го подготвиле Нацртот на таканаречената Балканската антанта (малата антанта). Нацртот е потпишан на 9 февруари 1934 година и со него се формира Балканскиот пакт или Балканската антанта. Овој пакт се состои од 3 члена и според неговите одредби Република Турција, Југославија, Грција и Романија ја гарантираат безбедноста на своите граници. Земјите се обврзуваат меѓусебно да разговараат во случај на спорови кои би го загрозиле постоењето на пактот. Исто така било предвидено да не превземаат мерки против ниту една балканска држава без претходно да се консултираат меѓусебно. Исто така договорот предвидувал меѓусебно да соработуваат на економски план.

Задоволството од својата улога при потпишувањето на Балканскиот пакт Ататурк го изразил во говорот во Големото народно турско собрание на 1 ноември 1934 година со следните зборови: *"Балканскиот договор е договор кој ја искажува меѓусебната почит кон тие земји. Овој договор несомнено има големо значење во зачувување на границите. Нашиот народ со задоволство ја поздрави плодната работа на Претседателството на Балканскиот пакт во Анкара"*.[65]

Балканот во 1936 година има најзначајно место во надворешната политика на Република Турција. Таа година Република Турција ја посетиле голем број на државници. Меѓу нив треба да се спомене англискиот крал Едвард Осми. Честите посети на балканските и светските државници продолжиле се до 1938 година. Доаѓале да се сретнат со Ататурк, да се уверат во неговите напори за зачувување на мирот и да научат нешто од големиот човек.

Иако Ататурк бил болен во 1938 година тој интензивно работел на зачувување на мирот и спречување на Втората светска војна, а исто време превземање на мерки за одбрана на својата земја. Тој одржал говор пред Големото народно турско собрание десет дена пред неговата смрт во кој најдобро ја отсликува мировната политика на Република Турција во регионот и на Балканот. Тоа го изразил на следниов начин: Надворешната политика на земјата во последната година се движи во правец на зацртаните цели од минатата година. Мирот во последните месеци помина низ значаен испит. Бидејќи се наоѓаме во сложен период резултатите треба да ги дознаеме во најскоро време. Мирот е најдобар пат кој ги води народите во благосостојба и среќа. Меѓутоа еднаш создадена ова благодет бара постојана грижа од секој народ.

Владата на Републиката согледувајќи ја оваа вистина ја практикува во однос на најблиските соседи и најдалечните земји и градејќи ги

[65] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 107.

односите во таа насока надворешната политика ја постави на здрави нозе. Балканската политика претставувајќи најизразит пример на поединечните и заедничките интереси на балканските земји придонесува за зацврстување на нивните позиции. Исто така претставува значаен фактор за зближување на земјите. Таа политика дава надеж во поглед на иднината на регионот. Сакам да ја потенцирам спогодбата потпишана во Солун од страна на грчкиот премиер Метаксас и бугарскиот премиер Ќосе Иванов во име на земјите членки на Спогодбата. Во ова спогодба дојдоа до израз постојаните напори на Република Турција за мир и политиката што ја следеа Балканските земји.[66]

Ататурк често ја повторувал следната вистина: Република Турција има цврста, позитивна и мировна политика. Тоа се состои во тоа што Турција својот опстанок и иднина ги гледа во рамките на своите национални граници.[67]

### 6.4 Турската надворешна политика (1938-1960)

Надворешната политика на Ататурк била со неутрален став, а само во однос на Франција и Велика Британија правел исклучок. Најголемата загриженост на Турција доаѓала поради застрашувањето од Италија. Мусолини во 1926 година на еден свој говор ја истакнал својата експанзионистичка и империјалистичка програма која ги опфаќала и медитеранските градови Измир и Анталија. Но во 1926 година во однос на прашањето на Мосул, Велика Британија ја повлекла својата поддршка на Италија. Наоѓањето на Франција во несигурни воени дејства и острите реагирања на Турција биле причина Италија да ја стави во состојба мирување својата програма. Па сепак сомневањето на ататуркистите го зацврстил говорот на Мусолини од 19 март 1934 година, во кој ги истакнал

[66] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 108.

[67] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 109.

своите историски цели во Азија и Африка. А тоа уште поистакнато било откако Италија ја окупирала Етиопија во 1935 година. Дополнително што Франција и Велика Британија не завземале решителен став спрема ваквата политика на Италија. Турција, која есента 1933 година се приближила кон Романија, Грција и Југославија, на 9 февруари 1934 година во Атина како што напоменавме го потпишала Балканскиот пакт. Сепак, посебниот член кој Турција го предложила и со кој барала солидарност во случај на евентуална опасност од Италија, од страна на Грција не бил прифатен. Инаку во 1937 година Садабатскиот пакт се прифатил небаре како продолжение на Балканскиот пакт.

Ататурковата мировна политика до 1932 година за сите светски држави станува пример за политика. Поради политиката која ја водеа Англија, Франција и другите европски земји во Заедницата на Народите, Ататурк долго време не гледал со симпатии кон оваа Заедница. Дури кога односите на Турција со Европа и другите светски земји резултирале со развој во позитивен правец Турција почнува да покажува интерес за Заедницата на Народите и изразила готовност за соработка со неа. При разгледувањето на поканата на 29 балкански држави на чело со Албанија, Бугарија, Грција, Романија и Југославија, Република Турција по поднесувањето на барањето за прием во членството на 18 јули 1932 година била примена во Заедницата на Народите. Така Република Турција станува значаен фактор на меѓународната сцена во поглед на зачувување на мирот.[68]

По приемот на Република Турција во Заедницата на Народите Ататурк почнува да се интересира одблиску за социјално-економските и политичките проблеми на европските и балканските земји. Притоа во склоп на принципот на зачувување на мирот, спротиставувајќи се на промената на границите, особено на границите на балканските земји ги придобил симпатиите на споменатите земји.

---

[68] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 105.

Бројот на светските државници кои доаѓаат да го посетат Ататурк по триесетите години особено се зголемува, што е исто така еден значаен показател за исправната надворешна но и внатрешна политика на Мустафа Кемал Ататурк. Така Република Турција покрај тоа што се развила во модерна земја, таа станала и политички центар.[69]

Политиката на мир и пријателство што Ататурк ја усвоил како принцип ја спровел во практиката со тоа што воспоставил специјални економски, трговски, културни и политички односи со сите светски земји, а особено земјите што се создадоа на некогашните турски територии.

Тој се интересираше и за балканските Турци кои претставуваа неразделен дел од турскиот народ. Бидејќи и самиот бил балкански Турчин, Ататурк бил емоционално поврзан со Балканот. Затоа споменатиот регион имал посебно место во неговите политички сфаќања.

Државата Република Турција по успешно завршување на борбата за независност сиот свој ангажман го сконцентрирала кон ублажување на последиците од војната и решавање на актуелните проблеми. Пругата ги трасирала и главните правци на внатрешната и надворешната политика од кои до ден денес не скршнала. Покрај почитувањето на договорите кои придонеле да се заврши Првата светска војна и постојаното статус кво, желбата за живеење во мир и пријателство со сите други држави беа во составот на ова политика. Останувајќи доследна на своите принципи таа стекна голем авторитет и благодарение на тоа, голем број на држави почнаа да воспоставуваат дипломатски односи со Република Турција. Притоа Република Турција потпиша договор за пријателство скоро со сите европски и воневропски земји.[70]

---

[69] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 105.

[70] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 103.

Инени го продолжил принципот за независност во надворешната политика која до тогаш била безкомпромисно спроведувана од Ататурк се до 1938 година. Ататуркистите од офицерскиот табор, биле загрижени дека Анадолија без регулирана армија може да доживее хаос, своите напори ги насочиле во правец на создавање на силна армија. Од исток и од запад Турција била опкружена со опасност заради што и покрај мирољубивата политика морала да добие нова гаранција за својата безбедност. Затоа Турција во текот на Втората светска војна, зазела крајно воздржан став.

## 7. Значењето и влијанието на Мустафа Кемал Ататурк за современата турска држава

Во седмото поглавје ќе се обидеме да го објасниме значењето и влијанието на големиот државник и човек, Мустафа Кемал Ататурк што го имал во Турција и во светот и тоа што го направил за современата турска држава.

### 7.1 Личноста на Ататурк

Мустафа Кемал Ататурк - меѓу првите државници ја лансираше идејата **"Мир во земјата, мир во светот"**, со што можеме да кажеме дека е прв претходник на современата неврзаност. Веројатно поради тоа, писателот Диван Авџиоглу во своето дело *"Национално ослободително историја"*, том III, вели: ***"Ако Кемал Ататурк беше жив денес би заземал достојно место меѓу основачите на неврзаноста во светот - Тито, Насер, Нехру и други".*** Со цел новата турска држава да биде силна и безбедна, независна и слободна во нејзиното функционирање и со меѓународен углед, Мустафа Кемал Ататурк се придружувал кон конкретната неутралност со најголемо пријателство и сојузништво со Советскиот сојуз.

Уште на почетокот на својата кариера го основал, Тајното здружение „Татковина и слобода" во Дамаск каде што бил назначен во петтата армија. На 13.10.1907 година служел во Битола и Солун, затоа што бил назначен во третата армија. Постигнал успеси во задушувањето на востанието познато како "31 мартовски настани" и во операциите во Албанија, во 1910 година, а истата година и во маневрите во Франција. Годината 1911, се памети по неговото војување во Триполи во Северна Африка со италијанската војска.

За време на Балканските војни бил мајор, а од 1913 до 1915 година бил воен аташе во Софија. Со започнувањето на Првата светска војна и Османлиската империја била принудена да влезе во војната. Мустафа Кемал бил командант на деветнаесеттата дивизија, која имала одлични

успеси на Чанаккале во 1915 година, а во 1916 година на источниот фронт ги спречил нападите на Русите и притоа го ослободил Муш и Битлис, а во битката кај Алепо повторно ги спречил да навлезат во Османлиската империја. Во 1917 година во придружба на принц Вахдетин заминал за Германија, во 1918 година бил наименуван за Командант на молскавичната армија. При влезот на непријателската флота при навлегувањето во Истанбул, изјавил **"Како што влегоа така и ќе излезат".**

Ататурк свесен за големиот предизвик големо внимание посветува на негување на односите меѓу народите и државите од непосредното соседство и регионот. Избегнува да се конфронтира и благовремено ги поставува отворените прашања кои треба да се решат. Прави се контролата да не ја препушти на европските земји и да ја доведе земјата до изолација како последниот султан. Токму затоа внимание привлекува Мировната конференција во Лозана која трае шест месеци на која активно учествуваат Англија, Франција, Италија, Грција, Советскиот Сојуз, а САД како надгледувач каде разговорите се бурни, се прави притисок на турската делегација за отстапка од интересите, се настојува територијата на империјата да биде што повеќе парцијализирана. Меѓутоа Мустафа Кемал со својот воен соработник Исмет Инени, кој ја предводи турската делегација успева да извлече максимум и да ја сочува денешната територија и потполната контрола на морските теснеци кои до потпишувањето на договорот се инсистирало да се со поинаков статус.[71]

На 29 јануари 1923 година Мустафа Кемал се оженил со Латифе Ушаклгил, но се развеле на 5 август 1925 година. По разводот тој не се оженил повторно, но тој присвоил околу седум ќерки и синови. За време на неговото слободно време тој уживал читајќи книги, пишувајќи дела и дневници, јавање коњи, играње шах и пливање. Исто така, Мустафа уживал играјќи валцер и традиционални турски танци.

---

[71] Емин, Салих, Ататурковата борба за афирмација на националната свест и интереси и некои карактеристики од развојот на односите и соработка меѓу Р. Македонија и Р. Турција, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 190.

Ататурк најмногу верувал во младата генерација на Турција, како и на армијата, па оттука се познати и неговите зборови ***„Турско младино, твојата прва и главна задача е да ја браниш и за вечни времиња да ја зачуваш Турција. Може да се случи непријателот да ја заземе цела Турција, а тие кои управуваат со внатрешноста на земјата да бидат во заблуда или дури да отидат во предавство. Би можеле да ги доведат во согласност со своите лични барања со политичките цели на завојувачот. Може да се случи целата нација да западне во неволја, очај или пак сиромаштија. Турски деца, нашата сигурност дури и под такви услови ќе ви биде должност и да се борите за независноста на Турција. А сили за тоа, секогаш ќе ви дава благородната турска крв која тече во вашите вени. На Турција и се потребни силни далекувидни, добро образувани и храбри бранители. Само навистина во секој поглед независен народ може да се смета на остварувањето на своите желби и одлуки...“.***

Што се однесува на односите Република Македонија-Република Турција, слободно можеме да кажеме дека во коренот на турско-македонските односи се наоѓаат заедничката култура кој ги спојува двете земји и Ататурк, основачот на Република Турција кој што како човек е оформен во Македонија. Овие наши односи се толку силни што не можат да се повредат до мали националистички активности или пак шовинистички напади на културните споменици. Искрено верувам дека Турците како трет народ во македонската држава ќе претставуваат нераскинлива врска помеѓу Република Турција и Република Македонија и дека односите помеѓу земјите засновани врз овие основи ќе се развиваат уште повеќе. Нашите сонародници, лојални граѓани на Република Македонија свесни од оваа состојба и служат на својата земја.

## 7.2 Смртта на Мустафа Кемал Ататурк

Во 1937 година, гласините за влошеноста на здравјето на Ататурк почнале да се потврдуваат. Во почетокот на 1938 година, додека бил на патување во Јалова, каде се разболел од тешка болест. Тој отишол во Истанбул на лекување каде му било дијагнозирано цироза на црниот дроб како последица на конзумирање на алкохол. За време на неговиот престој во Истанбул тој се обидел да ги врши секојдневните државнички обврски. Мустафа Кемал Ататурк умрел на 10 ноември 1938 година, во Истанбул во палатата Долмабахче, на 57-годишна возраст. На неговиот погреб присуствувале претставници од над седумнаесет држави. Посмртните останки на Ататурк биле погребани во саркофаг тежок 42 тони во мавзолејот во Анкара. На негова волја, сета сопственост што ја имал, била предадена во рацете на Републиканската народна партија.



***Поворката по повод смртта на Мустафа Кемал Ататурк***

### 7.3 Значењето на Мустафа Кемал Ататурк

Големината на Ататурк е во неговата силна вера во својот народ, верба која многупати ја истакнувал и на некој начин им влевал самодоверба на луѓето во чие време живеел и работел. Така тој ќе изјави **“Имав можност да ги запознаам сите народи, ги проучував на бојното поле, под оган, соочени со смртта, кога карактерот на еден народ е разголен. Ви се колнам народе мој, дека духовната сила на нашата нација е над целиот свет. Ќе го водам мојот народ за рака по патот се додека неговите стапки не станат сигурни за да знаат да го најдат вистинскиот пат. Тогаш тој ќе може самиот да одбере, самиот да управува. Тогаш мојата работа ќе биде завршена”.**[72]



***Мавзолејот на Мустафа Кемал Ататурк во Анкара***

Според историчарите, во современата турска држава постоеле следниве принципи по кои се воделе: подготвеноста за зачувување на независноста на земјата со негување и доверба и почит кон другите народи и земји, како и кон нивните држави без никакви претензии кон нивните територии, потоа државна сопственост во областа на економијата, световен карактер на општеството, државата и системот на владеење,

[72] Харолд Армстронг, Сивиот волк - Мустафа Кемал, Мисла, Скопје 1994, 342-343.

како и во наставата и воспитувањето, и револуционерност во чување и развивање на придобивките од народно-ослободителната војна на турскиот народ под раководство на Ататурк.



***Сӣомен куќа на Мусӣафа Кемал Аӣаӣурк во Биӣола***

Според идеологијата и филозофијата на Ататурк, турското општество било составено од селани, занаетчии, индустријалци, трговци, работници и интелегенција која посебна обврска да ги образува и да ги воспитува младите генерации. Иако денес констелацијата на силите е различна и силите се поинакви, турската држава и во најновите услови силно се бори да ги задржи придобивките како и да го продолжи делото на Ататурк кој иако некогаш нагласувал дека е еден вид на диктатор, сепак тоа било со цел во турското општество да победи демократијата.

Неговата најголема грижа беше по најкраток пат турската држава да ја направи модерна држава, а братскиот живот меѓу народите беше најдрагоцен идеал на Ататурк, ќе изјави Исмет Инени - новиот претседател на Турската република во прогласот по повод смртта на големиот син на турскиот народ - Мустафа Кемал Ататурк.”

Негови заслуги и достоинства се: Големото народно собрание во Анкара на 2 мај 1920 година кога бил избран за претседател на турската влада, на 5 јули 1921 година бил избран за врховен командант на турската армија, по победата кај Сакарија во 1921 година ја добил титулата маршал на турската армија и титулата Гази (Победник). Потоа на 1 ноември 1922

година го прогонил султанот од Цариград, на 23 октомври 1923 година ја прогласил турската република во Анкара, а притоа тој станал прв претседател, на 3 март 1924 година го ликвидирал калифатот, а како почитуван државник и политичар се залагал за балканска соработка. Тој е еден од основачите на Балканскиот пакт (сојуз од 1934 година), помеѓу Турција, Југославија, Грција и Романија. Кога во Турција започнале да се воведуваат презимиња бил наречен Ататурк, што значи татко на Турција. За претседател на турската република бил избиран дури 4 пати и тоа во 1923, 1927, 1931 и 1935 година.

Ататуркистите дале се од себе, надминувајќи ги сите препреки, за да создадат моќна и модерна држава. Ататуркистичкиот национализам и покрај сите надворешни притисоци не отстапил од принципот независност. Како резултат на ова Турција се ослободила од сите странски влијанија кои дотогаш делувале на Османлиската империја. Ататуркистичкиот лаицизам се развил и делувал против влијанието на верските секти среде заостанатите слоеви од народ. Биле свесно ориентирани кон технологијата на запад и не правеле никакви отстапки во однос на независноста на земјата. Почнале да спроведуваат исправна политика кон сите свои соседи вклучувајќи го и Советскиот Сојуз. Трудејќи се да ги отстранат сите внатрешни пречки во остварување на реформите. Пример за ова е забраната на опозиционата партија, формирана во текот на 1924 година.

Критиките на фундаменталистите и реакционерите врз личноста на Ататурк, како во 1930 година, така и денес продолжуваат. Оние кои Ататурк го обвинувале за атеизам всушност имале за цел да манипулираат со верските чувства на умерените ататуркисти. Ататурк како основач на Република Турција и како лидер на ататуркистичките реформисти ја исполнил својата задача, завземајќи свое место во историјата. За турскиот народ ататуркизмот значи прифаќање на лаицизмот, заштита на демократијата, модернизација и осовременување. Ататуркистичкото движење, кое ги содржи поимите непречено обновување и револуција која тече, надминувајќи ги личните идеи и мисли на Ататурк, се претвара во волја на турскиот народ. Ататуркизмот денес претставува име на ова волја на народот усмерена кон постојано менување и прогрес.

Ататурк не е лидер кој може да се земе за пример само кога е во прашање мирот. Тој е пример на командант и водач за сите народи кои се бореа за своја независност. Неисцрпен извор на инспирација. Со своите принципи и револуциите кои ги остварил е најмаркантна личност на 20-от век. Бидејќи реформите, кои се неисцрпен извор на енергија, ги спровел во период од 1923 до 1938 година, другите држави и народи не успеале да ги спроведат ниту за 100 години. Вреднувајќи ја искреноста, правичноста, работливоста на турскиот народ во обновата на земјата во периодот 1912 до 1922 година Ататурк вели: **"Турскиот народ со својата храброст, подобност и успешност е над сите народи..."** Со напорите кои ги вложил во воспоставувањето на мирот на Балканот и светскиот мир Ататурк е највлијателен и најпочитуван државник на 20 век.[73]

[73] Јусуф, Хамзаоглу, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 108-109.

# Заклучок

Мустафа Кемал Ататурк е војсководец, реформатор, државник, творец на современа Турција и прв претседател на Република Турција. Неговото дело има огромно значење за севкупниот живот на турскиот народ, затоа што и денес Турција се развива врз неговите темели што тој ги поставил, сублимирано изразени во еден поим-кемализам.

Мустафа Кемал, потекнува од граѓанско семејство кое припаѓало на пониските средни слоеви (и денес во Солун постои двокатната семејна куќа во која се родил, која подоцна била претворена во музеј). Татко му Али Риза Ефенди променил неколку занимања. Отпрвин бил чиновник во Солунската царинарница. Подоцна се зафатил со трговија со дрвен градежен материјал и повеќе престојувал надвор од Солун, во складовите отколку дома. За време на руско-турската војна (1877-1878 година) бил мобилизиран во т.н. доброволечки помошен баталјон. Умрел во 1892 година кога Мустафа имал одвај единаесет години.

По неговата смрт воспитувањето и образувањето за синот останала на мајката Зјубејде-Ханум, чии предци се имале доселено во Солун од Западна Македонија. Од нејзе Мустафа ја наследил амбициозноста и бистрите сини очи. За потеклото на татко му Али Риза Ефенди постојат две хипотези: дека бил солунски староседелец и според другата, дека во Солун дошол од дебарското село Коџаџик. Значи според оваа теорија, Мустафа по потекло бил Турчин од Македонија, силно поврзан со својата потесна татковина Македонија.

Врз неговото формирање како личност се забележува влијанието на домашното воспитување, школувањето, социјалниот амбиент во кој растел и се движел и постојано променливите историски околности на неговото време. Мустафа Кемал го изменил животот на турскиот народ, но и самиот живот го моделирал неговиот развој.

Мустафа Кемал рано останал без татко, што повлекло нагло осиромашување на семејството. Кога имал 12 години семејството привремено се сместило кај некој од вујковците во гратчето Лангада, околу 30 километри северно од Солун. По иницијатива на мајка му тука кратко време посетувал некое христијанско општинско училиште. Дотогаш се школувал во приватното угледно-прогресивно училиште на Шемси-ефенди, а по неговото завршување учел две години во граѓанско прогимназиско училиште во Солун.

Откако се вратил во Солун повторно се запишал во солунското руждие, и живеел во станот на тетка си. Завршувањето на ова училиште ги отварало вратите за следниот четиригодишен образовен степен-идадие по што можел да добие почетничка чиновничка служба како ќатиб. Меѓутоа тој не го завршил ни едното ни другото училиште. Еден ден помошникот директор Кајмак Хафз речиси без причина крвнички го претепал, по што Мустафа засекогаш кренал раце од граѓанското училиште и по сопствен избор се одлучил за учењето да го продолжи во военото училиште.

Во своите сеќавања, подоцна, Мустафа Кемал, според истакнатиот советски турколог А. Ф. Милер, се исповедал дека уште од детството го привлекувала војничката професија и се восхитувал на убаво облечените питомци и млади офицери што ги гледал по солунските улици. Споменатиот Анатолиј Филипович Милер пишува: Низ овој чин во прв ред се изразило силното, иако не и сосема осознаеното чувство за протест против сиромашниот живот, митарствата и секаквите понижувања што го снашле младиот Мустафа. Нему му се чинело оти ако стане офицер, тоа ќе значи избавување од сите животни беди.[74]

Мустафа во својата тринаестта година пресудната одлука ја донел без знаење на мајка си, со која околу две години не стоел во добри односи затоа што таа се премажила за вдовец со четири деца. Откако го положил приемниот испит во летото 1894 година Мустафа Кемал стапил во трети

---

[74] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 55.

клас на солунското воено руждие. По година и пол, кон крајот на 1895 година го завршил средното воено образование. Сега му се отворил патот за Битола. До ова време, веќе две години, во Солун, Битола, Штип, Прилеп и други македонски градови се вкоренувала Македонската револуционерна организација, а Гоце Делчев ја крстосувал Македонија. Со неа Мустафа Кемал ќе се соочи десетина години подоцна.

Врз Мустафа исто така големо влијание имала и тогашната голема разлика меѓу граѓанските и воените училишта. Од кажувањето на другарите му станало јасно дека во воените училишта предаваат добри наставници и се изведува настава, алафранга т.е. на европски начин. Ваквото резонирање на младите питомци било сосема умешно зошто султанскиот деспотизам, рестриктивен до примитивност во граѓанското образование, морал во воените школи заради подготовка на квалификуван офицерски кадар да воведе европски стандарди и егзактни наставни дисциплини.

Значен податок е и тоа што во Битола во раните школски години како питомец заостанувал во знаењето, младиот Мустафа едно лето земал часови по француски јазик кај католичките мисионери, познати лазаристи. Веројатно уште тогаш можел да забележи разлика помеѓу фонетското писмо и комплицираната арапска азбука во турските училишта, што многу подоцна го довело до декретот за замена на арабицата со латинското писмо.

Кога дошол во Битола можел да забележи значителна разлика во општествениот амбиент меѓу двата града. Солун во тоа време бил голем пристанишен, сообраќаен, административен, економски и пред се трговски центар. По Цариград во империјата бил на второ место. Имал околу 150 000 жители со мошне хетероген етнички состав. Имало само околу 14-15 илјади Турци и можеби уште толку муслимани. Најмногубројна била еврејската заедница преселена, главно, од Шпанија, која си ги зачувала религијата и кастилскиот говорен дијалект. Според бројноста по Евреите и Турците, доаѓале Грците, а по овие Македонците чија што општина постојано се зголемувала.

Со доаѓањето во Битола нашол значително различна општествена ситуација. Во Битола многу повеќе се чувствувало политичкото влијание на Турците отколку во Солун. Освен многубројните чиновници, жандари и муслиманското духовенство, Битола претставувал силен воен центар на пространиот вилает. Странци имало малку и биле групирани околу европските конзулати и двете училишта, католичкото и американското. Мошне бројни биле црковно-училишните институции на балканските пропаганда во западниот дел на Македонија. Во градот работеле девет основни и две средни турски граѓански училишта, како и три воени училишта.

Во вишата воена школа во Битола започнало неговото вистинско образование и посериозно оформување како личност и општественик. Така на пример Мустафа Кемал подоцна со голема почит се сеќавал на наставникот по историја кол-агаси Мехмед Тефик-беј од кого за прв пат научил дека освен историјата на исламот постои и историја на турскиот народ, која содржински не се исполнува само со дејствувања на различни султани и везири. Ова ново сознаие за него претставувало прв еманципативен исчекор од исламската (верска) кон турската (национална) припадност, своја и на својот народ.

Современиците сведочат дека македонскиот говорен јазик благодарејќи на трговските и другите врски на Солун со неговите македонски хинтерланд, стекнал рамноправен статус со еврејскиот, турскиот и грчкиот. Во градот живееле и голем број странци, Европејци, па тој личел на голем космополитски град. Во Солун мошне нагледно биле прикажании белезите од зависноста и пониженоста на Турција, немоќта и корумпираноста на нејзиниот управувачки врв, а од другиот пол моќта и високомерието на туѓинците и на од нив протежираните богаташи од најразлични националности, но само не на Турци. Слична, иако не толку драстична, била социјалната слика на населението и во поголемите градски центри во внатрешноста на Македонија. Османлиските власти, во својата продажност и немоќ, секогаш биле понижуважки благонаклонети на угледните поединци и побогатите слоеви, без разлика на нивната

етничка и верска припадност, особено спрема разните европски претставници.

Големината на нивните привилегии директно зависела од големината на богатствата или општествениот статус што го имале.[75] Некои европски автори, европските конзули во Македонија ги нарекувале мали кралеви, кои што во конаците на валиите влегувале како во освоена земја. Турските војници од стражарските места морале во став мирно да ги поздрават, зашто во спротивно ризикувале остри казни. Накусо Солун во кој што младиот Мустафа Кемал ги стекнувал првите животни сознанија најмалку личел на турски град, или барем така изгледало.

Од тој период кај него се зародило чувството на отпор против нерамноправниот однос со странците; против комплексот на инфериорност кај турското малограѓанство и чиновништво, како и незадоволството од неспоредливо подобрите христијански училишта во Солун и слично. Останало и чувството дека Турчинот, оној обичен турски жител на Солун е запуштен, осиромашен, културно заостанат и во многу нешта нерамноправен во сопствената држава. За големо верување е затоа што кога многу подоцна одлучил да ја пренесе престолнината во срцето на Турција, напуштајќи го космополитскиот мегалополис на Босфор во кој владееле шпионството, корупцијата и инфериорноста, па и предавството, се присетувал на родниот град Солун од младешките години.[76]

Мустафа Кемал во тој период не ги знаел многуте важни настани од општествениот живот во Македонија, но на некој начин интуитивно ги поврзувал започнатиот револуционерен вриеж околу себе со Абдулхамидовскиот режим. Дури откако поминал во престолнината за да го продолжи образованието, почнал подобро да се ориентира во политичката ситуација на Империјата. Во Академијата во Цариград по прв пат поактивно се вклучил во илегалниот политички живот. Во тоа

---

[75] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 56.

[76] Манол, Пандевски, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991, 57.

време во неговата родна Македонија со извонредно брзо темпо се развивало ослободителното движење на македонскиот народ, а одгласите од големото Илинденско востание во 1903 година сигурно допреле и до Цариград. Значи трите години кои Мустафа Кемал ги поминал на школување во Битола претставуваат извонредно значајна етапа во формирањето на Мустафа Кемал идниот Ататурк. Битола ја напуштил на 19 годишна возраст, а со навршување на 24 години станал генералштабен капетан и ја напуштил османлиската престолнина.

Треба да се рече дека Мустафа Кемал на својот долг и историски пат тргнал од Битола. Тој овде научил како балканските народи се организираат и борат за своите национални интереси. Така, треба да се верува дека знаењата, искуствата што овде ги стекнал многу му помогнале во водењето на Национално Ослободителната Војна во Анадолија. Зборувајќи за национално образование, лаицизмот, начинот на облека, меѓународниот календар и саат и други револуционерни промени што ги спроведува во пракса, дознаваме дека Мустафа Кемал посветува мошне големо значење на националното образование.[77]

Во тоа време делото на Мустафа Кемал повеќе или помалку се поврзува со Македонија, тој пред се бил офицер и воин. Дури по распаѓањето на империјата на крајот на Првата светска војна дошле до израз неговите извонредни државничкии заложби. Неговото прво назначување како оперативец и командант на воената единица го добил во Дамаск, Сирија. Таму всушност е прогонет поради учество во конспиративното друштво Ватан (Татковина), составено од млади офицери кои биле настроени против султанскиот апсолутизам и исламскиот кларикализам во Империјата. Во наредните години тој учествувал во сите војни во султанска Турција: во Триполи (денешна Либија) против Италијанците (во 1911 година), во Првата балканска (1912

[77] Фахри, Каја, Ататурковиот пат до Чанкаја поминува низ Битола, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 142.

година) и Првата светска војна од 1914 до 1918 година. По 1919 година војувањето ќе го продолжи против здружените антантни сили за да заврши со голема победа над грчките окупатори кои биле многу поддржувани од Англичаните.

Мустафа Кемал истакнувајќи се како талентиран војсководец редовно бил испраќан онаму каде што положбата била најтешка. Притоа тој секогаш победувал, поради што би се рекло дека бил најголемиот војсководец што го дала Македонија од време на Александар Македонски и Цар Самоил. Гази Мустафа Кемал Ататурк е совршен пример за војсководец, совршен пример како да се основа Република и совршен државник. Неговите успеси беа резултат на екстремното реалистично воздигнување на ситуацијата. Бил херој на бојните полиња исто колку што бил херој во преговорите.

Во 1920 година од 43 члена на сенатот, 42 сенатори даваат согласност да се прифати предлог-договорот од Севр, што го наметнале на Султанот западните сили, со цел да ја поделат османлиската земја меѓу себе. Осум дена по потпишувањето на договорот во Берн-Швајцарија собранието со кое раководи Мустафа Кемал го отфрлил како невалиден, а оние сенатори кои дале дозвола и потписниците на договорот, ги квалификуваа како предавници на татковината. Впрочем со договорот од Севр територијата на новата турска држава, која на зелената маса ја кроеле големите сили, било предвидено да биде меѓу Анкара и Кастамон, односно многу мала територија.[78]

Окупацијата на Истанбул од Англичаните, поттикнувањето на Грците од страна на западните сили да го освојат Измир, влегувањето на италијанската и француската армија на османлиската територија ги поттикнува токму овие здрави, прогресивни и патриотски сили да се обединат за ослободување на земјата од окупација и на преостанатиот дел

[78] Емин, Салих, Ататурковата борба за афирмација на националната свест и интереси и некои карактеристики од развојот на односите и соработка меѓу Р. Македонија и Р. Турција, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 189.

од старите темели на османлиската империја, да обезбедат услови за изградба на ново општество каде безусловен суверенитет ќе има - народот и само народот.[79]

Непосредно со победите одело и искачувањето на скалилата на воената кариера. Од полковник на почетокот на Првата светска војна до Гази (победник) во 1922 година. Со својата нова, повеќе народно-ослободителна отколку со регуларна армија, ги разбил грчките интервенти во три битки: кај селото Ињоњу и на реката Сакарија (1921 година) и конечно кај Афионкарахисар во август 1922 година. Со овие победи ги истерал грчките окупатори од Анадолија и Источна Тракија. Откако ја ослободил земјата од окупаторот, Мустафа Кемал го анулирал Севрскиот мировен договор (1919 година) една од низата варсајски мировни договори, на чие место ќе дојде неспоредливо поповолниот Лозански мировен договор од јули 1923 година. На тој начин Ататурк ја спасил Турција од империјалистичкото распарчување и туѓинското ропство.

Во исто време растела неговата политичка моќ и течела трансформацијата на државата и на турското општоство во правец на европеизација. Во ноември 1922 година го развластил последниот султан и ја прогласил Република чиј претседател станал на 29 октомври 1923 година. Ја пренел престолнината од космополитскиот Истанбул во Анкара, која станала центар на новата турска држава. Во Анкара ги побарал здравите турски национални сили и поголема безбедност за централната власт. Една од најзначајните работи е укинувањето на калифатот, и секако одвојувањето на верските институции од државата. Ги вовел западноевропското цивилно право и латинското писмо, а изградил и нова армија. Накратко турското општество и држава ги ориентирал кон полна лаицизација и модернизација. Турската Република

[79] Емин, Салих, Ататурковата борба за афирмација на националната свест и интереси и некои карактеристики од развојот на односите и соработка меѓу Р. Македонија и Р. Турција, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002, 188-189.

станала држава што ќе биде изградена според европскиот модел на политичко и општествено уредување.

Од друга страна младотурското движење во втората половина на XIX и почетокот на XX век, кое на некој начин било подготвено од прогресивните сили на Турција, кои сакале својата земја да ја видат богата, и напредна, не успеало, но дало силен поттик за менување нешто во уредувањето и владеењето во државата.[80]

По судирот во Втората Балканска војна, Турција успеала да се консолидира и во војната се приклучила против Бугарија. По победата Турците успеале да го повратат градот Едрене, а по Букурешкиот мировен договор, Бугарија на Турција морала да и ја отстапи и Источна Румелија.

Македонија од секогаш со симпатии гледал кон ликот и делото на Ататурк. Од друга страна, тој го сакал Солун како свој роден град и Македонија како негова родна земја. Така, кога се решавало прашањето за Македонија, тој предлагал две можности: прво, Македонија да биде вклучена во Балканска федерација и Македонија да биде наполно независна република на Балканот.

На 22.06.1919 година Мустафа Кемал му се обратил на народот повикувајќи го на соработка за борба против непријателот, затоа што слободата и независноста биле неопходни. Пред Конгресот во Ерзурум се откажал од сите државни титули и офицерски чинови. На конгресите во Ерзурум на 23.07.1919 година и во Сивас на 04.09.1919 година била донесена одлука нацијата да се бори и да се брани од окупаторот.

На 23.04.1920 година, во Анкара започнало со работа Големото Народно собрание, каде на чело за претседател бил избран Мустафа Кемал. Во меѓувреме Мустафа им нанел огромни загуби на грчката војска во дваесет и две деноноќната битка кај Сакарија, при што успеале да победат. По оваа битка тој се здобил со титулата Гази што значи воен херој - победник. По таа битка Мустафа влегол во Измир, а по возвратот

---

[80] А, Ю, Петросян, Младотурецкое движение (вторая половина XIX - начало XX век), Издательство наука, Москва 1971, 315-316.

на повторниот грчки напад од 26.08.1922 година, грчката војска била уништена, а самата битка значело напуштање на грчката армија од Мала Азија. Но најважно е што сето ова значело засекогаш напуштање на Грците од Мала Азија. Со потпишувањето на договорот во Мудања на 12.10.1922 година, се завршила војната. Со потпишувањето на договорот во Лозана на 24.07.1923 година, турската нација се здобила со независност и слобода.

**На 29.10.1923 година, на чело на новоформираната Република, застанал Мустафа Кемал, останувајќи на таа функција цели петнаесет години. На таа функција бил воден од мотото „Безусловно, неограничено суверенитетот и припаѓа на нацијата". Се разбира една од неговите најпознати реченици по која и се водил во неговото управување во земјата и неговиот став кон меѓународната политика е мотото „мир во земјата, мир во светот".**

Мустафа Кемал Ататурк живеел во бурни времиња на војни, востанија и револуции, во кој исчезнува и веќе не постои повеќевековната и многунационалната Османлиска империја која се наоѓала на огромните азиски, европски и африкански простори, а се создала република како национална држава на турскиот народ во неговите етнички граници. Тоа претставува епохална историска промена која ја предодредила подоцнежната судбина и на десетици други народи, меѓу кои и македонскиот народ. Тој бил исклучително динамична и творечка личност, и оставил свој печат во многу од настаните кои се случувале во тој временски период. На почетокот во настаните на Младотурската револуција (1908-1909 година) во оваа национално-ослободителна револуција скромно, но во завршната етапа, помеѓу 1919 и 1938 година Ататурк ја земал улогата на неприкосновен предводник.

За време на неговиот претседателски мандат Кемал Ататурк остварил економски, политички, културни и социјални реформи во државата. Тој успеал старата Отоманска Империја да ја трансформира во современа демократска и секуларна држава. Сите промени што ги

извршил Ататурк и неговите идеали се наречени со еден заеднички термин - кемализам.

Славејќи ја извонредната личност на Ататурк, по неговата смрт сите весници во Турција биле едногласни во своите заклучоци. Така во еден весник е запишано: ***„Во турската историја имаше големи луѓе, но Ататурк кој е еден меѓу нив - со најмали можности создаде најголемо дело. Ататурк се појави во деновите на најсвирепите и најнеправедните обвиненија во историјата. Тој ја прокламирање невиноста на турскиот народ и го запозна светот со неговата праведна борба."***

Прилог карта бр. 1 - Турција во периодот од 1792 до 1918 година




***Турција во периодот од 1792 до 1918 година***

Прилог карта бр. 2 - Балканските војни 1912-1913 година




***Балканските војни 1912-1913 година***


ТУРЦИЯ
ОБЗОРНАЯ КАРТА
80 0 80 160 км
ЧЕРНОЕ МОРЕ
СРЕДИЗЕМНОЕ МОРЕ
МРАМОРНОЕ МОРЕ
ГРЕЦИЯ
БОЛГАРИЯ
ИРАК
СИРИЯ
ИРАН
СТАМБУЛ
АНКАРА
Измир
Бурса
Эскишехир
Конья
Кайсери
Сивас
Самсун
Трабзон
Эрзурум
Малатья
Диярбакыр
Адана
Мерсин
Искендерун
Газиантеп
Урфа
Ван
Карс
Ереван
Батуми
о.Кипр
Никозия
о.Крит
о.Родос
Государственные границы
Столицы государств
Столицы союзных республик СССР
Города с населением:
АНКАРА более 600 тыс. жителей
Кайсери от 100 до 600 тыс. жителей
Мерсин от 50 до 100 тыс. жителей
Антакья менее 50 тыс. жителей
Железные дороги
Главные безрельсовые дороги
Аэропорты
Морские порты
3931 • Отметки высот в метрах
Солончаки
Болота
АДМИНИСТРАТИВНОЕ ДЕЛЕНИЕ
150 0 150 км

# Користена литература


1. Atillasoy, Yüksel „Atatürk: First President and Founder of the Turkish Republic". Woodside, New York, 2002.
2. Армстронг Харолд, Сивиот волк - Мустафа Кемал, Мисла, Скопје 1994.
3. Битола и Кемал Ататурк, Битола 1998.
4. Göksel, Burhan, Atatürk'ün soykütüğü üzerine bir çalişma / Burhan Göksel, Ankara : Kültür bakanliği, 1995.
5. Јелавич Барбара, Историја на Балканот - дваесетти век, том II, Нип лист, Скопје 1999.
6. Каја, Фахри, Ататурковиот пат до Чанкаја поминува низ Битола, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002.
7. Korkmaz Zeynep, Atatürk ve Türk dili Belgeler/yayina hazirlayan Zeynep Korkmaz, Ankara: Atatürk kültür, dil ve tarih yüksek kurumu, Türk dil kurumu, 1992.
8. Kocatürk, Utkan, Atatürk / Utkan Kocatürk ; [kapak Ismet Ramiçeviç], Üsküp: Birlik, Nova Makedonija, 1994.
9. Киселиновски Стојан, Грчката колонизација во Егејска Македонија (1913-1940), Скопје 1981.
10. Колингвуд Р. Џ., Идејата за историјата, Култура, Скопје 1997.
11. Кочо Димче, Археолошка карта на Република Македонија, МАНУ, Скопје 1996.
12. Лакер В., Историја Европе (1945-1992), Beograd 1999.
13. Михаилова Бошнаковска, Гордана, Газија - во спомен на Мустафа Кемал Паша Ататурк, Современост 2004.

14. Настава по модерната историја на Југоисточна Европа - алтернативни наставни материјали, Историска читанка 2 - Нациите и државите во Југоисточна Европа, Фондација Институт отворено општество Македонија - Скопје и Центар за демократија и помирување во Југоисточна Европа Ђ Солун, Скопје 2007.

15. Новичев, А. Д., Турция, Краткая история, Издательство наука, Москва 1965.

16. Önder, Mehmet, Atatürk bildirileri / Mehmet Önder, Ankara : Kültür bakanliği, 1990.

17. Пандевски Манол, Мустафа Кемал Ататурк и Македонија од македонско-турските односи - Прилози, Скопје 1991.

18. Петросян, Ю, А, Младотурецкое движение (вторая половина XIX - начало XX век), Издательство наука, Москва 1971.

19. Пешевска, Маргарита, Турција од Првата светска војна до денес, Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995.

20. Прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Пегагошки завод на Македонија, Скопје 1995.

21. Салих, Емин, Ататурковата борба за афирмација на националната свест и интереси и некои карактеристики од развојот на односите и соработка меѓу Р. Македонија и Р. Турција, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002.

22. Спомен соба на Гази Мустафа Кемал Ататурк, Музеј Битола. Завод, Музеј и Галерија - Битола, Киро Дандоро - Битола.

23. Талевски, Никола, Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: "Мир во земјата - мир во светот", Публикација: Македонско-турските односи и врски во

светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002.

24. Туфан, Музафер, Јахја Кемал Бејатли и Мустафа Кемал Ататурк, Современост 1998.

25. Feroz, Ahmad, “The making of Modern Turkey”, London 1993.

26. Хамза, Јусуф, Великаните вечно живеат: по повод одбележувањето на 115-годишнината од раѓањето на Мустафа Кемал Ататурк, Современост, Скопје 1996.

27. Хамза, Јусуф, Односот на Младотуската партија “Единство и напредок” спрема македонското национално-ослободително движење во развојните фази на Младотурската револуција, Докторска дисертација, Филозофско-историски факултет-Скопје, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Скопје јуни 1989.

28. Хамзаоглу, Јусуф, Балканската политика на Ататурк, Публикација: Македонско-турските односи и врски во светлината на Ататурковата порака: ”Мир во земјата - мир во светот”, Здружение за македонско-турско пријателство, Зборник на трудови поднесени на Меѓународниот научен симпозиум, одржан на 18 и 19 октомври 2002, Битола 2002.

29. Hekim M., Emin, The father of modern Turkey – Mustafa Kemal Ataturk, 2-nd edition, Ministry of culture, Icel Haber Ajansi-Tarsus, Ankara 1998.

30. Хобсбаум Е., Доба на крајности - кратка историја на 20-иот век (1914-1991), кн.1-3, Темплум, Скопје 2001.

31. Šamić M., Kako nastaje naućno djelo, Sarajevo 1988.

32. Шахинлер, Ментер, Корените, влијанието и актуелноста на ататуркизмот (превод од турски Илахами Емин), Чалакли, 1999.

**Списанија:**

1. Списание „Гласник”, Институт за национална историја, Скопје.

2. Списание „Историја”, Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје.

3. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје.

**Интернет страни:**

1. http://wikipedia.org
2. http://www.time.mk/story_bf8bfd91a3_article_33f643a330.html
3. http://en.turkeyforfriends.com/forum/54-155-1
4. http://www.doluyuz.com/news.php?readmore=146
5. http://www.turkeyinmaps.com/